# *С О Д Р Ж И Н А:*

*Страна*

| | |
|---|---|
| ***ВОВЕД*** | *1* |
| ***1. ОПШТО ЗА БЕЗБЕДНОСТА*** | *4* |
| *1.1. Поим за бебзбедност* | *4* |
| *1.2. Видови на безбедност* | *8* |
| *1.2.1 Глобална и локална безбедност* | *8* |
| *1.2.2. Општа и посебна безбедност* | *11* |
| *1.2.3. Индивидуална и колективна безбедност* | *12* |
| *1.2.4. Национална и меѓународна безбедност* | *13* |
| *1.2.5. Чинители на безбедноста* | *14* |
| ***2. ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ НА ОПШТЕСТВОТО*** | *16* |
| ***3. ИЗВОРИ НА ЗАГРОЗУВАЊЕ*** | *20* |
| *3.1. Општо за загрозувањето* | *20* |
| *3.1.1. Извори на загрозување* | *21* |
| ***3.2. ТЕРОРИЗАМ*** | *28* |
| *3.2.1. Терор и тероризам-поим* | *28* |
| *3.2.2. Извори на тероризмот* | *33* |
| *3.2.3. Носители на тероризмот* | *38* |
| *3.2.4. Услови за тероризам* | *46* |
| *3.2.5. Извршители на теророт-терористичките акции* | *50* |
| *3.2.6. Цели на тероризмот* | *52* |
| *3.2.7. Терористички мети* | *55* |
| *3.2.8. Терористички методи* | *61* |
| *3.2.9. Терористички средства* | *63* |
| *3.2.10. Технологија на делување* | *64* |
| *3.2.11. Основни карактеристики-(одбележја) на тероризмот* | *68* |
| *3.2.12. Видови на тероризам* | *70* |
| *3.2.13. Меѓународен тероризам* | |
| *3.2.14. Државен тероризам* | |
| *3.2.15. Терористички акции* | |

***4. ОРГАНИЗАЦИСКО ФОРМАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА АНТИТЕРОРИСТИЧКИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*** *97*

***5. ИСКУСТВА ОД АНТИТЕРОРИСТИЧКИТЕ ДЕЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*** *102*

*5.1. Хронологија на позначајните настани* *104*
*5.2. Правен третман на сторените дејствија и терористичките активности* *136*
*5.3. Искуства од антитерористичките дејства на безбедносните и одбранбените сили на Република Македонија* *158*

***6. ДИСКУСИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ*** *163*

***7. ЛИТЕРАТУРА*** *182*

# *В О В Е Д*

# ВОВЕД

Денес луѓето, најмногу од секогаш настојуваат да обезбедат што поцелосни права и слободи , демократски односи и услови за целосна сигурност. Секој народ посакува да живее, создава и развива во слобода, мир и сигурност, што повеќето народи и го остварија, а некои на жалост, за тоа сеуште се борат. Во таа борба некои од нив се придружија кон правилата кои ги утврдува меѓународната заеднца, некои делуваат независно, а некои спротивно од нив, така што постојат многу народи кои не се задоволни од моменталната состојба и постојано сакаат да ја променат: едни со намера да биде подобро, праведно, демократски , а други спротивно од нив настојуваат да остварат некои свои идеи, сепаратистички права и интереси, за да би имале можност постојано да владеат и освојуваат. Покрај тоа во светот постојат и огромни социјални разлики така што еден дел од луѓето живеаат во материјална благосостојба , а друг поголем дел во светот во голем број едвам се одржуваат во животот, така што милјони луѓе умираат од глад, жед, болести и немаштија. Во светот на жалост сеуште постојат длабоки разлики и поделби, спротивности и недоразбирања, поради што светот е немирен, полн со разни форми на притисоци и судири и опасности меѓу кои се појавува и тероризмот како светско зло и кошмар на современиот свет. Тој преставува "логична" последица на сите спротивности, недоразбирања и проблеми а воедно и голема закана за светот. На тероризмот од една страна треба да му се спротивставиме и да го елиминираме како негативна

појава, а од друга страна истовремено да ги третираме и решаваме (надминуваме) причините за неговота појава. Само така можат да се избегнат жртви и други последици кои тој може да ги предизвика, а воедно го нарушува мирот, безбедноста и оневозможува слободата на луѓето, со еден збор ја гуши демократијата во современиот свет. Тероризмот наметнува несигурност, страв и неизвесност кај секој поединец, семејство, заедница па и во светот во целост, посебно кај оние против кој е насочен, но и кај и оние кои со намерите и целите на продуцентите на тероризмот немаат никаква врска. Бидејќи безбедноста е основен услов на слободата, демократијата, економскиот и социјалниот развој и човековите права од тоа произлегува генерален апел према сите луѓе за осуетување, организирање и борба против тероризмот. Република Македонија во нејзиното блиско минато па и сега минува низ голем број искушенија и закани по нејзината стабилност, мир и развојот на демократијата, во момент кога и е потребен мир стабилност и добра организација да би можела слободно демократски да се развива и обезбеди сигурен услов за живот на своите грѓани. Но бидејки Република Македонија е опкружена со земји со мегаломански разно разни апетити, постојано треба да е подготвена, да очекува, и да се соочува со терористички и друг вид меѓународни притисоци и влијанија кои треба благовремено да ги открие и елиминира, а со тоа овозможи и непречен развој на сопствената демократија и сите нејзини придобивки.

Овој труд претставува обид да се согледаат и анализираат постоечките и евентуалните терористички закани за Република Македонија и врз основа на тој аналитички фонд да се моделира организациско-формациската структура на антитерористичките сили на Република Македонија како субсистемска компонента на

одбранбено заштитниот и безбедносниот систем на Република Македонија.

Анализата, покрај постоечките закани по безбедноста на Република Македонија поаѓа и од можностите. постоечките организациско-формациски структури наменети за борба против тероризмот, искуствата од антитеористичките[1] дејства во изминатиот период а како крајна цел на трудот се наметнува потребата од моделирање на организациско-формациската поставеност на антитерористичките сили во Република Македонија.

[1] Во достапната литература можат да се најдат различни пристапи во однос на категориите антитероризам и контратероризам што наметнува појмовно категоријална конфузија. Неретко, овие категории се синомизираат што според Котовчевски,М., е целосно несоодветно. Имено според Котовчевски,М., (види пошироко: Национална безбедност на Р. Македонија, Втор дел, Македонска Цивилизација, Скопје, 2000, стр.118.) под ***антитероризам*** се подразбира активност за превземање на одбранбени мерки со цел да се постигне редуцирање на ранливоста на поединци и имототот од терористички акти а под ***контратероризам*** се подразбира примена на офанзивни мерки превземени со цел да ги попречат, одвратат и да одговорат на сите терористички закани, што се чини е најсоодветен пристап.

Сепак , во формулирањето на проблемот се определивме за категоријата ***антитероризам*** бидејќи таа е одомаќена во стручната литература и масмедиумите а едновремено со цел да се избегнат замките и конфузијата во стручната литература. Оттаму, во овој труд ***антитероризмот*** се третира како поширока категорија од ***контратероризмот*** а целта е изразена со потребата од ситуирање на контратерористичките сили во одбранбено-заштитиниот систем на Република Македонија.

# 1. ОПШТО ЗА БЕЗБЕДНОСТА

# *1. ОПШТО ЗА БЕЗБЕДНОСТА*

## *1.1. ПОИМ ЗА БЕЗБЕДНОСТ*

Безбедноста е еден од основните услови за нормален развој и живот воопшто на секое живо суштество, поединечно и колективно, така што претставува предуслов за одржување и функција на секоја заедница. Степенот на безбедност преставува сигурност, кој пред се подразбира адекватни конститутивни и конструктивни особини за заштитна и одбрамбена способност на индивидуата или колективитетот. Поради тоа ниедно живо суштество поединечно и во заедница без присуство на реална безбедност не би можело да се одржи во живот, па затоа треба да се обезбедат адекватни услови за негова поставеност и функционирање. Животот како посебен облик на егзистенција и постоење е изложен на многу искушенија, ризици и опасности кои преставуваат одредена загрозеност, така што секој субјект или задница кој ќе успее да ги избегне, елиминира и се спаси од сите тие загрозувања тоа значи дека успеала да воспостави потребен степен на сигурност кој гарантира одреден живот и сигурен континуитет во неговото постоење и функција. Тоа се однесува на човекот и сите негови заедници, од семејство до држава и сите облици на меѓународно организирање. Степенот на постигнатата безбедност во животот и животните услови (природни и биолошки) претставува природна законитост и вродена желба за опстанок на секој човек , заедница и држава која желба се проширува на сигурноста во функционирањето на општествените и политичките услови, односно на темелните животни вредности и интереси како што се мирот

слободата, економскиот и социјалниот развој, независноста и територијалниот интегритет.

Во современиот свет безбедноста претставува интерес и се поважно прашање како предмет на човечкото ангажирање, поради што доаѓа до промена во сверата на ангажирањата кои водат во два правци:

а) Во правец на условите, видот и проширувањето на загрозеноста и

б) во правец на степенот на зголемување и обемот на загрозувањето.

Загрозеноста која најчесто е предизвикана со дејствување на самите луѓе станува се поголема и поприма глобални размери со што го доведува во прашање постоењето на човештвото и многу видови на биолошки и животински свет. Таа загрозеност го претвара светот и целата човечка заедница во објект на напад и загрозеност што значи дека целата човечка заедница ќе мора да пројави интерес и разбирање, единствено и заеднички да се насочи во откривањето и елиминирање на глобалните извори на загрозеност и создавање на услови за глобална безбедност.

Под поимот ***глобално загрозување*** се подразбира загрозување во целост или на поголем дел од вкупната популација и материјалните вредности односно истовремено загрозување на секој поединец. Поради тоа се наметнува прашањето: како да се надмине опасноста од загрозеност, кое ја наметнува потребата што подразбира дека безбедноста треба да постане предмет на интерес на секој поединец. Поради тоа секој поединец по сопствена волја и интерес, а не по наредба поаѓајќи од личните и глобалните интереси, со своите

залагања не себично да придонесува во откривање и елиминирање на глобалните опасности.[2]

Зборот безбедност потекнува од латинскиот збор ***(securitas, - atis, f,)*** што во целост значи безбедност (односно **securus, *lat*.=** ***сигурен, безгрижен, верен, неуштрашив, силен, уверен.)***

Тој служи како основа за изразување на сигурност и во многу други јазици посебно во романските јазици: **(*securite,f.)*** во францускиот; ***sicurezza, f,= (siguro- сигурен, сигурно, siguramente- сигурно)*** во италијанскиот; ***security (secure-сигурен; осигуран)*** *во англискиот* ***siguri- сигурно,*** *во албанскиот* исто така.

Поимот безбедност може да се дефинира на повеќе начини но во секој случај под безбедност се подразбира одредена состојба во која секој може нормално да ги обавува своите функции.

Бидејки опасноста е многу присутна и претставува редовна закана наметнува неминовна потреба за пружање на отпор према изворите на загрозеност и изнаоѓање на мерки за спротиставување, нивна санација и одбрана од нив. Поради тоа ***безбедноста претставува степен на заштита и отпор на сите видови на загрозеност и опасност*** *или* ***безбедност е состојба во која не доаѓа до нарушување на нормалната состојба и покрај постоењето на разни опасности и извори на загрозеност.***

Безбедноста не е статитчка ниту пак има ист степен и квалитет, таа се менува спрема условите и квалитетот на човечките стандарди и остварувања. Колку се поголеми во смисла на човекови права и слободи, стандард на живеење и сл, тоа се всушност поголеми барања во поглед на безбедноста и обратно, падот на животниот стандард, намалувањето на човековите права и слободи, подразбира и

---

[2] Во таа смисла позната изрека на еколозите:***Мисли глобално, делувај локално !***, треба да се додаде: и во согласност со глобалните интереси. Значи: ***Мисли глобално делувај локално во согласност со глобалните интереси!***

намалување на степенот на безбедност. Од тоа може да произлезе заклучок дека: подеднаков степен и квалитет на безбедност на два човека и две држави не значи исто.

Од тоа произлегува: ***безбедноста претставува степен на сигурност во кој е можно нормално одвивање на сите природни и општествени, односно витални и развојни (вообичаени, достигнати) функции, одржување, па и развој на ново создадените - стекнати вредности и квалитети.***

Човекот како поединц и луѓето во целина живеат во свое природно опкружување во кое се и природно меѓусебно поврзани. Нивната судбина во голема мерка во тоа опкружување е онапред одредена, но се што тие работат се одразува на нивната природна средина, на Еко-системот и на земјата во целина.

Помеѓу луѓето и природата постои не раскинлива причинско - последична и повратна врска. Безбедноста како израз спаѓа во односите човек-природа што воедно е дел од таа врска.

Во таа смисла безбедноста може да се дефинира како состојба на целосна равнотежа помеѓу човекот и природата и неговите интер акции, кои не доведуваат до ***дерогирања*** (нагризување) на природата и квалитетот на животот и човековата заедница.

На земјата како еден минијатурен дел од планетарниот систем се што се догодува се догодува како судир на ***конструктивни*** и ***деструктивни*** сили. Безбедноста односно загрозувањата преставуваат израз на делувањата на тие сили на кои човекот може да делува. Во услови на нивната равнотежа се постигнува ниво на стабилност на природните и општествените услови, во кои се постигнува одреден степен на сигурност. Во случај на доминација на конструктивни сили се постигнува општ напредок па и унапредување

на степенот на сигурност и безбедност во кои и таа е поврзана. Во случај на влијание и доминација на деструктивните сили безбедноста во целост се намалува, така што луѓето во средината стануваат не сигурни и загрозени.

Поаѓајќи од таквото гледиште, може да се каже дека ***безбедноста е состојба на рамнотежа помеѓу конструктивните и деструктивните сили во кои не доаѓа до нарушување и деградација на еко-системот, и цивилизациските достигнувања на човечката заедница, на човекот и неговите придобивки и вредности, или тие(нарушувања и деградации) него надминуваат обемот на нивниот развој.***[3]

Од се погоре реченото произлегува дека под поимот ***безбедност*** се подразбира:

а) постоење на одреден (некој) степен на стварна и потенцијална загрозеност, која се состои од постојан,

[3] Односите и процесите во вселената се одвиваат независно од луѓето, нивната волја, желбите и интересите, но човекот ги мери и оценува токму спрема своите интереси. На мртвата природа и е сеедно што се случува во вселената или на планетата земја. Таа нема способност да ги осети и почуствува промените без разлика на тоа колку се радикални .. Затоа за неа прашањето за безбедноста не постои, а живиот свет го чуствува и доживува се она што се случува околу него и во него. Промените за него можат да бидат позитивни и негативни, можат да ја загрозат неговата сигурност и егзистенција, Оттаму за него прашањето на безбедноста е од животен карактер. Поради тоа механизмите за остварување на безбедноста се вродени во секој жив организам, програмирани со генетски код (природен имунитет, способен да се прилагоди, одбрамбено - заштитни делови на организмот...) За човекот прашањето за безбедноста се уште е од важен и сложен карактер. Човекот е (барем за досегашните сознанија) единствено мисловно, свесно, спознајно и разумно суштество, кое е свесно за своето опкружување и неговата улога во него, кое може да ги проценува своите постапки, да предвидува и проценува нивните последици. Човекот знае дека освен некакви вселенски катастрофи единствено тој може да го уништи целиот свет и себеси. Тоа значи дека тој самиот на себе ја држи судбината во свои раце како и иднината на останатиот жив свет со кој успеал да завладее. Човекот сигурно никогаш нема да биде во состојба да ги уништи сите облици на живот на земјината топка бидејќи животот е толку разноврсен и прилагодлив што значи дека практично е не уништив

однапред даден, (програмиран) дел и случаен променлив дел предизвикан под некои околности,

б) адекватна (соодветна) отпорност (имунитет) према изворите на загрозеност и опасноста која се состои од два дела; ***вродена*** и ***стекната*** заштитна функција и превенција.

в ) потребна способност и можност за совладување на веќе појавените изманифестирани опасности и загрозувања, кои исто така се состојат од вроден или стекнат дел (одбрамбена функција)

Кога е во прашање општествената заедница или држава не може да се зборува за вродени односно генетски особини, него за конструктивни својства или елементи на безбедност, односно она што произлегува од конституцијата на заедницата и нејзиниот квалитет.

## *1.2 . ВИДОВИ НА БЕЗБЕДНОСТ*

Безбедноста во зависност од нејзините одбележја и карактеристики може да се подели на два начина:

1) према обемот, (егзистенционален или просторен) безбедноста се дели на:

*а) īлобална*

*б) локална*

2) према содржината се дели на:

***а) оӣшѿа***

***б) ӣосебна***

3) према субјектите се дели на :

***а) индивидуална***

**б) *колекѿивна*** односно,

***а) национална***

***б) меѓународна***

### *1.2.1. ГЛОБАЛНА И ЛОКАЛНА БЕЗБЕДНОСТ*

Безбедноста секогаш е во тесна врска со сојстојбата и условите на некој простор, односно за некој природен или општествен организам (суштество и општество) на одреден простор.

Тоа може да биде пр. Локолна заедница, покраина, држава или заедница на држави, меѓународна или светска заедница (ООН), односно регион, континент, земја или вселена.

Поделбата на безбедноста према просторот подразбира дека се работи барем за два простора (локалитета), од кои еден е дел од другиот. Безбедноста на помалиот локалитет е локална а оној поголемиот во однос на помалиот е глобален. Безбедноста на државата претставува глобална во однос на безбедноста на нејзина покраина, градови и други населени места. Но безбедноста на држава во однос на заедници на држави или континенти е локална како што е локална безбедноста на континентот во однос на глобалната безбедност на земјата. Безбедноста на земјата е локална во однос на вселената (вселенска безбедност). Према тоа обемот на локалната и глобалната безбедност е релативен (она што е према нешто глобално , према друго е локално), во споредба со овие појмови секогаш е потребно да се нагласи (одреди) за кој обем - степен се работи, глобален или локален.

***Глобалната*** безбедност не мора да ги опфати сите аспекти или подрачја на безбедноста, но мора да ги опфати оние кои се егзистецијални, со кои се осигурува постоењето и опстанокот на глобалните суштества, односно општествената заедница на одреден простор.

Глобалната безбедност е тесно врзана за постоењето на глобалната загрозеност. Таа е онаа загрозеност која истовремено ги загрозува и глобалните суштества, односно глобалниот простор и секој негов дел. Ако е воспоставена глобална безбедност на некое глобално суштесво односно глобален простор, тоа значи дека постои ***егзистециона́лна*** безбедност за суштествата во целина (што незначи и за секој негов дел) во однос на познатата загрозеност од глобален карактер.

***Локалнаша*** безбедност се воспоставува во однос на загрозеноста од локален домет или обем, односно загрозеност која не може да го загрози глобалното битие. Ако на некој мал простор се појави извор на загрозување кој се заканува на цела држава или континент (пр. експлозијата на реакторот во нуклеарната термо централа во Чернобил), се работи за појава на локална загрозеност, која ја доведува во прашање глобалната сигурност (во случајот на Чернобил се работи за глобална безбедност на Европа).

Поаѓајќи од горе наведените дефиниции ***īлобалнаша безбедносш може да се дефинира како оūшша сосшојба и сшеūен на оūūорносш на īлобалношо биūие, ūросшорош и на сиūе неīови зашшишеносши од сиūе видови на заīрозување, а ūосебно заīрозувања и оūасносши од īлобален еīзисшенцијонален каракшер, кој īо осиīурува ūосшоењешо и нормалношо осшварување на сиūе живошни функции.***

Глобалната безбедност на светот подразбира степен на општа безбедност од која зависи, односно се осигурува (гарантира) постоењето на човековата заедница (човековото општество) и еко - системот.

Се додека опасностите се манифестираат во границите на глобалната безбедност (додека истата не е нарушена) може да се зборува за некаков степен на безбедност.

Кога се работи за нарушена (пробиена) глобална безбедност, настапува состојба на глобална или општа несигуност, односно загрозеност во глобални рамки.

## *1.2.2. ОПШТА И ПОСЕБНА БЕЗБЕДНОСТ*

Безбедноста во општо може да се третира како ***општа*** и ***посебна.***

Кога таа опфаќа општа состојба на безбедност во целина, односно на сите субјекти нивната структура и вредност, тогаш се работи за ***општа*** безбедност, а додека кога се однесува само на некое подрачје на делување или на дел од општествената/државната целина или на некоја од општествените вредности , тогаш е во прашање ***посебна***/гранска безбедност. Понатаму општата безбедност е безбедност на сите и на се во однос на целокупната загрозеност и опасност, која се заканува или може да се заканува, така да може да се зборува за општата сигурност/безбедност која се однесува на човекот, колективот, човековата заедница, државата, светот, земјата и вселената.

Општата безбедност не е само збир на сите бебзбедносни моменти во некоја средина, туку и поголем обем на безбедност, бидејќи опфаќа аспекти кои посебната безбедност не може да ги опфати.

Посебната безбедност, како дел од општата безбедност се јавува како политичка , економска, воена, сообраќајна, социјална, правна ... еколошка безбедност.

Во рамките на општата безбедност на човечката заедница може да се зборува и за безбедност од светски размери, светски владеечки систем, безбедност на растителниот и животинскиот свет односно еко-системот, меѓутоа и посебната безбедност има обележје на општа безбедност, односно таа всушност е општа безбедност во некое подрачје во општествениот живот, организација на работата и сл. Бидејќи ги опфака сите прашања и аспекти на безбедност на тоа

подрачје, може да се констатира дека односот помеѓу општата и посебната безбедност е ***релативен.***

### *1.2.3. ИНДИВИДУАЛНА И КОЛЕКТИВНА БЕЗБЕДНОСТ*

Секој човек како поединец, а и секое живо суштество чуствува потреба а и настојува да биде безбедно, нему како индивидуа му е потребна адекватна безбедност, како природно и општествено суштество, му е потребна адекватна безбедност. Секоја индивидуа како поединец настојува да оствари своја лична и ***индивидуална*** безбедност. Тоа мора да го обезбеди и секое претпријатие како субјект, секоја општина, организација и држава. Сите оние кога настапуваат поединечно во однос на други слични субјекти (субјекти од исто ниво) остваруваат индивидуална (лична, поединечна) безбедност.

Понатаму индивидуалната безбедност е онаа која поединечно и самостојно ја остварува секое живо суштество, посебно луѓето, правните субјекти (претпријатија и разни организации...) и државата.

Бидејќи постојат опасности/загрозувања од кои единката, поединецот, поединечните субјекти не се во состојба успешно сами да се одбранат, односно во случаите кога некои опасности загрозуваат повеќе единки, субјекти или држави, потребно е нивно заедничко дејствување за заштита и одбрана, односно остварување на соодветен степен на безбедност. Во овој случај станува збор за ***колективна*** безбедност.

Колективната безбедност не е потреба на луѓето и нивните заедници туку е потреба на сите живи суштества кои имаат заеднички непријател (носител на загрозувањето). Према тоа остварувањето на ***индивидуалната*** и ***колективната*** безбедност е нужност и природна

потреба на живите суштества, а посебно кај луѓето и нивните заедници е природно и не отуѓиво право.

### *1.2.4. НАЦИОНАЛНА И МЕЃУНАРОДНА БЕЗБЕДНОСТ*

Во поделбата на безбедноста на ***национална*** и ***меѓународна безбедност***, првата преставува посебен вид на индивидуална а другата посебен вид на колективна безбедност.

***Националната*** безбедност подразбира внатрешна и надворешна безбедност на државата, односно безбедност на државата во однос на внатрешните и надворешните фактори на загрозување. Во овој случај се работи за глобална безбедност која го осигурува опстанокот и нормалното функционирање на државата со сите достигнувања на нејзината независност, слобода, суверенитет и територијален интегритет па и уставниот поредок (вклучувајќи ги сите можности на нејзината демократска примена и развој).

***Меѓународната*** безбедност може да се третира (и остварува) како регионална ( со различен обем на регионалност) како и светска.

Во двата случаи се работи за глобална безбедност, во условите кои гарантираат мир, слобода, независност, целокупност и слободно функционирање на државата во согласност со целокупните достигнувања на човековата заедница ( во современи услови тоа значи во склад со повелбата на ООН).

Согласно на тоа се прават адекватни решенија со меѓународно организирање и адекватни системи на (меѓународна ) безбедност, која по правило се состои од заеднички и посебни (национални) компоненти.

### *1.2 .5. ЧИНИТЕЛИ НА БЕЗБЕДНОСТА*

Под чинители (фактори) на безбедноста се подразбираат појави и процеси кои позитивно или негативно делуваат на степенот на безбедноста. кои се јавуваат како ***општи*** и ***посебни.***

***Општи*** се ониe кои дејствуваат на степенот на безбедноста како општ феномен, односно на безбедноста на сите живи суштества и нивните заедници, а додека ***посебните*** фактори на безбедност се однесуваат на безбедност на поединични биолошки (растителни) заедници. Кога е во прашање човек односно човечко општество може да се зборува и за природни и општествени фактори на безбедност. Природните фактори се воглавном однапред одредени и на нив (бар сега) може малку да се влијае. Општествените фактори на безбедност произлегуваат од степенот на развиеност и квалитет на определена општествена заедница и човековото општество во целина.

***Како општи фактори на безбедноста*** се наметнуваат:

- општа способност на луѓето да преживеат,
- развиеност на сопствените одбранбено-заштитни способности,
- вистинска присуство на егзистенционалното загрозување.
- погодност на условите на околината (еко-систм) и животните потреби на луѓето.

Посебните фактори на безбедност треба да се согледуваат за секоја заедница посебно односно истовидни и истородни растенија и животни живеат на различни места и во различни природни услови и

човечки (општествени) околности, кои околности им наметнуваат посебни услови на безбедност. За нив најпресудено е човечкото присуство. Лугето ги менуваат условите во природната средина (сечење на шуми, мелиоризација на мочуришта, регулирање на водените текови, лов до истребување, загадување...) што често го доведуваат во прашање опстанакот на поедини видови на природните реткости во целина. Развиените растителни и животински видови во однос на таков вид на загрозување немоќни се и нивната судбина е во рацете на човекот и државата, во кои услови за безбедноста на луѓето важат исти фактори како и за останатиот свет, но за среќа луѓето не живеат како останатите живи суштества. Тие живеат и дејствуваат во организирани општествени заедници за кои важат посебни законитости и кои се уредуваат по сопствената желба на луѓето, регулирани во одредени меѓусебни односи. Во тие услови безбедноста добива нови димензии и на неа влијаат посебни фактори.

***Оūшūи факūори на безбедносū на секое оūшūесūво / држава*** се:

- општата состојба на општествената организација и неговата способност да опстане: општествени односи, материјални услови (богатство), култура, наука, образование ,информатика комуникациски и технолошки развиток, религија, здравствена состојба на нацијата, демографски својства...
- владеачка политика: внатрешна и надворешна,
- заштитна функција,
- одбранбена функција,
- услови во меѓународната заедница и положба во истата: политичка владеачка, военополитичка (воени, геополитички, геостратегиски, стратегиски...

# 2. ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ НА ОПШТЕСТВОТО

## *2. ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ НА ОПШТЕСТВОТО*

Надвор од човечкиот свет постојат само потреби и нагонско барање на можности за задоволување. Во услови на постоечка можност секогаш се одбира она што му е на организмот корисно, т.с. што повеќе му одговара за задоволување на природните потреби или што по сила на околностите се стекнати навики. Кај луѓето е многу поинаку. Тие и природните потреби ги прилагодуваат на општествените односно хуманите мерила, а со тоа развиле цел систем на општествени вредности и интереси.

Поимот на вредностите може да се третира со различни значења: како општи, цивилизациски, материјални,културни, морални, верски и сл.. ***Вредноста е релативна!***

Воопшто, под ***вредност подразбираме нешто на што некој му придава посебна важност или што за некого има посебна важност.***

Од таа појдовна позиција може да се работи за индивидуални, групни и општи вредности.

***Индивидуалните*** вредности се обликуваат и проценуваат на ниво на секој поединец, но најголем дел од тие вредности е условен и обликуван (створен како вредност) со искуството, навиките, обичаите и со желба на опкружувањето (семејството, заедница, национална заедница, држава и сл.). Поединецот во современи услови има релативно тесен простор за создавање на некои посебни, само нему својствени вредности, но тоа не можат да бидат индивидуални вредности, бидејќи индивидуалните вредности се оние кои поединецот ги доживува како свои сопствени. Према тоа, и групните и општите

вредности кој човекот ги прифаќа и доживува како свои, за него се и индивидуални.

***Групни*** вредности се оние кои се обликувани на ниво на групи односно кои групата ги прифатила и која ги доживува како свои. Во нив е содржан најголемиот дел на општи вредности, но и одредени вредности на својствената група. Тие вредности претставуваат синтеза, израз на индивидуалните вредности кои доминираат.

***Општи*** вредности се оние, кои како такви се прифатени од целото човештво,(општочовечки вредности) или од еден цел народ/држава (национални вредности). Тие со оглед на важноста и значењето се прифатени од најголем број на луѓе како нивни вредности. Но сето тоа не смее да се идеализира, бидејќи во светот е сеуште голем бројот на луѓе кои имаат и други вредносни определби и вредност, така да во пракса доаѓа до меѓусебен судир, бидејќи има разни луѓе (а и поедини народи) кои се борат за остварување и обезбедување на своите вредности односно на своите интереси. Вредностите на било која група можат да се третираат како:

***а) основни или темелни***

***б) посебни.***

***Основни или темелни*** вредности се оние кои како такви ја претставуваат претежно целата структура на човечкото општество, односно скоро сите народи и држави и нивните политички и општествени структури.

***Посебни*** се оние кои секоја структура (поединец, група, народ, држава...) ги создава и обликува по свои посебни мерила и критериуми во состав на своите посебни интереси. Ако тие вредности не ги

доведуваат во прашање вредностите на другите, тие ќе бидат ценети или почитувани и прифатени како вредност на другите.

Ако се работи за нешто што ги доведува во прашање туѓите интереси и вредности, ќе дојде до судир, нетрпеливост, непријателство и слично, односно кога се во прашање основни вредности, кои не се прифаќаат универзално (како вредности на сите и за секогаш), сепак може да дојде до судир (пр. ако некоја држава слободата, независноста и територијалниот интегритет ги држи како општа и основна вредност само кога е таа во прашање а не и останатите држави). Сите вредности но посебно основните вредности се цел и предмет на сигурноста-безбедноста. Основните вредности ги сочинуваат четири групи и тоа:

***1. човек (семејство, население)***

а) живот и здравје на луѓето

б) личната и општествената сигурност на човекот,

в) материјален и општествен статус на човекот

***2. основно придобивки:***

а) слободата, независноста и територијалниот интегритет на земјата,

б) човекови права и слободи,

в) мир и сигурност,

г) равноправност на луѓето народите и државите,

д) општите остварувања и достигнувања на човековата заедница (ООН)

ѓ) уставен поредок на земјата, односи, организација и институции,

е) културни и други придобивки.

***3 . матерјални вредности***

а) природни вредности,

б) создадени богатства,

в) лична сопственост

г) приватна, државна и јавна сопственост

д) општествени и јавни вредности.

***4. еко-систем***

а) вселенски простор

б) планета земја

в) копно , вода, воздух

г) растителен и животински свет.

# 3.ИЗВОРИ НА ЗАГРОЗУВАЊЕ

## *3. ИЗВОРИ НА ЗАГРОЗУВАЊЕ*

### *3.1. ОПШТО ЗА ЗАГРОЗУВАЊЕТО*

Загрозувањето како појава е врзано само за живиот свет, бидејќи само тој може да биде ***дегенериран*** или уништен бидејќи тој единствено чувствува и трпи загрозување.

Изворите на загрозување се дел од човековото опкружување. Тоа се: ***појави, материи, (предмети) и одредени живи суштества, кои со своето постоење ги загрозуваат луѓето, општествениот поредок, материјалните добра и еко-системот.***

Во објективниот свет само човекот свесно го доживува загрозувањето, односно опасноста која доаѓа од загрозувањето, а останатите суштества загрозувањето го доживуваат ***интуитивно*** или искуствено. Бидејки постојат многу и разновидни извори на загрозување (од подрачјето на живата и мртвата природа) кои можат да предизвикаат големи штети и жртви со помош на вселенската сила, единствено човекот е во состојба глобално да го загрози својот вид и живот на земјината топка.

***Како општи карактеристики на загрозувањето се потенцираат:***

*а) стална појава на нови извори и видови на загрозување,*

*б) зголемување на моќта на загрозување* (до средината на 20-от век човекот неможел да го уништи својот вид, ниту земјата, а сега тоа е можно),

*в) глобализација на загрозувањата односно стекнување на вистински услови во кои земјата и луѓето се доведуваат во состојба на реална глобална, егзистенционална опасност,*

*г) создавање на услови во кои војната веќе не е единствен ни основен извор на глобално загрозување,*

*д) менување на редоследот на скалата на загрозување.*

### *3.1.1. ИЗВОРИ НА ЗАГРОЗУВАЊЕ*

Изворите на загрозување можат да се поделат на повеќе начини:

1) *глобални и локални*
2) *внатрешни и надворешни,*
3) *национални и меѓународни,*
4) *примарни, секундарни и терцијални,*
5) *природни техничко-технолошки и социјални.*

***Глобални*** извори на загрозување се оние кои објектот на загрозување односно глобалното суштество (поединецот, индивидуата, заедницата, видот, државата и земјата) го загрозуваат тотално со закана за уништување или доуништување. Тие истовремено го загрозуваат глобалното суштество во целост и секој негов дел. Условите на глобалното загрозување всушност се оние, кои со загрозувањето му се заканува опасност до целосно уништување. Нивото - степенот на глобалното уништување зависи од видот на глобалното суштество кое е загрозено (индивидуално, колективно и

општо ниво) и неговата положба во однос на другите глобални суштества.[4]

Затоа, при употреба на поимите глобално суштество и глобално загрозување, кои се однесуваат на одредени замислени или стварни услови, постојано мора да се потенцира за кое суштество и за кое загрозување се работи.

Глобалните извори на загрозување се јавуваат како:

- примарни,
- секундарни,
- терцијални

***Примарни*** извори на загрозување се основни, појдовни односно тие се изворни за сите извори загрозување.

***Секундарни*** извори на загрозување се оние кој се јавуваат како последица на примарните извори на загрозување.

***Терцијални*** извори на загрозување се оние кои се јавуваат како последица на последицата.

Примарните глобални извори на загрозување можат да се поделат на три групи и тоа:

*а) оиштествени сиротивности,*

*б) човечки иостигнувања*

*в) ириродна сила*

---

[4] Ако државата се анализира во рамките на меѓународната заедница, таа е индивидуално глобално суштество, но ако се анализира како организам составен од различни субдржавни структури и како територијално политичка заедница на граѓани, тогаш е таа колективно глобално суштество.

Човечкото општество е оптоварено со големи спротивности и длабоки кризи кои сами по себе претставуваат глобална закана за човештвото. Тие спротивности и кризи не настанале по сопствена волја туку се резултат на објективни сили и процеси. Во тие процеси за нивното решавање човекот како поединец не е моќен, а не е моќна ни човековата заедница самата по себе, во која сето тоа се случува и која сето тоа го трпи се дотогаш додека не се постигне одреден степен општа и колективна свест, за вистинската опасност и неопходност, во заедничкото и единственото делување на нивното решавање, (додека сите страни не сватат дека во тој процес конечната судбина и крајните интереси се заеднички). Бидејќи од моментот на освестувањето до моментот на почетокот на свеста и организирањето на акција, насочена према единствената цел, потребно е одредено време, и многу е важно кога до такво освестување ќе дојде.

Таквото глобално загрозување може да биде во практична смисла на дело во својот најрадикален облик пред да човечкото општество биде спремно да му се спротистави.[5]

Светот денеска најповеќе од секогаш го потресуваат спротивности помеѓу богатите и сиромасите односно (20% од богатиот слој присвојува 80% од светскиот доход и обратно 80% од сиромашниот слој живее со 20% од светскиот доход), помеѓу развиените и неразвиените, (развојни спротивности), помеѓу различни класи и општествени слоеви (класни спротивности), помеѓу најадени и гладни/жедни (прехранбена криза, или криза за вода за пиење), здраствени спротивности и здравствена криза, верски, национални,

[5] Како илустрација би можело да се земе пример за појава на смртоносен вирус на грип. Луѓето постојано дежураат со цел да го регистрираат за да благовремено се превземат адекватни мерки за негово спречување и елиминирање. За таквата активност потребни се два дена антибиотикот да постане делотворен. Времето потрошено за подготовката и делувањето на лекот може да биде причина за уништување на милиони луѓе.

военополитички, технолошки, информациски, цивилизациски и други спротивности.

Темелните човечки научни достигнувања сами по себе не претставуваат опасности, но тие користени во светот како средство за решавање на спротивности и кризи, во кое и да било човечко општество, тие се користат како средство со разорна моќ, која може да ја уништи целата човечка заедница.

Се работи за достигнувањата во сверата на биологијата, генетиката, ботанаика, биохемија, хемија, физичка хемија, нуклеарна физика, астронаутика... врз основ на кој се создавале и создаваат застрашувачки биолошки, хемиски, нуклеарни и други оружја со уништувачка снага и моќ на најголемо глобално ниво.

Делувањето на природните сили од сите видови (судири на вселенски тела, земјотреси, полави, олуи, пожари, пробивање на земјината озонска обвивка...), дострелот, нивото и интензитет во вселената е нормална работа. Тоа е облик на разрешување на спротиставностите во природата и во вселената.

Меѓутоа тоа делување изразено во своите екстремни облици и насочено према земјата, за човековата задница може да биде фатално, а во поблага форма во која досега често се јавува тоа е катастрофално.

Последиците на глобалното загрозување дејствуваат како нови, секундарни извори на загрозување а нивните последици како (трета генерација) на извори на загрозување. И едните и другите се јавуваат како широко распространета сиромаштија, глад, жед,ненахранетост, болест, слабо здравје, судири, војни, ***тероризам***, протерувања, разорувања, закани, хегемонија, трка во наоружување и слично.

Последицата од сето ова е смрт за 10 милијони луѓе годишно.

Локални извори на загрозување се сите оние, кој немаат глобални размри односно оние кои немаат глобален резултат и кој

неможат да ја донесат во прашање глобалната сигурност. Кога се зборува за нив треба секогаш да се каже за колкав степен на загрозеност се работи бидејќи она што за државата е локално за поединец- индивидуа може да биде од глобално значење.

Дали е некој извор на загрозување од локален или глобален карактер не зависи од видот туку од големината и дометот на загрозување. Се работи само за тоа што некои извори на загрозување не можат никогаш да достигнат општ глобален дострел (не можат да го загрозат опстанокот на човекот, планетата земја и сл.), па постојано се на некое ниво на локален карактер.

Со оглед на тоа каде изворите на загрозување настануваат, каде се појавуваат и од каде делуваат може да се поделат на ***надворешни*** и ***внатрешни.***

***Внатрешни*** се оние кои се создаваат и делуваат внатре во објектот (предметот) на загрозување (пр. во самиот човек, во претпријатието, во државата ). А додека ***надворешни*** се оние кои настануваат надвор од објектот на загрозување и од таму го загрозуваат. Ако како предмет на загрозување се земе државата, тогаш како внатрешен извор на загрозување се појавуваат сите извори на загрозување кои во државата се создаваат и во неа делуваат и од внатре ја загрозуваат.

Тие се:

1. *објективни внатрешни спротивности, противречности и разидувања,*
2. *непријателски сили и интереси, тероризам... и вооружени побуни...,*

3. *асоцијално, криминални и слични сосшави, иншереси, џојави и однесувања,*
4. *ойшшесшвена неорганизираносш, недийломашско однесување и сл,*
5. *йожари и експлозии,*
6. *несреќи и незгоди (на рабоша,во прометот,во сшаноѿ на одмор и др.*
7. *шехнолошки незгоди и кашасшрофи,*
8. *уйошреба на неусовршени шехничко-шехнолошки решенија и производи,*
9. *ейидемија и разни масовни цивилизациски заболувања (инфаркши, сида, колераи др)*
10. *зависносши (наркоманија и алкохолизам)*
11. *йриродни (елеменшарни) незгоди (несреќи и кашасшрофи).*

Како надворешни извори на загрозување на државата можат да се јават сите регистрирани како глобални загрозувачи без разлика дали дејствуваат со радикална или намалени односно делимична снага. Во современите услови како најмногубројни извори на загрозување се јавуваат: вооружените закани, дипломатските притисоци и исцрпувања, агресии и ***меѓународниош шероризам.***

Под *национални* извори на загрозување се подразбираат оние извори на национално-државна основа, а под *меѓународни* извори на загрозување се оние кои делуваат на ниво на меѓународна заедница и во нејзините рамки. Посебно е важно дека националните извори на загрозеност не дејствуваат надвор од својата држава односно не се насочени против други држави но и покрај тоа на посреден начин

може да им сметаат со такво однесување. Меѓународните извори на загрозување дејствуваат во меѓународната заедница односно на меѓународен терен кои во скоро сите случаи негативно се одразуваат на меѓународните односи на многу држави. Често пати се директно насочени против конкретна држава.

Доколку безбедноста се третира од национален аспект, согласно нејзината интегралност, изворите и облиците на загрозување на националната безбедност можат најсоодветно да се согледаат од подолу претставената шема:




*Шема бр.1. Облици на загрозување на националната безбедност*[6]

---

[6] *Котовчевски,М.*, НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ВТОР ДЕЛ, Македонска цивилизација,Скопје, стр.20

## *3.2. ТЕРОРИЗАМ*

## *3.2. Т Е Р О Р И З А М*

### *3.2.1. ТЕРОР И ТЕРОРИЗАМ - ПОИМ*

***Тероризмот*** преставува еден од најголемите безбедносни проблеми на современиот свет. Во многу случаи тој се применува и како средство и метода за остварување на своите цели и интереси, кој најчесто го прифаќаат на најразлични начини пред се како политика, во некои групи, организации, некогаш во некои држави водејќи се од геслото: *целта ги оправдува средствата!*

Тероризмот како појава нема граници на делување, па може да се појави на секој дел на планетата земја па и пошироко ако за тоа постои интерес од одредени сили и структури. Затоа тој преставува предизвик со посебен интерес за целиот свет, а не само на некои земји и затоа против него треба да се насочи целокупната заедница како против светско зло.

Терор е збор кој потекнува од латинско потекло и зборот terror,terroris,лат.=*страв: terreur*,фр.=сеење на страв). Тоа претставува состојба на страв и ужас али воедно и постапката преку која тој страв и ужас се предизвикува. Поради тоа може да се рече дека *терор* е насилство насочено за предизвикување на страв, начин, форма и метода за кршење на отпорот заради остварување на одредени првенствено политички цели. Под тој поим уште се подразбира систематска примена на *насилство* или *систем на насилно владеење.*[7]

Примената на насилство има историски карактер уште од времето кога настанал поединецот односно групата со примена на

---

[7] Во речникот на страни зборови на Братољуб Клаиќ (МХ Загреб, 1986,стр.1345) стои терор: (задавање на страв, предизвикување на страв и трепет, ужас, језа, примена на насилство се додека не го уништиш противникот; односно стравовладеење).

сила односно тероризирање на другиот со цел да му го одземат стекнатото. Со ваквата појава се служеле многу владетели и владеечки групи како и многу од нив кои сакале да ја одземат власта на другите.

***Тероризмот*** за прв пат како политички поим се појавува во Француската револуција во 1789 година означувајќи ја постапката на диктатурата на јакобистите па и самата диктатура како облик на нивното владеење.

Теророт во пракса се појавува како:

а) револуционерен и контрареволуционерен (спротивно револуционерни).

б) црвен и бел терор[8]

в) анархистички, фашистички, комунистички, верски и сл.

***Револуционерниот*** односно ***црвениот*** терор во зависност од целта и политиката му се препишува позитивен призвук и ако е тоа не оправдано, бидејќи теророт сам по себе без разлика на мотивите, целите и носителите нема ништо позитивно, нити пак може да се прифати како средство за остварување на било каква цел.

Од тоа произлегува дека ни едно вистинско, напредно и демократско движење нема да го прифати, како средсво за остварување на било каква цел, нити како метод на сопствено дејствување.

Кога теророт почнал да се применува во пракса во одредени политички, параполитички и државни снаги како осмислено составно дејствување за остварување на нивните (најчесто) политички и

[8] **бел терор** - систем на прогонување што го применувале контрареволуционерните снаги против напредните елементи ; **црвен терор** -претставува мерки на отпорот што ги превземаат напредните елементи против контрареволуционерните сили ИСТО

пропагандни интереси и цели се појавува тероризмот. Таа појава се врзува за шеесетите години од овој век.

***Тероризмот*** може да се дефинира на повеќе начини, но некоја конечна или општо прифатлива дефиниција нема. Но без разлика она што е заедничко во сите дефеницији е дека основа на тероризмот е примена на терор, односно насилство. Во некоја литература тероризмот е дефиниран како вршење терор, владеење со застрашувчки методи, тиранија, уништување на противникот со нај брутални средста (протерувања, угнетување ,свирепи убиства).[9]

Од моментот на појавата на тероризмот па се до сега толку е осмислен и теоретски обликуван така што е формулирана соодветна доктрина со многу правила, постапки и стекнати искуства, така што може да се зборува за тероризмот како доктрина за насилно дејствување, и за тероризмот во пракса како составен дел на насилствата во борбата за постигнување на одредени (политички) цели.

Ако тероризмот се посматра како дел од системот со различни методи на дејствување на одредени општествени групи и организации, би можело да се дефинира на следниот начин:

*Тероризмот е систем на методи за насилно дејствување така насочени за постигнување најчесто, (политички) цали.*

Некои автори тероризмот го третираат исклучиво како средство за дејствување на неборбени цели, па оттаму може да се изведе следната дефиниција :

***Поимот тероризам значи смислено политички мотивирано насилство насочено против не борбени цели од страна на***

[9] Речник на странски зборови – Братољуб Клаиќ.

***субнационални групи или тајни агенти најчесто со намера да се влијае на јавноста .***[10] или

***Тероризмот е примена или закана дека ќе се примени насилство со цел да се постигнат политички промени односно како насилство насочено кон обичните посматрачи бидејќи стравот е намерен ефект а не случаен резултат на тероризмот,***[11] или според Walter Lagueur :

***Тероризмот е незаконска примена на насилство за постигнување на политички цели при што страдаат невини луѓе*** или според James M. Poland :

***Тероризмот е смислено намерно убивање, осакатување и закани над невини луѓе за предизвикување на страв и заплашување за да се постигне политичка или тактичка предност и влијание над јавноста*** или според тогашниот вице-председател на САД Task Force (1986 гидина): ***Тероризмот е не законска примена на насилство или закана над населението насочена према луѓе или материјални добра за промовирање на политика или социјални цели Тој е обично насочен на застрашување или присилување на владата, поединци или групи за промена на однесувањето или политиката.***

Додека пак според актуелната дефиниција на Федералното истражно биро на САД (ФБИ), тероризмот претставува: "***незаконска употреба на сила и насилство против лица и објекти со цел да се заплашат, или да се принуди владата, населението или било кој***

---

[10] Дефиниција United States Code, Section 2656f/d, Patterns of Global Terorism 1994, стр.VI

[11] Jenkins Brain, Меѓународна политика бр.1046, стр. 39. и дефиниција симната од Интернет 10.02.1997 год

***сегмент на општеството во остварувањето на своите крајни политички и општествени цели".***[12]

Од сето предходно кажано за тероризмот како комплексна појава за која не постои една општо прифатена дефиниција се наметнува следнава констатација:

***Тероризмот претставува однапред смислена, планирана, внимателно подготвувана, тајно организирана и спроведена насилничка дејност од (во главном илегални но на јавноста познати) организации или групи насочени на недемократски, насилно остварување на јавно промовираните политички и други цели, а водена под мотото "целта ги оправдува средствата".***

Некои автори, тероризмот го третираат исклучиво како насилство насочено против цивилното население, објекти и цивилната власт. Таквиот третман не е исправен бидејќи примената на сила во демократскиот свет не е дозволен према никого: ни према војните ни према цивилните - полициските структури.

Но според достапната литература што се однесува на тероризмот, општата побуна (протест) против диктатурата, борбата за национално ослободување, ослободување од окупатор и сл. не смее да се меша со тероризмот. Во овој случај силата односно против-насилството се употребува како ( нужно зло), и најчесто како едно успешно средство против наметнатото насилство. Меѓутоа ни во овие случаи не смее да се дозволат акции во кои претежно страда цивилното население, односно однесување спротивно од

[12] цитиирано според *Котовчевски,М.*, НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ВТОР ДЕЛ, Македонска цивилизација,Скопје, стр.41

меѓународните конвенции и воеnото право, постапката со цивилното население , заробени непријателски војници, ранети и постапка со цивилни објекти, *што значи дека услови во кои тероризмот би бил дозволен и оправдан непостојат односно нема!.* Сето тоа на одреден начин може да се види од погоре посочената констатација што во овој труд и ќе ја користиме како дефиниција за тероризмот.

### *3.2.2 . ИЗВОРИ НА ТЕРОРИЗМОТ*

**О**сновните предиспозиции и извори за појава на тероризмот се натрупаните општествени (дипломатски, етнички, класни верски политички и др.) сротивности, несакани општествени услови , кои некој сака по секоја цена да ги промени или воспостави услови за остварување на неостварените амбиции на одредени општествени групи.

Во овој контекст како предиспозиции и извори за појава на тероризмот посебно се посочуваат:

1. *економските и социјални разлики внатре во државите и во рамките на меѓународната заедница,*
2. *национална не изживеаност односно екстремниот национализам и шовинизам,*
3. *национална потчинетост - недостаток на слобода, и нерешени етнички проблеми,*
4. *колонијална и неоколонијална зависност, нерешени погранични прашања, решенија во поглед на стастусот и државни решенија околу припадноста на некои подрачја,*

*5. верска застранетост- фундаментализам,*

*6. желба за власт, - неоствареност на политички амбиции,*

*7.желба за експанзија и хегемонија (национална, територијална, економска, социјална , верска и културна доминација).*

*8. постоење и интереси на структури за крупен национален и меѓународен криминал (производство и продажба на дрога, илегална трговија со оружје итн,*

*9. освета.*

Секој има право да се залага за остварување на своите интереси и цели ако со тоа не ги загрозува основните човечки вредности и интересите на другите луѓе и општествени групи. Исто така право на сите луѓе и народи е да дејствуваат во насока за надминување на некои одредени состојби на (сопствената загрозеност и лоши општествени и животни услови), противречности и проблеми. Меѓутоа тоа дејствување треба да биде во рамките на демократскиот и политички простор, воден со политички средства и методи, а не со методите на насилство. Бидејќи човечкото општество не е хомогено, па во него постојат поединци и групи со различни психички, емоционални, вредносни , карактерни и други особини со различни општествени и материјални можности, логично е во нив да се обликуваат различни интереси и цели и да се стремат кон различни , па некои и со нај драстични средства и методи за нивно остварување. Во обликувањето на своите интереси и цели и односите према прашањето за нивното остварување дејствуваат различни причини:

***а) објективни и***

***б) субјективни.***

Некои од овие се неразделно врзани за тероризмот.

Разликите во материјалната положба на луѓето, народите и државите во современиот свет се огромни, со тенденција за зголемување. Но сето тоа не би било таков проблем кога сите луѓе би живееле над нивото на критичниот биолошки опстанок, односно кога би можеле да ги задоволуваат своите основни животни и социјални потреби. Но, во реалноста состојбата е сосема поинаква, бидејќи во светот преку 800 милијони луѓе гладуваат, но особено е важно што тие не се само луѓе од неразвиените подрачја во светот (земјите во развој, сиромашни земји, "земји на третиот свет"), односно претставуваат значителна бројка на луѓе кои живеат во високо развиените и богати земји.

Тие таа социјална разлика ја доживуваат како социјално насилство од страна на богатите односно како највисок степен на потчинетост односно загрозеност (егзистенцијална загрозеност). Луѓето и народите во таа положба посакуваат коренити промени во социјалната свера, дипломатски промени во светските и националните рамки и за нив се залагаат. Ваквите односи кај некои од нив наметнуваат став дека излезот односно можноста за остварување на своите интереси е во примената на насилства. И понатаму се додека во светот постојат така драстични разлики помеѓу бедни, сиромашни и гладни и оние кои живеат во раскош и изобилство ќе се појавуваат и општествени групи кои ќе бараат излез односно решение преку тероризмот. Меѓународната заедница се залага за слобода и рамноправност на сите народи во светот, но стварноста е далеку од таа цел. Постојат народи кои сеуште национално не се обликувани, односно изживеани, и во старите народи, порано формирани нации има поединци и групи со посебно нагласен национален притисок кој се манифестира со национална исклучивост, нетолеранција и омраза

према другите народи потикнат од неблагодарната положба на сопствениот народ и сл.

Во тие структури се повеќе се јавуваат луѓе , поединци и групи кои во настојувањето да остварат свои визии или интереси го планираат односно не се откажуваат од насилството. Тука спаѓаат и оние кои покажуваат интерес за доминација над други народи односно доминација над други општествени групации. Постојат во светот народи и етнички групи кои со децении и векови живеат под јаремот на други , туѓо владеење без никаква можност за сопствена афирмација, запоставени, без соодветни политички права, растргнати помеѓу различни држави ( на пр. Курдите и Палестинците) не признати и без посакуваната автономија ( на пр. Баските) и сл. Во тие народи и групи кои најчесто оправдано се борат за својот статус се јавуваат групи (сили) кои не гледаат можност за остварување на националниот и етничкиот статус во политичка и демократска борба, а изразуваат сомневање и во помошта на меѓународната заедница, поради што посегнуваат по методот на вооружена борба , вооружено насилство па и тероризам. Во историјата се познати и сега постојат примери на екстремно верско насилство, кое денес се манифестира во верска нетрпеливост, која исклучиво се манифестира со агресивност поготово кај некои верски секти, најмногу присутно во исламскиот фундаментализам, кој во пракса карактеристично се појавува и делува не само како верско туку и како политичко движење. Ова движење е дијаметрално спротивно од хуманите движења и настојувања за зближување, општа толеранција и настојувања, верските организации да останат надвор од политиката. Во оваа смисла некои верски групации и установи водат политички и верски движења во кои се раководат од интересите и целите кои се спротивни на општите достигнувања на

човештвото и определбите изразени во Повелбата на Обединетите Нации. Исто така овие структури, со оглед на нивната искучителност, идеолошка задоеност и радикализам, склони се на насилства од секаков вид но најчесто кога нема да успеат во своите желби и интереси тогаш настојуваат и прифаќаат решенија со нормални политички методи. Во досегашните искуства во светот најопасен е исламскиот фундаментализам бидејќи е најсилен и најраспространет во светот и делува во насока на остварување на глобални интереси и цели, преку следните форми:

- претварање на граѓанската (секуларната) во исламска држава
- обединување на исламот и исламските држави
- радикално ширење на исламот во верски и политички ( државен) поглед.

Поради тоа, може да се претпостави дека исламскиот фунданентализам ќе биде еден од нај опасните и најдолговечните извори на тероризам во иднина , на што посебно треба да се обрне внимание.

Во досегашната пракса се покажа дека во динамичен свет со многу разлики и спротивности не можат да егзистираатаат монолитни системи создадени врз принципите на една идеологија, едноумие, или една политичка партија (структура), владеење на една личност, владеење со терор и слепа послушност и сл.

Човечката цивилизација во основа постигна висок степен на развиеност и самото на себе си утврди лимити на човековите права и слободи испод кои неможе да се оди, ги обликува и постави темелните вредности и утврди норми на однесување и остварување

(Повелбата на Обединетите Нации и други меѓународни документи). Ваквиот пристап претставува појдовна основа во дејствувањето и однесувањето на луѓето, народите и државите, што во индивидуален поглед подразбира максимално почитување на сите човекови права и слободи, независност и територијален интегритет на сите народи во светот. Додека пак на меѓународно ниво мир, рамноправност и немешање во внатрешните односи на другите земји со можност, меѓународната заедница да интервенира таму каде што се кршат демократските принципи и начелата на меѓународната заедница.

Ова претставува неоспорливо право, а и се подразбира, дека граѓаните на секоја земја , политички организирана по своите определби и сопствен избор демократски да го уредат своето општество и својот политички систем. Но како и секаде така и овде во ова подрачје на дејствување на човекот постојат структури и сили што не се за демократско решавање на општествените прашања нити за демократска мудрост во натпреварот за освојување на власта па настојуваат со сила и насилства да ја задржат или да ја освојат власта или да остварат некои свои интереси. Во услови кога постојат такви сили и определби се јавуваат и одредени облици на тероризам, поради тоа постоењето на интерес, изразувањето на намерите и настојувања на одредени земји за присвојување на туѓа територија или други облици на експанзија, хегемонија или доминација (национална, дипломатска социјална верска, културна и др.) постојано енергично се осудувани од меѓународната заедница за намерите и настојувањата што еволуираат и укажуваат дека водат кон примена на насилства односно тероризам.

### *3.2.3 . НОСИТЕЛИ НА ТЕРОРИЗМОТ*

Носители на тероризмот се одредени ***политички, параполитички, " патриотски" и слични организации и групи,*** кои во согласност на својата идеологија, во спроведување на целите и општите констатации и интереси наместо методата за демократско дејствување, демократска борба, понатаму политичка мудрост како метода, го одбрале насилството (насилничкиот метод) како пат односно средство за остварување на своите цели.

Како носители на тероризмот во многу случаи може да се појават и самите држави и тоа за да го спроведуваат така наречениот државен тероризам, да создаваат или подржуваат некоја терористичка организација или група[13].

Меѓу носителите на тероризмот може да се вбројат и некои *мафијашки организации, шверцери со оружје, посебно големите наркомафии,* на кои во терористичката пракса од разни мотиви им се придружуваат и поединци.

Педесетина познати терористички организации лоцирани се во 31 држава: Во 19 држави е по една терористичка организација, во 8 по две, а во (Колумбија) се познати три , во (Израел) 4, во (Сирија ) 6, во ( Либан ) 7, (*Табела:Т-3.1*).

Тоа подразбира дека некои терористички организации се наоѓаат и делуваат или вршат подготвителни активности во две, три или повеќе држави.

---

[13] САД во 1996 год. како носители на тероризам означиле седум држави и тоа: Либија, Куба, Ирак, Иран, Северна Корела, Судан и Сирија.

*Табела: Т-3.1. Носители на тероризмот: Познати теористички организации во светот*[14]

*Т-3.1.*

| Ред. број | НАЗИВ (ИМЕ) | ГОД. НА ОСН. | ВИД | ДРЖАВА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | Abu Nidal - ANO<br>Sabri al Banna | 1974. | Меѓунар.ТО<br>Против САД, ВБ, Франц., Израел, ПЛО | Ирак (1974-83),<br>Сирија (1983-87),<br>Либанон (1987- |
| 2 | Abu Sayyaf Group - ASG | 1991. | Исламска екстр. орг.<br>За ислам. држава Минданао | Минданао |
| 3. | Al Fatah<br>Yasser Arafat, (1988. се одрекнува од тероризмот, а 1993. одстапува | 1964.<br>1968. влегува во ПЛО | За држава: Палестина | Тунис |
| 4. | Armed Islamic Group - AIG | 1992. | Ислам.екстремист.организација<br>За исламска држава. | Алжир |
| 5. | Armenian Secret Army for Liberation of Armenia (ASALA) | 1975. | Тер. група со маркс.-лењинистичк. ориентација. Делува против турски дипломатски представништава во светот | Ерменија |
| 6. | Basque Fatherland and Liberty - ETA "Euzkadi Ta Azkatasuna" | 31.7. 1959. | Националистичко движење за ослободување на Баскија со два крила:<br>- Политичко-воена ЕТА и<br>- Воена ЕТА | Шпанија |

14 Податоците во табеларниот преглед се со помош на интернет превземени од годишникот *Patterns of Global Terrorism,* 1994 год.,United States Department of State, 1995.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Chukaku-Ha | 1957. | Ултралева организација - против воените бази на САД | Јапонија |
| 8. | Democratic Front for the Liberation of Palestine DFLP | 1969 | Организација со марксистичка -ориентација - за ослободување на Палестина. | Сирија, Либан |
| 9. | Devrimci Sol | 1978. | Лева револуционарна организација. | Турција, Истамбул |
| 10. | 15 May Organization Muhammad al-Umari | 1979 | Палестинска организација | Багдад |
| 11. | Force 17 | 1970. | Организација за заштита на Арафат… | По арап. зем. До 1982.Бејрут |
| 12. | Al-Gama'a al-Islamiyya | 1970 | Против кристијаните и Западниот свет | Египет –југ |
| 13. | HAMAS - Islamic Resistance Movement | 1987 | Палестинско екстремно исламистичко движење на отпора - против Израел и оние што го подржуваат. | Израел и Јордан |
| 14. | The Harakat-ul-Ansar - HUA | 1993. | Ислам. милитантна група | Пакистан и во БиХ! |
| 15. | Hizballah (Party of God) | | Ислам. Џихад! "Света војна" против САД, Израел… - за Исламска Република Либан | Либан… |
| 16. | Jamaat ul Fuqra | | Ислам. секта | Пакистан, С. Америка |
| 17. | Japanese Red Army - JRA Fusako Shigenobu | 1970. | Меѓународна терорист. група Против САД | Либанон, Сириа |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 18. | Jihad Group | 1970. | Егип етска исламистичка екстремна група. Против Мубарак а за исламска држава. | Египет, Каиро |
| 19. | Kach and Kahane Chai | | - Еврејска екстремистичка ТО - за формирање библиска еврејска држава | Израел |
| 20. | Kurdistan Workers Party - PKK | 1974 | Курдска марксист-лењинист. група на турските Курди. Делува против турските власти, а за формирање на комунист. државж во југоист. Турција | Турција |
| 21. | Lautaro Youth Movement - MJL | 1980. | Фракција на Обединетото народно движење за акциа - MAPU/L. Делува против САД. | Чиле |
| 22. | The Liberation Tigers of Tamil Eelam - LTTE | 1976. | Тамилска автономашка организација - против властите на Шри Ланка | Шри Ланка |
| 23. | Manuel Rodriguez Patriotic Front FPMR | 1983. | Прокомунистичка организација со дисидентско терористичко крило FPMR/D - против САД... | □иле |
| 24. | Mujahedin-e Khalq Organization (MEK or MKO) | 1960 | Организациа со марксистижко-исламистичка оријентација - против иранските власти, САД... | Иран |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 25. | Morazanist Patriotic Front FPM | 1980 | Лева радикална ТГ. Дјелува против силите на САД, посебно во Хондурас. | Хондурас |
| 26. | National Liberation Army ELN - Bolivia | 1960. | Оживување на Че Геваринита група. Против САД | Боливија |
| 27. | National Liberation Army ELN - Colombia | 1963. | Маоистичко-марксистичко-лењинистичка герилска група - против странските деловни луѓе | Колумбија |
| 28. | New Peoples Army NPA | 1969 | КП Филипини Против САД | Филипини |
| 29. | Palestine Liberation Front PLF | 1970. | Се поделила во 3 фракции: за ПЛО (Muhammad Abbas = Abu Abbas)+ за Сирија + за Либија | Тунис Во поново време Ирак. |
| 30. | Palestine Liberation Organization PLO Jasser Arafat | До 13.9.93. | Оружено делува против Израел - за палестинска држава. Со Декларацијата за принципите меѓу Израелаците и Палестинаците, потпишана во Вашингтон на 13.9.1993. прекинува со нападите на Израел. | Палестина... |
| 31. | Palestinian Islamic Jihad | 1970 | Фундаменталистичка орг. - против Израел и САД | Израел, Газа, Јордан, Либан, Сирија |
| 32. | The Party of Democratic Kampuchea (Khmer Rouge) | 1970. | Комунистичка терор. орг. Пол Пот. За 4 години власт убиле околу милион луѓе. | Камбоџа |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 33. | Popular Front for the Liberation of Palestine | 1967. | Марксистичко-лењинистичка група George Habash. | Сирија,Либан, Израел, окупираните територии |
| 34. | Popular Front for the Liberation of Palestine-General Command | 1968. | Терорист. орг. на Ahmada Jabrila - против Израела, САД… Делувала и у во Европа. | Дамаск + Либан |
| 35. | Popular Front for the Liberation of Palestine - Special Command | 1979. | Марксистичко-лењинистичка група на Абу Салим. Проведува меѓународен тероризам, посебно во З. Европа. | Среднји Исток и Западна Еуропа |
| 36. | Popular Struggle Front - PSF | 1991. | Радикална палестинска терор. група на Dr. Samira Ghosheh Против Израел и ПЛО | Сирија, Либан и други подрачја на Средниот Исток. |
| 37. | Provisional Irish Republican Army PIRA | 1969. ИРА 1972. ПИРА | Радикална ТГ со марксистичка ориентација - тајно крило на Шинн Феин - против британските власти и с јеверноирските лојалисти. | С. Ирска, Реп. Ирска |
| 38. | Red Army Facton-RAF | 1960. | Следбеник на Baader-Meinhof групата. Со Марксистичко-маоистичко усмерување. | Германија |
| 39. | Red Brigades (BR) | 1969. | Марксистичко-лењинистичка ТО - за Италија вон НАТО | Италија |
| 40. | Revolutionary Armed Forces of Columbia - FARC | 1966. | Воено крило на КПК. Делува против политчките и воените цели. | Колумбија |
| 41. | Revolutionary Organization 17 November | 1975. | Лева радикална група - против САД, Турција, НАТО | Грција |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 42. | Sendero Luminoso (Shining Path, SL) | Крајем 1960-их | Герилска орг. на Абимела Гузман - против државните институции во Перу | Перу |
| 43. | Sikh Terrorism Group: Babbar Khalsa, Azad Khalistan Babbar Khalsa Force, Khalistan Liberation Front, Khalistan Commando Force | | Разни терор. групи на раселените и индиските Сики - за Кхалистан државж | С. Индија, З.Европа, ЈИ Азија, С. Америка |
| 44. | Tupac AmaruRevolutionary Movement - MRTA | 1983. | Маркс-лењин. рев. движење - за промена на системотво Перу. | Перу |
| 45. | Tupac Katari Guerrilla Army - EGTK | | Домородачка субверзивна орг. - против прозападната Боливија | Боливија |
| 46. | Tupamaros | 1960. | Герилска организација на Раул Сендик | Уругвај |
| 48. | Red Brigades - GBR | | | Венецуела |
| 49. | Ulster Defence Association - UDA | 1972. | Протестантска орг. - противтежа на ИРА | С. Ирска |
| 50. | Муслимански студенти на Хомеини | | Терористички групи наосчени против САД | Иран |

Според идејата и политичката определеност (ориентација) терористичките организации може да се поделат на четири групи:

- ***лево насочени***
- ***исламско - фундаменталистички***
- ***националистички***
- ***останати.***

***Лево насочените*** (орјентирани) организации ги има околу дваесетина и покрај тоа што се смета дека повеќето од нив се марксистичко - ленинистички но и пак во идејолошкиот поглед се разнообразни, а додека во целите повеќето од нив се национално орјентирани.

***Исламско фундаменталистичките*** - за разлика од предходните ги има од околу 10 до 12 и се идејно единствени (поврзување и ширење на исламот), а во поголема мерка и политички насочени, па поради тоа можат полесно да се поврзуваат и дејствуваат.

***Националистичките*** организации се насочени за создавање на национални држави или постигнување поголем степен на политичко - територијална автономија.

***Останатите*** организации или групи имаат некои тесни и воглавно краткорочни цели. Носителите на тероризмот не гледаат во просторот на демократското и политичко дејствување и можност за остварување на своите цели и интереси поради што се определуваат за насилства. Тие по правило имаат национално обележје. но може да дејствуваат и на меѓународно ниво во зависност од убедувањата.

### *3.2.4. УСЛОВИ ЗА ТЕРОРИЗАМ*

Под услови на тероризмот се подразбира одредена состојба , појави, процеси кои му овозможуваат, потпомагаат во функционирањето. Благодарејќи на нив, тој се одржува и развива и ако тие не се негов извор нити негов составен дел. Условите на

тероризмот се само амбиент во кој тој се појавува , развива и спроведува.

*За постоењето и развојот на тероризмот придонесуваат:*

1) *политичките системи* односно тоталитарни режими кои го попречуваат спроведувањето и функционирањето на демократските односи, процеси и институции, спорото или скоро никаквото и неадекватно решавање на проблемите на националните малцинства или групи за кои на некој начин се гледа потценување на народот во државата.
2) *Државите* со нерешени односи не развиени демократски процеси и постоење, а заради задоволување и остварување на некои свои интереси го подржуваат тероризмот или овозможуваат услови тој да се развива.
3) *Техничко - технолошкиот развој* посебно појавата и развојот на модерно и софистицирано оружје, кое во голема мера ја зголемува убитачната моќ, до кое поединци, групите и разни организации лесно доаѓаат до него.
4) *Комуникациско-информациска* поврзаност на светот, која создава можност на терористите за терористичкиот чин и вообичаено нивните барањата во истиот момент да бидат лиферувани и известена целата јавност.

Светот постана театар во кој се одвиваат стравични сцени режирани од страна на терористичките организации во кои актери се непосредните извршители на насилството и нивните жртви. Создавањето на светските електронски и информациски системи за собирање, обработка, представување и користење на податоци

овожможува нова појава и вид на тероризам - ***информациски тероризам***.

Патиштата за создавање на современи држави од секогаш биле и се сложени и бурни, а особено процесите на национална, етничка , социјална и друга природа, кои во односите на консолидација на истите, на жалост се уште не се завршени. Таква е состојбата и во дел од најразвиените држави каде исто така постојат нај различни превирања и противречности на кои се уште не им се гледа крајот. Во Англија тоа се судирите помеѓу протестантите и католиците, во Северна Ирска спротивности помеѓу Англија и Шкотска, но во врска со спротивставените интереси на Ирска и Англија во врска со Северна Ирска. Во Франција се спротивставени интереси помеѓу големите покраини посебно помеѓу Корзика и сопствената држава. Шпанија е соочена со многу изразените етнички и политички интереси на Баските. Во Канада спротивставени интереси и тенденции на англиското и францускотo (Квебек) јазично подрачје. А додека во САД изразени спротивности се помеѓу белците и црнците, а и помеѓу многу етнички групации. Слична е состојбата и во Италија со случајот во Сицилија помеѓу југ и север.

На подрачјето на Балканот и во источна Европа состојбите се далеку посложени особено во поново време со експанзијата на албанскиот национализам и еуфорија. Во многу други подрачја во светот, во тој поглед состојбата е хаотична. Општествениот живот во демократски услови не мора да е оптоварен со тој елемент ако за него се води доволно сметка. Но ако власта во врска со него се оглушува односно недоволно води сметка, ги запоставува, пројавува едностраност, посебно субјективност према една од социјалните структури, а особено ако е некоја засебна целина ( нација, етничка целина) на власт а друга во потчинета состојба и обесправеност, во

таквиот поредок доаѓа до појава и разгорување на тероризам. Тоа е практично појава односно услов во кој едната страна се присилува на една врста ( диктатура, насилство, терор и сл.) со што и одговара на насилствата на друга врста, односно демонстрација, побуна и тероризам. Некои држави со своето однесување го охрабруваат тероризмот, а некои практично и отворено го подржуваат. За таквото однесување на некои држави постојат повеќе прични.

- желба да се ослаби моќта (воена,економска,финансиска) на друга држава со цел да се промени односот на силите во регионот.
- Искористување на тероризмот како средство за промовирање на некои свои идеи, интереси и цели.
- Давање на поддршка за спроправдување или (оправдување) на определени екстремни барањата без оглед на методот и неговите остварувања.

Во ова воглавно учествуваат држави со автократски, тоталитарни и не демократски системи на власт во кои државните и националните интереси се подредени на интересите на тесно поврзаната владеачка елита или пак на еден човек. Со развојот на науката, техниката и технологијата се зголемуваат и можностите на загрозување. Поединец или група опремени со современо оружје и опрема добиваат голема моќ - сила за сроведување на закани и уцени, кои можат да предизвикаат тешки и трагични последици. Слични но и многу потешки последици можат да предизвикаат и без оружје, со предизвикување на техничко- технолошки[15], хемиски, биолошки и нуклеарни катастрофи. Таквата моќ и можност ги

[15] Што и се покажа при терористичките напади во Септември месец 2001 година во САД

охрабрува сите оние кои се склони на насилство, а посебно оние кои во вршењето на насилството не им е стало до сопствената судбина.

Тероризмот секогаш е насочен кон свртување на вниманието на поголем број на луѓе односно на целокупната домашна и светска јавност. Тој претставува своевидна порака на неговите промотори и носители, не само на оние против кои е насочен него и на сите околу него. Колку што е ефекот поголем во јавноста толку терористичкиот акт се проценува за појак. Од друга страна пак, што е поголема можноста за брзо информирање на јавноста тогаш тероризмот како порака ќе биде почест како средство за остварување на одредени интереси кај оние кои го подржуваат.

### *3.2.5. ИЗВРШИТЕЛИ НА ТЕРОРОТ - ТЕРОРИСТИЧКИТЕ АКЦИИ*

Во зависност од улогата и задачите на членовите во терористичките активности треба да се разликуваат ***носителите*** на тероризмот и ***извршителите*** на терористичките акции.

Носителите на тероризмот водат политика, планираат акции, го наредуваат нивното извршување, ги проценуваат резултатите и сл. и тоа се организациите, институциите и нивните челници / водачи.

Непосредните извршители на трерористичките акции се тајни, добро обучени, опремени со најсовремена опрема и оружје, одбрани и подготвени помали групи и поединци, кои и припаѓаат на терористичката организација.

Извршителите на терористичките акции најчесто се организирани како тројки, кои не се знаат една со друга. Покрај општата подготовка за тероризам, секоја група се подготвува и оспособува и за задачи кои ќе треба да ги изврши индивидуално.

Терористите во секојдневниот живот и при извршувањето на задачите, мораат да се придржуваат кон утврдени правила на однесување. За да не бидат сомнителни и откриени тие во ништо не смеаат и не треба да се разликуваат од другите во средината во која живеат. Најчесто тоа се млади луѓе -мажи и жени, длабоко задоени со одредена идеологија и цврсто определени за целите на својата организација.

Тие се свесни дека при извршувањето на некоја акција можат да загинат или да бидат фатени и судени, макар што водат строги мерки на сигурност. Вистинските активисти на терористичките организации работат со уверување, а меѓу нив се повеке се оние кои се спремни да себеси се претворат во бомби, терористи самоубијци, модерни камикази, меѓутоа има и случаи на извршители од интерес за пари или дрога. Во последно време оваа област се профеионализира, така што нив не ги интересира ниту политиката, ниту целите на оганизацијата, туку само она за што треба да го одработат и парите кои за тоа треба да се добијат.

Терористите професионалци се многу поопасни од оние кои се политички задоени, бидејќи се оспособени , поискусни , нечувствителни , и во услови на дејствување многу по ладнокрвни.

Покрај поединци кои работат сами, има и такви кои работат во групи, одреди и други состави на професионалци (слични на оние кои ги викаат кучиња на војната) кои по порачка спроведуваат терористички акции на цивилни и војни објекти и установи (вклучувајќи ги и акциите за симнување на влади ).

Таков познат состав е оној кој го водеше Карлос алијас Илич Рамирез Санчез кој од 1994 год. се наоѓа во Француският затвор.

Овие групи се многу добро организирани и одлично обучени и оспособени , вооружувањето и опремата се од најсовремена технологија .

Професионализацијата на извршителите на терористичките (не) дела му придонесува на фактот дека постојат држави кои го подржуваат односно го практикуваат тероризмот, на кои им одговара, а поради тоа ангажираат неутрални сили од кои во секое време можат да се откажат или да негираат било каква меѓусебна поврзаност. Во тоа придонесуваат и најсилните светски организации, нарко и други мафии кои располагаат со огромен финансиски капитал, па и некои други сопственици на капитал кои за својата заштита , за одбрана од органите на прогонот , односно за ширење на своето царство , за отсранување на своите противници и сл. запослуваат свои терористички професионалци така наречени терористи убици.

Заработувачката од таа работа е исто така многу важна во врска со професионализацијата на тероризмот, а во прилог на тој процес му оди и неединството на државите во меѓународната заедница , во сваќањето и оценувањето на тероризмот и борбата против тероризмот во светот.

### *3.2.6 . ЦЕЛИ НА ТЕРОРИЗМОТ*

При анализата и согледувањето на целта на тероризмот се доаѓа до констатација дека треба да се разликуваат целите на тероризмот од целите на терористичките акции.

*Целите* на тероризмот на посебен начин се обликувани и изразени во смисла на политички односно параполитички цели на терористичките организации, системи и движења. Секоја

терористичка организација или друга таква структура има однапред одредени цели поради кои е основана.

Тие цели се тесно поврзани со постоењето и трајноста на организацијата што значи дека организацијата е соодветна на својата природа и таа неби постоела кога целите ќе и се остварат, или би се трасформирала, прекинала со тероризам или би се инсталирала како диктаторска власт која ќе владее со примена на терор.

Бидејќи тероризмот не е цел сам на себе, туку средство со кое се доаѓа до одредени цели тој би можел да биде и неполитичка организација која спроведува тероризам и терористички акции, пр. наркомафиите кои имаат одредена цел која со тероризмот треба да се оствари , но тие се разликуваат од целите на политичките терористички организации. Тие се по правило врзани за економските односно финансиските интереси.

Целите на тероризмот можат да бидат различни а нај често се:

- Промена на моменталната власт од која терористичката организација не е задоволна но во вакви случаи самата организација не претендира на освојување на власта.
- Освојување на власта, што подразбира насилно симнување на постоечката власт и превземање на управувањето.
- Стекнување на национална независност, политичка автономија, и сл.во зависност за која и каква општествена појава се работи и во каква општествено правна положба се наоѓа.
- Сецесија, отцепување на дел од некоја територија /држава/ и припојување кон друга, најчесто кон онаа која има матичен народ.

- Интернационализација на судирот, посебно ако другата страна некој ја подржува и ако е потребно ангажирање на меѓународен фактор.
- Предизвикување на побуна против власта во својата или во туѓа држава, било поради промена на власта /режимот/, или за постигнување на некоја друга цел.
- Предизвикување на власта и наведување на постапки кои ќе ги осуди домшаната и светската јавност, овозможи промена на статусот на организацијата.
- Нанесување на дипломатска и друга штета.

Историјата покажува дека со тероризам неможе да се остварат ни најоправданите цели. До сега ни еден од социјалните, политички, војно- политички и слични, (пр. герилски) движења кои се спроведуваа со тероризам не можеа да предизвикаат симпатии и трајна наклонетост на домашната, а посебно светската јавност. Тоа најдобро го покажува судбината на герилските движења во Латинска Америка или пр. ПЛО /Палестинските ослободувачки организации/. Јасер Арафат од кога јавно се откажа од тероризмот и успеа да се оттргне од дејствувањето на неговата организација, постоеше можност за поддршка од меѓународната заедница во борбата за остварување на праведните цели на палестинскиот народ, макар што со оглед на однесувањето на Израел и порано имал поддршка од многу држави посебно оние од движењето на неврзаните.

Прокламираните цели кога-тогаш внесуваат двосмисленост во односот на некои држави во врска со тероризмот и терористичките организации. Во случај кога поедини организации се борат за оправдани и прихватливи цели и интереси за нивното остварување очекуваат широка меѓународна подршка, што за некои земји тоа е

доволно да таквите организации ги подржат во намерите без обзир на начинот на кој тие би сакале да ги осварат нивните интереси. Најчесто она што терористичките организации ќе ги дисквалифицира во нивните постапки не е нивната цел, туку секогаш методите и средствата кои тие ги посакуваат и користат односно остваруваат посакуваната цел.

Во досегашната пракса постои мислење дека за остварување на праведни, хуманитарни, општо човечки и слични "сончеви" (светли) цели (на пример стекнување на слобода, независност, рушење на диктатура и сл.) е се дозволено. Но најчесто тоа е во согласност со логиката на мотото "*целта ги оправдува средствата*" кое за среќа повќето земји не го прифаќаат, односно е изложено на критика па и санкции.

За разлика од целта на тероризмот целта на терористичките акции е конкретна, непосредна и по правило еднократна: односно направи нешто во смисла: киднапирај накоја важна особа, некого уби, сруши некој објект, скрени внимание на власта од главниот правец на терористичкиот удар (интерес), што ќе биде во функција за остварување на целите на тероризмот, односно на организацијата која го спроведува.

### *3.2.7. ТЕРОРИСТИЧКИ МЕТИ*

Терористички мети/цели обично се луѓе и објекти односно луѓе и објекти кои се предмет на напад. Целта може да биде однапред одбрана или случајна. Кај одбраната цел вообичаено се посветува повеќе внимание бидејќи од неа зависи непосредниот резултат и ефектот на терористичкиот чин , публицитет, угледот на

организацијата , слика на нејзината моќ, одлучност и сл. Кај одбраната цел се води сметка за причината која ја оправдува акцијата, за виновноста на живата мета односно за сопственикот на мртвата мета односно цел. Акциите во таков случај се строго насочени на конкретна цел што би требало да значи да се внимава и избегнува страдање на било кој или некој друг, кој не од интерес за акцијата. Кај случајните цели ситуацијата е сосем друга, односно целта се бира во глобала (авион со патници, воз, автобус, хотел и сл.) Во такви случаи жртви се луѓе кои немаат никаква врска со целите и интересите на терористичките организации, односно погинуваат само за тоа што се затекнале на местото или на објектот на терористичката акција. Таков избор на цел е многу чест поради што доаѓа до најголемата опасност од појавата на современиот тероризам.

### *3.2.7.1. Како човечки цели на напад се јавуваат:*

- дипломати,
- истакнати политичари,
- истакнати и важни војни особи,
- посебно успешни луѓе,
- енергични поборници на некоја партија / идеја,
- случајна група на луѓе (пр. конфекциски заложници, патници во авион, итн.

*Дипломатите* и *дипломатските претставништва* претставуваат нај честа мета на тероризмот. Тие ја претставуваат својата држава во друга држава и светските организации, па нападот над нив преставува напад на нивната држава кој преставува голем публицитет и е многу впечатлив во светот. Покрај тоа, дипломатските претставништва и луѓето во нив претставуваат

многу лесна мета бидејќи врз основа на работата која е работат многу тешко може да се обезбедат и заштитат.

Нападот над нив поготово кога се во прашање киднапирања на луѓе и запоседнување на дипломатски простории се користат за изнудување, уцени (поставување на одредени барања ) како што се вообичаено ослободување на заробени терористи изнудување и исплата на поголема сума на пари.

Од 1945 год. до 1984 год. во 127 држави извршени се 2279 терористички напади на дипломати од 119 земји. Во тие напади убиени се 435 и ранети 1017 дипломати.[16]

Еден од поновите примери кој вистински го отсликува ова за што се зборува е запоседнувањето на јапонската амбасада во Лим во главниот град на Перу, на 18 декември 1996 год. од страна на припадниците на движењето на Тупак Амару и заробувањето на 490 луѓе како заложници.[17]

Секако, историски гледано, листата на терористичките акции е многу опширна и широка како од аспект на видовите на изведените терористички активности така и од аспект на начините, методите, средствата, формите и постапките, користената опрема и оружје, бројот на актерите, начинот на организацијата и раководењето. Особено е важно да се истакне дека во поново време, изразено на Блискиот Исток во Израелско-Палестинските конфликти ескалираа терористичките акции во форма на "одмазда" при што низ делувањето на терористите "самоубици" секојдневно страдаат недолжни жртви.

---

[16] Пашански М., Современи камикази,Меѓународна политика бр.912/1988, стр33

[17] Припадниците на движењето Тупак Амару преоблечени во послуга извеле добро припремена акција запоседнувајќи ја зградата на Јапонската Амбасада во моментот кога во неа имало присутни голем број дипломати од други земји. Таа драма со заробениците траела два месеца користејќи ги како заложници и преку кои барале ослободување на свои соборци.

Слични и други такви однесувања ги имало доста и порано.[18] Карактеристичен е случајот со нападот на гватемалското

---

[18] Во јануар 1971 год.- Тупамаровците го киднапирале британскиот амбасадор во Уругвај кој го држеле 8 месеци како заробеник барајќи да се ослободат 106 нивни соборци. им ги исполниле барањата бидејќи во меѓувреме го киднапирале и државниот обвинител.

На 17.3.1972 год. група исламски фундаменталисти ја нападнала на Израел во Буенос Аирес - Аргентина и убиле 29 а раниле 242 луѓе.

На 25.4.1975 год.- припадниците на Германската РАФ во амбасадата на СРГ во Шведска заробиле 11 заробеници.

Во август 1975 год. - припадниците на Јапонската „Црвена Армија„- ЈРА ја завземаа зградата на Американската амбасада во Куала Лумпур и заробиле 53 особи кои ги држеле како заробеници

Во октомври 1975 год. убиени се Турски дипломати во Виена и Париз, а во јуни 1977 год. во Ватикан.

Во јуни 1976 год - припадниците на ИРА го убиле британскиот амбасадор во Република Ирска.

На 4.11.1979 год. припадниците на организацијата „Муслимански студенти следбеници на имамот Хомеини„ упаднале во Амбасадата на САД и заробиле 52 преставници кои ги држеле 444 дена се до 20.1.1981год. при што е водена права дипломатска војна помеѓу САД и Иран.

На 27.2.1980 год. Колумбиските командоси „М -19„ ја завзеле амбасадата на Доминиканските Републики во Богота и заробиле 60 луѓе.

На 6.10.1981 год. арменски терорист со запалива бомба ја нападнал куќата на турскиот генерален конзул во Лос Ангелес (дио Бел Аир), САД

На 24.9.1982 год. Ерменската „АСАЛА„ упаднале во турскиот конзулат во Париз и заробиле 25 заробеници.

На 28.1.1983 год убиен турски генерален конзул во Лос Ангелес

герилско движење (Народен фронт 31.1), над бразилскота амбасада во Гватемала 1984 год., и заробиле 7 бразилски дипломати со кои ја уценувале владата и постигнале договор да се емитува нивниот проглас против владеењето на генералот Риос Монте и да им се обезбеди авион со кој заедно со заложниците кои подоцна ги ослободиле одлетале во Мексико ( градот Мерида) каде што добиле политички азил.

Истакнатите политичари и државници од секогаш преставувале честа мета на терористите односно носителите на тероризмот посебно на оние на кои име главна преокупација промена на власта или освојување на истата во државата или одмазда за нешто.

Така настрадале многу политичари и државници меѓу кои и претседателот на САД Кенеди и неговиот брат Роберт, претседателот на Индиската влада Индира Ганди, претседателот на Египет Анвар ел Садат, Алдо Моро и голем број на успешни бизнисмени, сопственици на претпријатија, директори и сл. кои се наоѓаат на целта на тероризмот. Тие постануваат цел на тероризмот од повеќе причини.

Нападот над нив како познати особи овозможува голем публицитет што секоја терористичка организација го посакува. Со киднапирањето на тие луѓе и уцени може да се дојде до големи финансиски средства кои се на секоја организација потребни. Киднапирањето најчесто се превзема за тие цели. Убиствата

---

На 11.5.1984 год. припадници на гватемалското герилско движење. „Народен фронт 31.1.„заробила 7 диплпмати во бразилската амбасада во Гватемала.

најчесто се превземаат заради некои освети поради што некој не сторил нешто на барање на терористичката организација или направил нешто против неа.

Во светот постојат уште многу луѓе кои се исклучиви по своите расни, национални, политички или верски уверувања и нетрпеливи (нетолерантни) према сите оние кои не мислат како нив или се чуствуваат поинаку. Најчесто тоа се и таквите групи и организации на кои тероризмот им е преокупација и главна цел на дејствување. Таквите организации спроведуваат расно, националистичко, верско и друго насилство над неистомислениците претежно пропратено со мачење, убиства, масовни колежи или труења па и масовни самоубиства. Бидејќи нивните неистомисленици се безброј метата им е многу голема па поради тоа и не мораат многу да се трудат околу изборот. Затоа најчесто страдаат луѓе кои немаат никаква врска со такви организации и нивните припадници.

Таа не селективност на целите е многу честа и масовна појава која претставува се поголем безбедносен проблем бидејќи во праксата на терористичките организации е се по прифатена а како што веќе спомнавме последиците се мноту големи и тешки. Покрај тоа таа пракса ја прифаќаат и автономните терористи, поединци кои од разно - разни причини му припаѓаат на теророт.

### *3.2.7.2. Материјални цели на тероризмот*

Како материјални цели на тероризмот се јавуваат претежно важни објекти и тоа:

- објекти на Владата,
- војни и полициски објекти,
- дипломатски претставништва,
- плажи, хотели, и други туристички објекти,
- фабрики,
- училишта и градинки,
- метроа,
- превозни средства: авиони, бродови, возови, автобуси, поединачни автомобили (тоа се така наречени "меки мети" бидејќи тешко се чуваат, обезбедуваат, на подолг рок)

Терористичките организации бираат објекти во зависност од непосредната цел која се сака да се постигни и односот спрема сопствениците. Ако е главната намера против владата, на удар ќе бидат објекти за кои владата е нај многу заинтересирана или кои најмногу ги користи.

Тоа се обично згради на владата, објекти на дипломатски претставништва, воени објекти, големи фабрики и објекти на инфраструктурата.

Ако е на правецот на ударот војска или полиција за мети се бираат нивните објекти ( полициски станици, војни бази, воздушни и бродски пристаништа и сл.)

### *3. 2.8 . ТЕРОРИСТИЧКИ МЕТОДИ*

Тероризмот ги користи сите облици на насилство-вооружени и невооружени , па и методите се делат на вооружени и невооружени:

*Општи методи* на на вооружено терористичко дејствување се

- диверзии,
- атентати,
- киднапирања,
- вооружени закани,
- нуклеарни закани,
- вооружени акции: напади, препади и грабежи,
- криумчарење оружје, дрога, нуклеарен материјал и други облици на тежок криминал.

*Практични / тактички вооружени методи* се:

- поставување на темпирани мини,
- далечински управувани мини / бомби,
- автомобил бомба- стационирани и со постава,
- луѓе - самоубици како бомби (современи камикази),
- писма бомба,
- предмети- бомби: пенкало, упаљач, идр.
- препади на патишта,
- упади во станови,
- кражби на големи количини на оружје,
- напади на банки - грабежи на пари,
- рушење на авиони,

*Невооруженото насилство* се спроведува по следните методи:

- пуштање во промет на фалсификат на пари, поради внесување на несигурност на платниот промет, стекнување на имотна корист, односно обезбедување на прави пари потребни за финансирање на терористичката организација,
- уништување и попречување на работата на телекомуникацискиот систем со електронски честици,
- трговија со дрога,
- убацување на вирус во информациските електронски мрежи, и разарање на системот, пробивање на заштитната брана и упад во базата на податоци, откривање на тајни податоци и нивна злоупотреба,
- психолошка, информативна и економска диверзија...

### *3.2.9. ТЕРОРИСТИЧКИ СРЕДСТВА*

Терористите во своите терористички активности ги користат сите расположливи средства, бирајќи ги за секоја акција најрационалните, најприменливите со кои се постигнуваат најдобри резултати.

Средствата се делат на :

- вооружување,
- експлозивни направи пластичен експлозив идр,
- хемиски , биолошки и нуклеарни средства,
- опрема и
- превозни средства.

Според потеклото средствата се делат:

а) приречни и
б) формациски

Современите терористички организации, посебно оние кои имаат јаки спонзори или донатори опремени се со најмодерно вооружување и опрема која најмногу наменски одговара за изведување на одредени акции. Најчесто се работи за средства кои многу лесно може да се сокријат или тешко да се воочат или се подготвени како средства за нешто сосема друго и поинаква намена а имаат голема употребливост и моќ за уништување на поединци или групи. До наоружувањето се доаѓа по пат на шверц, со провали во продавници, складишта магацини или транспорти или поклони од своите спонзори или донатори.

Приречните средства најчесто ги подготвуваат сами користејќи голем број средства што се користат во домаќинството и стопанството.

### *3.2.10. ТЕХНОЛОГИЈА НА ДЕЛУВАЊЕ*

#### *3.2.10.1. Одредување на општиот однос према противникот (политичко одредување)*

Терористичките организации одсекогаш пред себе имаат одреден противник или непријател со кого војуваат односно против кого се борат. Со утврдувањето на целите на својата организација практично тие го утврдуваат својот однос према

својот противник, во кој најчесто основна содржина во тие односи е непријателство, нетолеранција и безкомпромисност. Односно сето тоа претставува и темел - фундамент во одредување на политичкиот однос спрема противникот кој најчесто јавно се прокламира.

Таа политичко одредување најчесто ја содржи општата и политичката квалификација на противникот (окупатор, киднапер, тиранин, кривоверник и се друго најлошо) со што се служат пред домашната и меѓународната јавност но и за одредување на својата политика, борба и сратегија спрема противникот (пр. однос во политичкото и насилно дејствување на едно или друго подрачје односно определување на приоритети).

### *3.2.10.2. Општи подготовки*

Врз основа на определената политика и стратегија на делување против противникот, а во согласност со поставените цели на организацијата практично се врши и подготовка која опфаќа :

- политичко- психолошко припремање на членството или групите.
- собирање и обработка на податоци за противникот, неговите блиски соработници и други интересни податоци за субјектите.
- разузнавачки и контраразузнавачки обработки на сопствените стуктури, состојбата во сопствените кругови и симпатизери.
- разузанавачко - политичка проценка и
- борбена обука на членството.

Членовите на терористичките организации најчесто политички добро се потковани пред да влезат во организацијата бидејќи најчесто однапред се подготвувани. Во самата организација

веднаш продолжува процесот на целосна, идеологизација сраснување со организацијата односно нејзините цели и интереси, развивање на процесот на лојалност до степен на подготвеност ако е потребно да го дадат и својот живот. Со таквиот однос се врши и селекција и функционално распределување и насочување према задачите кои се нај способни да ги извршуваат. Терористичките организации постојано се во недоразбирање и судир со од себе по надмоќен непријател, за кого најчесто треба добро да се информирани односно објективно и во целост да го познаваат. Од тие причини разузнавачката дејност е составен дел на секоја терористичка организација, поготово при собирање на податоци за големината на противникот неговата јачина , распоред на силите, начин на делување, обученост исл. Во нивниот начин на делување е исто така многу важна работа и располагање со податоци за положбата на сојузниците на непријателот, нивната поддршка распоред за укажување на помош, евентуални спонзорства и подршка во случај на ескалирање на состојбата. Пред извршување на секоја задача внимателно се собираат податоци за конкретната цел (објектот на напад) и се што е во врска со него. По собраните податоци се врши разузнавачко политчка проценка која служи за насочување и планирање на активностите , политичка и психолошка подготовка на членството, избор на стратегијата на дејствување, одредување на длабочината на навлегување во илегала исл. Таа процена е појдовна точка и за оперативна и за тактичка постапка која се донесува врз база на добиени разузнавачки податоци за целта и врз основа на добиениот план за акција, извршители, средства, методи и се друго.

*3.2.10.3. Непосредната подготовка опфака:*

- избор на целта и објектот на напад (непосредна обработка)
- избор на методите на делување;
- формирање на групи за извршување на задачата;
- обука и опремување на составот за делување и
- подготовки за настап пред јавноста.

### *3.2.10.4. Ивршување на акцијата:*

- излегување до местото на акцијата;
- нејзино извршување;
- повлекување;
- прикривање;
- исчезнување на групата;
- конечно криеење

### *3.2.10.5. Истакнување на намерите и барањата на организацијата и превземање на одговорност за акцијата.*

Претпоставува медиумски настап во ударни термини и истакнување на целите на актот и целите на организацијата.

### *3.2.10.6. Реализација на целите*

Реализацијата на целите е последната инстанца на терористичкиот акт и тој во себи ги вклучува:

- преговорите во врска со барањата и
- анализата на севкупните резултати

### *3.2.11.ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ (ОДБЕЛЕЖЈА) НА ТЕРОРИЗМОТ*

Современиот тероризам има некои обележја кои го прават различен од поранешните видови и облици на тероризам и другите извори на загрозување. За разлика од предходните форми има некои посебни одбележја и карактеристики во неговата суштина и делување и тоа:

- тероризмот постана комуникациски чин покмеѓу терористите од една и народот и владата од друга страна,
- голем интерес на терористите за јавноста и јавноста за терористите,
- тероризмот ја следи неизвесноста од резултатот, а често и страдањата на случајните жртви кои немаат никаква врска со тероризмот,
- терористичките организации обично јавно превземаат одговорност за акцијата и воедно ги истакнуваат нивните барања према државата или некоја друга нападната страна,
- терористите по правило се спремни на смрт во извршување на нивните акции,
- тероризмот ја следи драматичноста на случувањето која ја окупира светската јавност и свесно обрнува посебно внимание на неговите актери кои подоцна преставуваат една од нивните цели,

- со терористичката акција редовно се развива голема медиумска галама,
- терористите секогаш размислуваат сериозно и вистински што го потврдуваат нивните постапки и жртви,
- тероризмот го карактеризира добра организација , припременост и брзина во извршувањето на акциите,
- основен принцип во работата е тајност во работењето,
- тероризмот е намерен и најчесто политички а можно е и финансиски мотивиран,
- жртвата е скоро секогаш објект а не цел на нападот, целта е секогаш далекумерна,
- се е поприсутна и воочлива е појавата на бивалентност во правниот облик на тероризмот (за некои држави и државници тероризмот е злочин а за некои не )

### *3.2.12. ВИДОВИ НА ТЕРОРИЗАМ*

Тероризмот можеда се подели на различни начини односно според различни критериуми. Поради тоа може да се зборува за:

- политички и неполитички тероризам;
- внатрешен и меѓународен тероризам;
- индивидуален и групен тероризам;
- државен и недржавен тероризам (партиски, герилски, национален , расен и сл.)
- војнички, полициски, цивилен, верски, економски, информациски и сл.

#### *3.2.12.1. ВНАТРЕШЕН ТЕРОРИЗАМ*

Внатрешниот тероризам се појавува во држави во кои не им се решени некои клучни внатршно политички, национални, етнички и општествени проблеми или пак истите споро се решаваат (барања за радикални и брзи решенија), во услови на диктатура и не почитување на човечки права (отпор на диктатурата и нејзиното намалување), во услови на висока идеолошка и политичка спротиставеност на општествените структури и нивната меѓусебна нетрпеливост (борба за власт). Во пракса тероризмот најчесто се среќава како непримерен односно насилнички начин за борба против владеачката политика (режим) кој го спроведува владеачката структура, најчесто преку терор или насилно делување на екстремни општествени групи, организации и движења против демокртскиот поредок на земјата со цел да воспостават сопствена диктатура или со примена на непримерен облик

на борба за политичко- територијална автономија, односно отцепување.

Внатрешниот тероризам првенствено е насочен ртив постоечката власт и политичкото движење а го спроведуваат сили кои се незадоволни од демократските методи на делување, бидејќи се убедени дека неможат да дојдат до власт по демократски пат односно да ги остварат своите цели и интереси, сметајќи дека сега е право време за тоа.

Општеството и државата во политичка и безбедносна смисла се категоризираат според а и делуваат во следниве области:

- *област за демократско делување во кое делуваат политичките партии и други демократски снаги во државата*

Демократските сили организирани како политички партии, левица и десница се наметнуваат во борбата за власт и решавање на внатрешните, општествените и др. проблеми со демократски политички методи и средства. Меѓу нив а и во услови на најтешки спротиставувања постои одреден степен на политичка толеранција кои не им дозволува да излезат од рамките на демократското делување.

- *област на параполитичко делување , која опфаќа јавно насилно делување кое често е илегално*

Општествените и политичките односи никогаш и никаде неможат да бидат идеални, а ни силите кои се во нив не се еднакви. Секогаш меѓу нив и на левицата и на десницата меѓу оние кои повеќе или помалку, почесто или поретко излегуваат од рамката на утврдените норми во однесувањето на организацијата , движење или

други структури на кои им припаѓаат, како што ги има и оние кои не припаѓаат никаде и оние кои во политичкиот процес се појавуваат како дел од слободната политичка маса кој делува према моменталното расположение. Тие сили во политичкото делување внесуваат елементи на сила и стихија, политичко а по некогаш и физичко насилство и така ствараат простор на параполитичко делување кое ако моментално не се сопре може да продуцира терор или терористичко однесување кое опфаќа:

- закани на разни собири
- јавни протести со разурнувачки особини
- масовни нарушувања на јавниот ред и мир спортски манифестации (со политичка заднина)
- политички и морални дискфалификации на луѓе со изнесување на невистини во јавните гласила, познати како афери
- индивидуални и групни насилни политички пресметки на јавни места
- милитантни (фашистички, националистички, расни ) и слични манифестации, и
- терор на разлутена (вознемирена) толпа.

***Облас̄т на ш̄ероризам, односно т̄аен ,илеḡално насилно делување од јавни , момент̄ално видливи разорнувачки ефект̄и.***

Изразито екстремните општествени сили и структури, убедени дека неможат своите интереси и намери да ги остварат по демократски пат на делување или по внатрешната природа (идеолошка, верска, политичка) нетолерантани и агресивни однапред се определени за насилно делување односно тероризам. Тие на

другата страна на општествените односи и процеси створаат подрачје на тероризам во кое е на удар се што нее на нивна страна. Овај тероризам се јавува како:

- *десен* (бел или црн),
- *лев* (црвен), и
- *црн* (споени крајните крила на првите два).

Секоја демократска држава настојува да го прошири просторот на политичко демократско делување така што треба да ги зафати сите структури во општеството и сите области на општествено делување.

Со проширувањето на демократските односи, со целосното остварување и почитување на граѓанските, односно човечките права и слободи, со подобрување на вработеноста и подобрување на општествената организираност, за побрзо решавање на постоечките проблеми исл. се стеснува просторот за вонполитичко недемократско, насилно делување и за опстанок на силите кои ги спроведуваат тие односи.

Државата како легална политичка институција е спротивставена на тероризмот. Односот помеѓу државата и тероризмот е многу комплициран и се остварува на повеќе нивоа:

- на општо ниво: однос држава - тероризам;
- на стратешко ниво; однос држава - терористичка организација;
- на практично ниво:однос држава -терористичка пракса.

Државата во секој случај, на било кое ниво од овие треба да има јасен став према другата страна , но и во поглед на своите

обврски, можности и политичко делување. Државата и терористичката организација во секој случај се во меѓусебно недоразбирање и противречност и постојано во различна положба. Државата во секој случај претставува стратешка цел на тероризмот, а во тие рамки се и неговите мети (објекти на напад). Таа во секој случај е посилен фактор бидејќи има организирани институции: војска, полиција, а и поголемиот број на население о мобилизациска моќ е на нејзина страна. Но и покрај тоа државата често не е во состојба да има прави ибформации со каков противник има работа, не знае точно кои се објекти на делување , место и време на нападот, не знае за начинот на напад (облик, средства, тактика и др.) па поради тоа мора да се подготвува на слепо особено кога разузнавачките органи за прибирање на податоци не се во добра форма.

Носителите на тероризмот (терористичките организации и групи) се кријат во сенката на државните институции па најчесто не се видливи , и без подршка на месното население но сепак се во одредена предност. Тие знаат за каков противник се работи , сами ги одредуваат непосредните цели за напад, примена на средства, место, време и начин на напад, (време на напад, акција и сл.). Државата како и сите други демократски структури во неа претставуваат отворена мета за терористите кои може во секое време да бидат нападнати и секогаш по пат на изненадување. Тоа е еден од елементите кои терорзмот го прават застрашувачки и допушта можности за искористување на можност за општа мобилизација и борба против него. Во таа смисла секоја демократска држава има повеќе можности и изгледи за подобра организираност и делување за разлика од терористичките единици.

### *3.2.13. МЕЃУНАРОДЕН ТЕРОРИЗАМ*

#### *3.2.13.1. РАЗВОЈНИ ФАЗИ*

Ако се тврди дека тероризам може да се нарече секоја систематизирана примена на терор тогаш би можело со право да се каже дека тероризмот постоел многу од дамна, и дека ги проживеал и преживеал сите општествени промени и да се покажал како дејност на многу држави (државни тероризам, пр. во Рим во времето на Нерон и други тирани), организација и движење (класични тероризам, на пр. убиството на Цезар), верски институции (верски тероризам на пр. прогонувањето на христијаните ) и тн.

Деветнаесетиот и дваесетиот век е полн со терор и тероризам од сите бои и тоа на сите страни на светот.

Но и ако се работело за недела од широки размери дометот на тие терористички акти заради комуникациско-информациската и военотехничката револуција од овој век, биле ограничени просторно и по вистинските и можните резултати. Посочените промени направија од тероризмот она што денес се нарекува современ тероризам. Се она што во минатото можело да се нарече ограничен тероризам кој има и свој ран период или фаза и тоа ( до крајот на првиот век на новата ера), потоа среден (до крајот на19-иот век), и зрел период (до средината на 20-иот век).

Современиот меѓународен тероризам почнува во екот и кулминацијата на студената војна и антиколонијалната револуција, односно виорот на националноослободителните движења и војни во

кои се создавале организации, групи и движења за кои терористичкото дејствување претставувало основна содржина на политичко делување односно единствена поточно главна метода за остварување на целите, интересите и програмите кој добива целосен препознатлив облик на почетокот на 1960 -те години.

Современиот тероризам може да се етапира на различни начини :

Во динамичка смисла може да се подели на :

- период на експанзија (од 1960 год. до крајот на 1981 год).
- период на отстапка и повлекување длабоко во илегала (1982-1984)[16]
- период на заживување, меѓународно поврзување, спонзорирање и интернационализација на дејствување (1985 - 1990)
- период на наплив на нови врсти на тероризам - фундаменталистички, електронски и информациски, (од 1991 год. навамо).

Во развојно - предметен поглед на движење, тероризмот би можело да се подели на некулку периоди:

- период на класичен вооружан тероризам;
- појава и развој на електронски тероризам (доаѓа со појавата на електронските системи во управувањето на борбените системи, произведните системи, системи за рано откривање на опасност, системи за известување, и др системи.
- Период на информациско – информатичко и државно верски и фундаменталистички тероризам во деведесетите години и

16 Тој период почнува со ослободувањето на Американскиот генерал ДОСИЕР од народниот затвор Црвени бригади на 17..12 .1981 година кога почнува и интензивна меѓународна активност за сузбивање на тероризмот,

- Настапување на период на закани од типот на нуклеарен и биохемиски тероризам.

Во организациско - акцискиот поглед маже да се воочат следните фази:

- самостојно дејствување на терористичките организации, групи и движења ( до средината на осумдесетите години).
- Соработка на сродни терористички организации и групи на меѓународно ниво,
- Стекнување на спонзори помеѓу обавештајни организации и држави,
- Државен тероризам и заеднички настап на класичниот и државниот тероризам,
- Создавање на меѓународни терористички групи и професионализација.

Сите овие класификации се релативни и треба да се прифаќаат условно бидејќи тероризмот е комплексна појава во кој се временски и содржајно испреплетени различни врсти и облици на делување. Практично е невозможно со точност да се утврди кога и во кој период започнува кога завршува, па пради тоа определувањето е според елементите што во моментот преовладуваат.

### *3.2.13.2. ТЕНДЕНЦИИ ВО МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕРОРИЗАМ*

Во меѓународниот тероризам се' повоочливи се одредени значења, како што се:

- соработка помеѓу терористичките организации со слични особони и основи,
- подржување на терористичките групи и нивно ставање во служба на држава која е склона на терористички активности,
- настојувањата тероризмот да се искористи за интернационализација на судирите, посебно војната, така што локалните судири во локален облик едноставно да се пренесат на светска сцена вовлекувајќи во нив што поголем број држави,
- професионализација на терористите и тероризмот,
- аполитичност на професионалните извршители (работа за пари).
- Бивалентност на тероризмот (за едни е злочин а за други не) односно залагање, тероризмот да се легализира како нормална појава и обид да се оправда, како "облик на борба за оправдани-праведни цели",
- Веродостојност на тероризмот како нуклеарна биолошка и хемиска закана[17]
- глобализација на тероризмот (тероризмот постанува глобална закана и глобален проблем)[18]

17 Стручњаците по ова прашање се поприлично поделени, некои мислат дека нема можности од нуклеарна тероризам бидејќи не е лесно да се направи мала нуклеарна диверзанска бомба . Меѓутоа присутно во светот е тоа дека има околу 20 земји кои можат да направат мала нук. бомба за околу 70 милиони долари. Во врска со ова види пошироко во трудот на Karl – Heinz Kamp, Nuklear Terrorism – Hysterical Concern or Real Risk, German Foreign Affairs Review: Vol. 46, No. 3..

18 Под глобализација на тероризмот се подразбира процес во кој тероризмот се наметнува како светска појава , закана и проблем. Додека некои автори глобализација на тероризмот ја гледаат во :

1. тероризмот како интернационална војна,
2. можност за легализација на тероризмот (како облик на борба за оправдани цели )
3. создавање на меѓународни терористички групи,
4. сигурноста на тероризмот како можна нуклеарна , биолошка и хемиска закана.

### *3.2.14. ДРЖАВЕН ТЕРОРИЗАМ*

Кога некоја држава односно нејзината власт спроведува насилство над нејзините жители, установи и други структури, не се зборува за тероризам туку за владеење на терор, диктатура и сл. Но кога некоја држава системски, отворено или прикриено, спроведува насилство кон други земји или нејзините граѓани и институции, тогаш се работи за тероризам, државен тероризам, меѓународен тероризам. Значи, *под државен тероризам се подразбира секој облик на меѓународен тероризам, кој некоја држава го извршува против друга држава, самостојно или во согласност со терористичките организации.*

Постојат два вида на државен тероризам. Тоа се:

- *директна терористичка дејност*: организирање на терористички групи на својата или на териториата на на други (приателски) држави,уфрлање на терористички групи во трета земја создавање на терористички групи во трети земји, спроведување на терористички акции во трети земји.

- *помош на постоечките терористички организации*: испорака на оружје, наоружување и опремување, обучување и оспособување, финансирање, сместување, снабдување со патни исправи, логистичка подршка,помош за создавање на база.

Државниот тероризам по правило го спроведуваат државите, кои го оправдуваат тероризмот како облик на борба за остваруање на праведни и „праведни цели". Обично се работи за држави со автократски режим, кој и во сопствените земји владеат со насилство.

Во таквите држави доаѓа до *спрега помеѓу државата и терористичките организации* со слични цели и политички погледи. Таа спрега се огледа во заедничките настапи, взаемната заштита и оправдување на постапките, давање помош на терористичките организации и сл.

Во *државата во која се води или подржува тероризмот се создава главна база* на терористичките организации со соодветен штаб со одреден број на луѓе, согласно полигоните за обука и опремата. Во таа база прогонетите терористи наоѓаат заштите исместување, каде се врши обука на приателските терористички групи од други држави, разработување на оперативни планови и сл.

*Државата која спроведува тероризам:* носи и развива идеологиа на тероризам и настојува во светот да ја оправда или барем да ја ублажи осудата од меѓунаодната заедница и јавноста. Таа ја одредува концепцијата, политиката, сратегија на делувањето во согласност со нејзината внатрешна и меѓународна политика, ги утврдува целите на терористичките делувања, воспоставува организација за спроведување на програмата и плановите за терористичко делување (така што создава сопствена терористичка институција / организација или организира одомаќинување на некоја од постоечките организации) со соодветен штаб, луѓе, полигони за обука на терористите и тн, управува со реализацијата на програмот и плановите.

Државата која спроведува тероризам не го работи тоа непосредно иако во целост го подржува , постојано настојува да ја сокрие својата терористичка природа и активност. Во оваа смисла постојано се создаваат услови за делување од некое друго подрачје но постојано и тоа да биде прикриено. Со изведувањето на акции се открива само преку жртвата или кога јавно се прифати одговорноста но не и постојано.

Во пријателската држава се организира тајна заднинска/логистичка база која служи за:

- транзит,
- чување на опремата,
- престој на послугата за одржување,
- прихват на терористите,
- одржување на врска со локалната разузнавачка мрежа.

Заднинската база никогаш не служи за непосредно изведување на акции бидејќи мора да остане во тајност за цело време на нејзиното постоење, исто така не смее да ја компромитира пријателската држава и нејзините служби.

Базата најчесто делува:

- ➢ самостојно,
- ➢ со помош на државата во која се наоѓа главната база но стално во согласност на разузнавачките служби на државата домаќин.

Нивната оперативност е таква што терористите определени за извршување на одредени активности го чекаат во оваа база времето на поаѓање во трета земја. Секогаш, кога појдат, поаѓаат како обични граѓани без опрема за да нема можност на било кој начин да се поврзат со тероризмот.

Во државата жртва се формира истурена база ( *ад хок база* ) што ја контролираат терористи кои никогаш не се извршители, тие живеат нормално незабележливо како граѓани кои по ништо не се разликуваат од останатите граѓани во средината во која живеат.

Задачи на базата се :

- ➢ да им обезбеди оружје и друга опрема на терористите – извршителите кои постојано од друга земја доаѓаат како обичнии граѓани без оружје.

- да ги прифати извршителите – терористите и да ги запознае со задачата,
- да ги донесе терористите на местото за извршување на акцијата (група за поддршка),
- да обезбеди можност за брзо повлекување и оддалечување од местото на теророт односновраќање.

## *3.2.15. ТЕРОРИСТИЧКИ АКЦИИ*

### *3.2.15.1. Основни карактеристики*

Терористичката акција претставува завршен чин на еден или почеток на нов терористички круг. Со неа се завршува замислата на еден терористички водач околу нанесување на удар на непријателската територија ии започнува нов круг во кој врз основа на постигнатити резултати од спроведената акција се поставуваат нови барања на повисоко ниво и се планираат нови акции. Секоја терористичка акција носи одредена порака, таа претставува облик за меѓусебна комуникација помеѓу терористичката организација и противникот односно јавноста. Терористичката акција претсавува клучен проблем грижа и централна точка во тероризмот, поради што принципот на упорност и континуитет се основни начела во спроведувањето на терористичките акции. Поради тоа често е забележително избирањето на луѓето како членови и извршители на терористички акции, бидејќи неможе секој да работи се, за поедини врсти на акции се бираат луѓе ментално, сручно, физички најоспособени што само по себе подразбира редовна обука, психофизичка подготовка и сл.

За терористичката дејност многу е важно секоја акција да биде добро подготвена, што опфаќа добро проучување на целта, избор и добро проучување на местото на секоја акција, добра разработка на планот, запознавање на секој извршител со конкретни задачи итн. Многу важна работа е максимална подготовка врз принципот на изненадување кој е присутен во скоро сите акции, но секако дека не смеат да се запостават принципот на тајност, брзина на изведување и подготовка за акција. Исто така успех во изведувањето на акцијата носи и изборот и прилагодувањето на наоружувањето и опремата за извршување на задачата. Терористичките акции во основа се безскрупулозни и крути а однесувањето на терористите поготово во текот на акцијата и непосредно после неа крајно безкомпромисни. Со таквиот однос се гарантира извршување на акцијата и сигурно остварување на целта, при што како последица се јавуваат страдањата на луѓето и уништување на материјалните добра. Терористичките акции ги карактеризираат разноврсноста на методите кои се применуваат, изборот на целите и местото на изведување. Многу е присутно постојаното усовршување на методите и средствата користење, на научни и техничко технолошки постигнувања и пробив во сите подрачја на човековата дејност. Терористичките акции, во зависност од намерата се превземаат на земја во вода во воздух а не е ни чудно да се применат и во вселената.

### *3.2.15.2. Динамика на терористичките активности*

- За терористичките активности и акции не постојат единствени и конкретизирани податоци за нивната бројност, форма и методи од познати причини, бидејќи во светот постојат различни

пристапи и критериуми во оценувањето, што е и што не е тероризам или терористичка акција. Според американските статистички податоци во светот за период од 20 години односно од 1975 год до 1995 год. на полето на меѓународниот тероризам се извршени 9731 терористичка акција или просечно во една година 486,5.

*Т-3.2. Преглед на терористичките акти по години*[19]

| ГОДИНА | БРОЈ | ГОДИНА | БРОЈ |
|---|---|---|---|
| 1975. | 345 | 1986. | 612 |
| 1976. | 457 | 1987. | 665 |
| 1977. | 419 | 1988. | 605 |
| 1978. | 530 | 1989. | 375 |
| 1979. | 434 | 1990. | 437 |
| 1980. | 499 | 1991. | 565 |
| 1981. | 489 | 1992. | 363 |
| 1982. | 487 | 1993. | 431 |
| 1983. | 497 | 1994. | 321 |
| 1984. | 565 | | |
| 1985. | 635 | | |
| ВКУПНО | | | 9.731 |
| ПРОСЕК | | | 486 |

[19] Извор: Paterns of global Terrorisam 1994, ст.65 Нешто поразлични податоци од овие произнесува Daniel S. Papp во својата книга International Relations, Macmillan Publishing Company, New York, 1988., ст.99

Распределбата на извршените терористички акции по периоди е следна:

- од 1975 - 1980 г. извршени се 2684 акции или 447 во просек годишно,
- од 1981 - 1985 г.извршени се 2673 акции или 534.6 во просек годишно,
- од 1986 - 1990 г. извршени се 2694 акции или 538 во просек годишно

од1990 - 1995 г.извршени се 1680 акции или 420 во просек годишно, терористичките акти по години претставени се во табелата (Т.3.2.).

На графикот (Г-3.1.) претставени се меѓународните терористички инциденти во периодот од 1975 до 1995 година.

*Г-3.1. Меѓународни терористички инциденти 1975-1995.*[19]




Од податоците презентирани на графиконот може да се види дека најмногу терористички акции имало во периодот од 1985 год. до 1988 год. односно околу 600. Меѓутоа прикажаните податоци не го потврдуваат на повеќе места потенцираното тврдење дека

тероризмот од 1981 год до 1985 год стагнирал односно тоа би можело да се каже само за автохтониот тероризам а не и за тероризмот во глобала.

### *3.2.15.3. Распространетост на терористичките напади*

Тероризмот е распространет на дел од планетата, а најмногу терористички напади се превземени во Латинска Америка, Западна Европа и на Блискиот Исток, но поголем број на терористички напади се насочени против САД.[20]

Од табелата Т-3.3., може да се види дека во периодот од 1989 год. до 1994 год. во Л. Америка се извршени 821 терористички напади, во Западна Европа 760, на Средениот Исток 466, во Азија 256, и во Африка 146 од што може да се види дека терористичките напади секаде се намалувале а во Блискиот Исток се зголемувале. Но после 1994 год. интензивирани се и некои други жаришта како што се Авганистан, БиХ , Чеченија , Аустрија, САД и Република Македонија.

Според некои статистики тероризмот секоја година погодувал по околу 70 земји во светот, а од терористички акции ни една земја во светот не е поштедена.

---

[20] На пример во 1994 год. против САД. Во Латинска Америка се извршени 44 терористички напади, на Средниот Исток извршени се 8 напади, во Азија извршени се 5 напади, во Западна Европа извршени се 5 напади , во Африка извршени се 4 напади од кои најмногу се бомбашки напади, вкупно 43, грабнувања 10 и вооружени напади 9. Нај многу напади биле насочени на работни луѓе и објекти (Извор:Patterns of Global Terorism 1994 god. US Department of State 1995 год. стр.67).

*Табела Т-3.3. Број на терористички напади по подрачја*[21]

| ПОДРАЧЈЕ | ГОДИНА | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1989** | **1990** | **1991** | **1992** | **1993** | **1994** | |
| АФРИКА | 50 | 53 | 3 | 10 | 6 | 24 | **146** |
| АЗИЈА | 42 | 92 | 48 | 13 | 37 | 24 | **256** |
| ЕВРОАЗИЈА | 2 | 6 | 6 | 3 | 5 | 12 | **34** |
| ЛАТ. АМЕР | 131 | 163 | 229 | 143 | 97 | 58 | **821** |
| СРЕД.ИСТОК | 48 | 46 | 78 | 79 | 100 | 115 | **466** |
| С. АМЕР. | 4 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | **9** |
| З. ЕВРОПА | 98 | 77 | 199 | 113 | 185 | 88 | **760** |
| | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **375** | **437** | **565** | **363** | **431** | **321** | **2492** |

Податоците презентирани во табелата Т-3.3. графички претставени би изгледале вака:

*Г-3.2. Број на терористички напади по подрачја 1989-7994.*




[21] Извор:Patterns of Global Terorism 1994 god. US Department of State 1995 год. стр.72

### *3.2.15.4. Насоченост и видови на терористички напади*

Терористичките напади најмногу се насочени на амбасадите, владините установи, дипломатските преставништва, војската, полицијата индустриски и трговски центри, така што врз амбасади биле насочени 43% од нападите, на владини објекти 8,5% на дипломатски објекти 8,4% на војската 1,7% а на се останато 38,4%. Најмногу од постигнатите ефекти одпаѓа на жртви на луѓе и тоа во категоријата на останати цели до 1994 год. жртви во просек има: 71,6% во амбасади, 13,4 % во дипломатија, 7,1 % на влади 4,3 % и кај војската 3,6 %.

Терористите користат најразлични врсти на напад врз своите жртви (цели) од кои најчесто бомбашки и вооружени напади. Бомбашките напади најчесто се спроведуваат со подметнување на експлозив, испраќање писмо бомба, авто-бомба и уфрлување на бомба во зграда или друг објект каде престојуваат луѓе, луѓе бомби - самоубици. Вооружените напади претставуваат брзи акции на вооружените групи насочени на важни и поголеми цели за остварување на радикални цели. Понатаму по редослед доаѓаат грабнувањата и напади со запаливи бомби , разурнувачки напади и потоа разбијачки акции и држење заложници, Табела:*Т-3.4*.

Терористите најчесто се одлучуваат за фаќање и држење на заложници тогаш кога сакаат да изнудат нешто од некоја влада пр. кога сакаат да ослободат од затвор нивни другари, осигурување на слободен пролаз низ земјата која ги има заробено, прибирање на финансиски и материјални добра.

Најсоодветен пример за држење на заложници е драмата во Лим која преставува школски пример со кој се послужија и терористите во Чеченија. Често заложниците се бараат во

дипломатските преставништа бидејќи на тој начин се постигнува интерес на светската јавност. Од 1977 год. до 1987 год. биле окупирани преку 60 дипломатски преставништа во светот, во кои при престрелките загинале повеќе од 20 луѓе, 10 тешко ранети а околу 400 луѓе се држени како заложници, за кои е барано да бидат ослободени околу 700 криминалци. Во табелата Т-3.4. презентиран е преглед на терористичките напади по вид и објект до 1995 година.

***Т-3.4. Терористички напади по вид и објект на напад***

| ***Реден број*** | ***Вид на напад*** | ***Број на напади*** | ***Процентуална застапеност %*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1. | Држење на заложници | 1 | 0.3 |
| 2. | Завземањее на објекти | 1 | 0.3 |
| 3. | Дивјаштво-вандализам | 2 | 0.6 |
| 4. | Оружени препади | 2 | 0.6 |
| 5. | Палења | 6 | 1.9 |
| 6. | Напади | 9 | 2.8 |
| 7. | Напади со запаллива бомба | 31 | 9.7 |
| 8. | Киднапирања | 42 | 13.1 |
| 9. | Оружени напади | 101 | 31.5 |
| 10. | Бомбашки напади | 126 | 39.2 |
| | | | |

Завземањето на објектите најчесто оди со некоја друга акција како што е фаќање на заложници, обезбедување (запленување) на оружје, храна и пари со вооружен напад или препад. Најголем број на напади на дипломатски преставништа со цел за обезбедување на заложници извршен е во комбинација на препад и заробување.

Најголем напад, (неземајќи ги предвид терористичките напади во САД во септември месец 2001 година) со тешки последици има извршено палестинско-исламската терористичка група на 17.3.1992

год. на преставништвото на Израел во Буенос Аирес во кој напад се убиени 29 и ранети 242 луѓе. Во односниот терористички напад голем е бројот на заробеници и воздухоплови. Од бројни примери вреди да се спомени примерот на заробувањето на заменикот на началникот на штабот на копнените сили на НАТО за јужна Европа, американсдкиот бригаден генерал Џемс Досиер на 17.12.1981 во Верона, потоа убиството на Алдо Моро претседател на Демократската партија на Италија кого го грабнаа и убија Црвените Бригади.[22]

Прво грабнување на авион е грабнувањето на патнички авион што го извршила група од 5 перуански револуционери во 1930 год. кои го присилија пилотот да кружи над Лима со цел да фрлаат летоци против тогашната влада. Према извештаите на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство во периодот од 1969 год. до 1972 год. се извршени се 75 киднапирања на авиони годишно, бројка што подоцна се намалува така што во 1983 год се грабнати 38 авиони, во 1984 год. грабнати се 28 авиони, во 1985 год. грабнати се 27 авиони, во 1986 год. грабнати се 11 авиони, во 1987 год. грабнати се 13 авиони. Постојат податоци дека до 1978 год. во 52 земји грабнати се 450 авиони во кои грабнувања во акциите до 1972 год погинале 450 луѓе.

Во пописот на терористичките акции има и доста атентати на политички и бизнис личности но и на луѓе од други подрачја, грабнувања што од разни побуди и мотиви претежно ги вршат поединци . На пример, Папата Јован Павле Втори, е жртва на Мехмет Али во 1981 год. Во поново време многу е присутно на испраќање на

[22] Грабнувањата (киднапирања) во Италија се честа појава кои најчесто ги организираат Италјанската мафија и Црвените Бригади.пр. во 1976 год. извршени се 63 , во1977 год. 77 , во периодот од 1970 - 1977 год. извршени се 295 киднапирања. Голем е бројот и на други терористички акции во 1968 год извршени се 173 , а десет години покасно извршеним се преку 2000 акции.

писма бомби, писма кондуктори на заразни болести и др. како посебен начин на извршување на атентат.

### *3.2.15.5. Последици- жртви на терористичките напади*

Кога за споредба со последиците би се имале предвид другите извори на загрозување како што се сообраќајни несреќи, природни несреќи и сл. жртвите на тероризмот во однос на нив не се многу големи. Меѓутоа опасноста не е во тоа што се случило туку многу повеќе во она што можеше да се случи. Тероризмот како опасност во светот е во можност да да предизвика многу повеќе жртви, тешкотии, неволи и други непријатности од оние кои досега беа предизвикани, од кои причини тој прераснува во глобален светски проблем. Тероризмот во зависност од неговиот интензитет и острина од година во година се менува така што во 1980 достигна бројка од 1.100 ранети и околу 6оо повредени во терористички акции, за да во наредните две години значително се намалил бројот на ранети на 830 и 840 повредени 170 и 146. Податоците за трендот на погинати и ранети во терористичките акции за периодот од 1973 до 1985 година презентирани се во табелата Т-3.5 а графичкиот приказ е даден на графикот Г-3.3.

До вакво намалување е дојдено најверојатно поради зголемени антитерористички активности на меѓународната заедница, а и заради тоа што бројката на терористичките активности е намалена.

*Т-3.5. Починати и ранети во меѓународни Терористички напади 1973-1985*[23]

| ***Година*** | ***Ранети*** | ***Починати*** | ***Вкупно*** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1973 | 560 | 150 | 710 |
| 1974 | 1080 | 340 | 1420 |
| 1975 | 710 | 290 | 1000 |
| 1976 | 960 | 400 | 1360 |
| 1977 | 426 | 232 | 658 |
| 1978 | 680 | 420 | 1100 |
| 1979 | 580 | 470 | 1050 |
| 1980 | 1100 | 606 | 1706 |
| 1981 | 830 | 172 | 1002 |
| 1982 | 846 | 146 | 992 |
| 1983 | 1280 | 680 | 1960 |
| 1984 | 1060 | 492 | 1552 |
| 1985 | 1248 | 964 | 2212 |
| *вкупно* | *11360* | *5362* | *16722* |

[23] Податоците се табелирани врз основа на графичкиот приказ во книгата за 1973-1985 год. на Daniell S. Papp: Contemporary International Relations, с 515.

*График Г-3. 3.*




Податоците презентирани во табелата, *Т-3.6.*, ја покажуваат распространетоста на жртвите во светот во периодот од 1989 год до 1994 год. Во тој период во светот имало 5130 загинати и ранети, најмногу во Азија 1067, Латинска Америка 1021, и Северна Америка 1007. Најмногу жртви имало во 1993 год. Во испитаните шест години, споредено со претходните години (1980-1985) може веднаш да се воочи голема разлика така што жртвите во поново време се многу помала зачестеност особено (1980-1985) биле 9429, а (1989-1994) веќе се сведуваат на 5130.

*Т-3.6. Загинати и ранети во меѓународниците терористички напади во периодот 1989 - 1994 година**

| Подрачје | година | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1989 | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | |
| | | | | | | | |
| **Африка** | 326 | 140 | 3 | 28 | 7 | 55 | 559 |
| **Азија** | 205 | 481 | 150 | 25 | 135 | 71 | 1067 |
| **Евроазија** | 0 | 2 | 7 | 0 | 1 | 163 | 173 |
| **Лат. Амерерика** | 94 | 92 | 68 | 374 | 66 | 327 | 1021 |
| **Среден Исток** | 96 | 97 | 33 | 236 | 17 | 235 | 875 |
| **С. Америка** | 0 | 0 | 0 | 1 | 1006 | 0 | 1007 |
| **З. Европа** | 42 | 22 | 56 | 65 | 117 | 126 | 428 |
| | | | | | | | |
| **Вкупно** | **763** | **834** | **317** | **729** | **1510** | **977** | **5130** |

**Не се внесени податоците за Северна Америка за 1994 година и !! Септември 2001 година*

Пред напад над луѓе, терористите напаѓале и материјални богадства, посебно објекти. Најмногу на удар биле работните објекти, што укажуваат и податоците во Табелата, *Т-3.7.* Во периодот од 1989 - 1994 нападнати се 1.407 работни, 342 дипломатски, 163 владини, 87 воени и 722 други објекти. Најмногу објекти се нападнати во 1991 година. Во таа година имало најмалку човечки жртви од тероризамот, па може да се заклучи, дека терористите во тој период повеќе биле насочени на објекти него на луѓе, но тоа може да биде` и сосема случајно .

*Т-3.7. Број на терористички напади 1989 - 1994. по видови*

| **Вид на објект** | **година** | | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *1989* | *1990* | *1991* | *1992* | *1993* | *1994* | |
| | | | | | | | |
| *Работни* | 193 | 188 | 377 | 249 | 274 | 126 | 1407 |
| *Дипломатски* | 41 | 53 | 112 | 71 | 41 | 24 | 342 |
| *Владини* | 39 | 34 | 34 | 11 | 20 | 25 | 163 |
| *Воени* | 18 | 16 | 29 | 5 | 14 | 5 | 87 |
| *Други* | 89 | 137 | 139 | 146 | 99 | 112 | 722 |
| | | | | | | | |
| *Вкупно* | 380 | 428 | 691 | 482 | 448 | 292 | 2721 |

Соединетите Американски Држави се секогаш на удар на терористите. Во таа зејмја, не рачунајќи го терористичкиот напад во Септември 2001 година, најинтензивни терористички напади се извршени во 1993 вкупно 431, а во 1994 година вкупно 321 терористички напади. САД се посебна цел на меѓународниот троризам и тоа повеќе во светот отколку во самата земја. Причината за тоа е пред се улогата која тие ја имаат во светските стопанствени, економски и политички процеси, посебно во некои делови од светот. Од табелата *Т-3.8.*. се гледа, дека САД во периодот 1987 - 1994 имале 1.164 ранети и 243 загинати, т.е. 1.407 жртви на тероризмот. Најмногу, не рачунајќи го терористичкиот напад во Септември 2001 година, настрадале во 1993 и 1988 година. Најголем број антиамерички напади се случуваат во Јужна америка и на Средниот Исток. Познати се на пр. нападите од 1983, на 18 април на Амбасадата на САД во Бејрут, која ја разрушиле самоубијци со камион- бомба или 23 септември, истата година кога на сличен начин

била нападната воздухопловната база во Бејрут, при што погинале 300 америкснски маринци и француски војници.

*Т-3.8. Број на настрадани во меѓународните терористички напади против САД во периодот 1987-1994 година**

| **Година** | **Ранети** | **Загинати** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1987 | 47 | 7 | 54 |
| 1988 | 39 | 193 | 232 |
| 1989 | 18 | 15 | 33 |
| 1990 | 34 | 9 | 43 |
| 1991 | 16 | 7 | 23 |
| 1992 | 1 | 2 | 3 |
| 1993 | 1004 | 7 | 1011 |
| 1994 | 5 | 3 | 8 |
| | | | |
| **Вкупно** | **1164** | **243** | **1407** |

**Извор: Исто како и табела Т-3.2.*

# *4. ОРГАНИЗАЦИСКО ФОРМАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА АНТИТЕРОРИСТИЧКИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

## *4. ОРГАНИЗАЦИСКО ФОРМАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА АНТИТЕРОРИСТИЧКИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Анализирајќи го одбранбено-безбедносниот систем на Република Македонија од аспект на неговата сегашна поставеност и структуираност во функција на превземање на анти-терористички активности и контратерористички дејства може да се заклучи дека во Република Македонија сили од таков тип и со единствена таква намена нема.

Имено, следствено и посочениот теориски пристап во однос на категориите антитероиразам и контратероризам[24], реално е да се очекува дека во рамките на одбранбено-безбедносните субсистемски структури, системски не се предвидени засебни организациско формациски структури чија што основна задача е превземање на активности и дејства од областа на антитерористичката дејност. Системскиот пристап кон оваа проблематика се чини е изразен низ прагматичната експлицитност на подготвеноста за превзенање на антитерористички активности од било каков вид третирајќи го антитероризмот како интер-ресорна и полиформациска активност. Концепциски, се чини дека антитерористичките дејсвта се во ингеренција на Министертвото за одбрана и Министерството за внтарешни работи а нивната извршна компонента е изразена низ постоењето на сили за т.н. *посебна намена*. Во рамките на Министерствот за внатрешни работи организациски е предвиден

[24] Поглавје 1., Котовчевски М.,Национална безбедност на Р. Македонија, Втор дел, Македонска Цивилизација, Скопје, 2000, стр.118.

сектор за антитероризам, *Шема бр.4.1.*[25], но од шемата презентирана на сликата не може да се воочи извршниот сегмент на овој сектор. Се чини дека егзекутивниот аспект на антитерористичката активност е во ингеренција на Секторот за посебни единици во чии рамки се предвидени Единицата за специјални задачи, "Тигар" (*Шема бр.4.3.*) и Единицата за брза интервенција "Лавови" (*Шема бр.4.3.*). Во рамките на Министерството за одбрана пак, во организациско формацикста структура на Армијата на Република Македонија предвидена е единицата за специјална намена "Волци"(*Шема бр.4.2.*)[26].

Ваквиот пристап, искуствено се покажа дека не соодветствува на потребите. Интерресорниот пристап наметна потреба од координација на севкупните активности во антитерористичката активност што и се оствари со востанувањето на Координативното тело на Владата на Република Македонија.

[25] Шемата е превземена од архивата на МВР

[26] Шемите: 4.2. и 4.3. се начелни, претпотавени и воспоставени од страна на кандидатот




*шема бр.4.1. Организациска поставеност на Министерството за внатрешни работи на република македонија*

*шема бр. 4.2. Мирновременска организација на единицата за специјални намени при АРМ- "Волци'*



*Шема бр.4.3. Начелна организациско-формациска структура на единиците "ТИГРИ" и "ЛАВОВИ"*



# 5. ИСКУСТВА ОД АНТИТЕРОРИСТИЧКИТЕ ДЕЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## *5. ИСКУСТВА ОД АНТИТЕРОРИСТИЧКИТЕ ДЕЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Терористичките активности во Република Македонија отпочнаа претпазливо, најнапред инцидентно, наизглед несинхронизирано и неповрзано, оставајќи впечаток на активности на неорганизирани и независни поединци и групи. Имено, ваквиот пристап ја изразуваше првичната фаза на делувањето на терористичката организација како првично дијагностицирање на подгответноста и способноста на безбедностните сили на Република Македонија да одговорат на планираните активности за остварување на предвидените цели. Оваа констатација ја потпираме врз несомненото конвергирање на овие првични, инцидентни акти кон "*организирана оружена побуна*", цел што недвојбено, терористичките сили на албанските екстремисти во регионот а со тоа и во Република Македонија ја постигнаа.

Припадниците на терористичките организации во регионот, водени од заедничко поставената платформа и цел за насилно уривање на Уставниот поредок на Република Македонија, загрозување на територијалниот интегритет и суверенитет, со насилни средства, со употреба на најразличен вид софистицирани оружја кои на граѓаните со Закон им е забрането да ги набавуваат поседуваат и употребуваат, со терористички напади, убиства на припадници на Армијата на Република Македонија, Министерство за внатрешни работи и граѓани-цивили, со методи на етничко чистење, преку киднапирање на припадници на Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Македонија односно цивили, нивно земање во заробеништво, спрема нив примена на методи на мачења и нечовечки постапувања, палења на куќи на Македонци кои по род не се Албанци,

палења православни цркви, силување и масакрирање на жртви, разбојништво, грабеж на куќи и заземање туѓи имоти што се "прогласуваат" бесправно за албански, причинување штети од огромни размери, оштетување или уништување водоводни и електрични мрежи, примена на колективно мачење на огромен број цивили, со нанесување лесни и тешки повреди или убиства, со крајна цел да се протераат од нивните вековни огништа, да се раселат и да се добијат етничко чисти територии населени само со Албанци, за така да се разбие Република Македонија како суверена унитарна држава, со употреба на оружје, воени средства и техника и со терористички акции заземаат и окупираат територии од Република Македонија, за да ги отцепат нив од нејзината територијална целина, заради реализирање на нивната идеја за создавање "Големо Косово" и "Голема Албанија"[27], за да се обединат Албанците од регионот во една етнички чисто албанска територија.

За таа цел формирале фондови на посебни сметки во западно европски земји (во Швајцарија, Германија, САД и други) на кои се слеваат големи суми на парични средства, во прв ред од недозволена трговија со дрога, луѓе-бело робје, оружје, а потоа и од финансирање со насилна принуда преку притисок на поединци и претпријатија во дијаспората, во земјава и странство (како што е поранешниот фонд "Татковината повикува за народно ослободување на Косово", сега преименуван во "Фонд за национално ослободување" во кој се собрани околу 60.000.000 ГМ, а во планот на фондот се зацртани околу 200.000.000 ГМ, сите наменети за воена и терористичка обука на Албанци, набавка на оружје, воена опрема, санитетски материјали,

[27] ПЛАТФОРМА на Националниот Комитет за ослободување и одбрана на албанските територии (KKČMTSH) донесена и објавена на интернет на 10. 07. 2001. г,Скопје-Трирана-Приштина

логистичка поддршка, храна и преземање конкретни вооружени воени дејства).

## *5.1. ХРОНОЛОГИЈА НА ПОЗНАЧАЈНИТЕ НАСТАНИ*[28,29]

***Кон крајот на 1997 и во текот на 1998 година***, претставниците на раководството на посочената организација во странство, стапуваат во контакт со истомисленици во Република Македонија при што ги инструирале да селектираат лица во Република Македонија заради нивно вклучување во терористички акции низ Република Македонија, како и за регрутирање на лица, нивна обука во диверзантско - терористичките кампови во Република Албанија и нивно уфрлување во Република Македонија, а потоа и преку систематска и долготрајна работа со терористички акции на различни подрачја во Република Македонија, организирале насилство, вооружени судири со безбедносните структури на Република Македонија, вршеле застрашувања со примена на најразлични софистицирани оружја, преку терор, загрозувајќи го физичкиот интегритет и здравјето на поединци, населението во повеќе села и градови, давајки повремени соопштенија со кои ги преземаа одговорностите за извршените терористички напади, правдајќи ги со лажни и демагошко срочени изјави дека своите акции ги преземаат заради наводната обесправеност на Албанците во Република Македонија, во однос на Македонците, со цел да извршат притисок врз Македонците, за да се иселат од своите вековни огништа и преселат на други места, така извршат етничко чистење.

[28] Податоците за хронологијата на настаните се преземени од архивата на МВР
[29] Дел од хронологијата може да се најде и во Белата книга: тероризмот на т.н. ОНА, Министерство за внатрешни работи на Р.Македонија, стр.111-141

Целта на "етничкото чистење" е да се добијат етнички чисти територии населени само со Албанци, за потоа лесно да ги приклучат кон Косово, СР Југославија или Република Албанија, ***па така дејствувајќи тие ги презеле најпрвин следните дејствија***:

***5.1.1. Во периодот декември 1997 година – јули 1998 година*** членови на илегални групи, раководени од странство, со повеќе преземени одделни акции подметнале експлозивни направи во Скопје, Куманово, Прилеп, Гостивар и Тетово, од кога всушност започнува злосторничката организирана терористичка активност на вооружените групи Албанци:

***а). На 16.12.1997 година,*** околу 20,20 часот, во Гостивар во непосредна близина на Општинскиот суд, подметната е и активирана експлозивна направа при што е причинета материјална штета;

***б). На 04.01.1998 година,*** околу 21,30 часот, во Куманово во непосредна близина на УВР, подметната е и активирана експлозивна направа при што е причинета материјална штета;

***в). На 04.01.1998 година***, околу 21,50 часот, во Прилеп во непосредна близина на УВР, подметната е и активирана експлозивна направа, при што е причинета материјална штета;

***г). На 13.04.1998 година,*** околу 22,10 часот, во Кичево во непосредна близина на Основниот суд, подметната е експлозивна направа која не е активирана;

***д). На 15.05.1998 година,*** во точно неутврден час, во Скопје во непосредна близина на ОУ “Тефејуз”, подметната е експлозивна направа која не била активирана;

***ѓ). На 18.05.1998 година,*** околу 22,35 часот, во Тетово во кругот на УВР, подметната е и активирана експлозивна направа при што е причинета материјална штета;

***е). На 25.05.1998 година***, околу 21,30 часот, во Скопје во кругот на полициската станица “Бит Пазар”, подметната е и активирана експлозивна направа при што е причината материјална штета;

***ж). На 20.07.1998 година***, околу 23,15 часот, на пругата Куманово-Табановце во непосредна близина на железничката станица “Карпош”-Куманово, подметната е и активирана експлозивна направа при што е предизвикана материјална штета;

***з). На 21.07.1998 година***, околу 02,50 часот, во Куманово до оградата на касарната “Кристијан Тодоровски Карпош”, подметната е и активирана експлозивна направа при што е причинета материјална штета;

***ѕ). На 25.07.1998 година,*** во Куманово, во точно неутврден час во непосредна близина на кафе барот “Хациенда” подметната е и активирана експлозивна направа која предизвикала материјална штета.

***5.1.2. Почнувајќи од 1999 година,*** по постигнатиот договор за трансформација на "ОВК" (UČK), (Ослободителна војска на Косово) отпочнува поинтензивната активност на терористичката организација, во насока да се групираат и организираат заради дејствување врз основа на нивната заедничка платформа заради создавање на *"Големо Косово"* и *"Голема Албанија"*, да ја дестабилизираат, федерализираат и територијално да ја поделат Република Македонија, и да овозможат приклучување на нејзини делови кон " Големо Косово" или "Голема Албанија". Според однапред направената платформа, основен метод на нивното дејствување требало да биде изведување на герилско, диверзантско-терористички акции спрема објекти и припадници на АРМ и МВР на Република Македонија. Тие се обиделе да се наметнат како водачи на радикалните Албанци во регионот преку проширувањето на вооружените дејствија во Република Македонија, користејќи оружје, воена опрема, санитетски материјал, криумчарен од Република Албанија, од Косово и од други подрачја, илегално вршејќи присилна мобилизација меѓу месното население, собирајќи од населението во Република Македонија и од дијаспората парични прилози и секаква друга помош, па како резултат на нивната активност на територијата на Република Македонија е оформена злосторничката терористичка организација – банда, т.н. "ОНА", која формирала Главен штаб со седиште во Призрен, со политичко и воено крило, и која своите терористички дејствија ги вршела на територијата на Република Македонија преку пет "бригади" (означени под број "111", "112","113","114", "115","116","117"), во кои биле ангажирани над 4.000 терористи, од кои 1.500 добро обучени и платеници од странство, и 2.500 насилно и доброволно мобилизирани припадници на албанската националност во Република Македонија (*Шема бр.5.1.*). Припадниците

на ОНА во периодот што следел презеле вооружени терористички напади на територијата на Република Македонија - северо-западниот дел, Тетовско, Танушевци, Радуша, реонот на Рашче, Липковско-Кумановскиот регион и Скопско (Арачиново):

*Шема бр. 5.1. Орагнизациско формациска структура на ОНА (УЧК)*



1. ***<u>На 11.01.2000 година</u>***, во точно неутврден час, на влезот во с. Арачиново-Скопско, во организираниот терористички напад на група терористи на т.н. "ОНА" (UČK) врз патрола на МВР, убиени се тројца припадници на полицијата на МВР: Кирил Петрушевски, Ерол Готак и Ацо Ангелевски. Со првото писмено соопштение од 30.01.2001 година т.н. "ОНА" (UČK) ја презеде одговорноста за овој терористички напад.

2. ***<u>На 19.01.2000 година</u>***, со рачен ракетен фрлач, точно - неутврден број на терористи на т.н. "ОНА" (UČK) извршиле напад врз ПС "Осломеј"–Кичево, при што беше причинета материјална штета, а одговорноста за овој напад со писменото соопштение од 30.01.2001 ја презеде т.н. "ОНА" (UČK).

3. ***<u>Ноќта помеѓу 21 и 22.01.2001 година</u>***, во точно неутврден час, од точно неутврдени непосредни извршители на т.н. "ОНА" (UČK), беше нападната ПС "Теарце" – Тетово, врз која беа испукани две гранати од ракетен фрлач и повеќе куршуми од автоматско оружје, а животот го загуби Момир Стојановски, и потешко беа повредени Давор Евросимовски, Лика Јаки и Борче Џуровски, сите припадници на полицијата на МВР, а беше причинета и материјална штета. Со соопштение број 4 од 23.01.2001 година одговорноста за нападот ја презеде т.н. "ОНА" (UČK), односно дека нападот е извршен преку нејзина специјална единица.

4. ***На 08.03.2000 година,*** во точно неутврден час, во Тетово, од досега неидентификуван терорист на т.н. "ОНА" (UČK) со ракетен фрлач беше испукана граната врз објектот на УВР, при што беше приченета материјална штета.

5. ***На 02.02.2000 година,*** во точно неутврден час, од неидентификуван терорист на т.н. "ОНА" (UČK), беше фрлена рачна бомба на УВР Куманово, при што беше причинета материјална штета.

6. ***На 16.02.2001 година,*** во точно неутврден час, во непосредна близина на с. Танушевци–Скопско, новинарска екипа на А1 Телевизија од Скопје беше заробена од страна на вооружени терористи на т.н. "ОНА" (UČK). По извршен претрес на членовите на екипата и нивното возило, и откако им биле одземени, камерата и другата опрема, новинарите биле ослободени.

7. ***На 25.02.2001 година,*** во точно неутврден час, во Скопје, во близина на градскиот пазар "Бит Пазар", од неидентификувани терористи на т.н. "ОНА" (UČK) беше повреден припадникот на полицијата на МВР Гоце Николовски од Скопје, којшто се проектил испукан од пиштол тешко телесно е повреден со прострелна рана во пределот на стомакот.

8. ***На 05.03.2001 година,*** во точно неутврден час, во м.в. "Рамно", во близина на Скопје, при експлозија на нагазна мина, поставена од неидентификувани терористи на т.н. "ОНА" (UČK), животот го

загубија двајца војници припадници на АРМ: Кирче Димитров и Дејан Јакимовски.

9. ***На 05.03.2001 година***, во точно неутврден час, во м.в. "Рамно", во близина на Скопје, со снајперски проектил испукан од терорист на т.н. "ОНА" (UČK), бил погоден припадникот на АРМ Теодор Стојановски, кој од добиените повреди починал.

10. ***На 08.03.2001 година,*** во точно неутврден час, во близина на с. Брест–Скопско, од нагазна мина, поставена од неидентификувани терористи на т.н. "ОНА" (UČK), животот го загуби припадникот на полицијата на МВР Горан Стојановски.

11. ***На 11.03.2001 година,*** во точно неутврден час, при обиколка на селата Брест и Танушевци, неидентификувани албански терористи на т.н. "ОНА" (UČK) го нападнале лицето Добре Цветковски цивил од Скопје и му ја скршиле раката.

12. ***На 21.03.2001 година,*** во точно неутврден час, во комплексот "Чаирчанка" во Скопје, неидентификувани терористи на "ОНА" (UČK) испукале повеќе проектили од пиштол врз двајцата полицајци на МВР, Јане Јакимовски, кој веднаш починал и Миќа Костовски од Крива Паланка, кој добил тешка телесна повреда.

13. ***На 14.03.2001 година,*** во точно неутврден час, на подрачјето на општина Куманово, терористичка група на т.н. "ОНА" (UČK), со огнено оружје од заседа ги нападнале и повредиле цивилите,

граѓаните Љубиша Каранфиловски и Добре Цветковски од Куманово.

14. ***На 22.03.2001 година,*** во точно неутврден час, во атарот на с. Грачани– Скопско, терористи во неутврден број на т.н. “ОНА” (UČK) испукале граната од рачен фрлач, при што тешко телесно го повредиле во пределот на стомакот, припадникот на полицијата на МВР Кире Димитриевски од Скопје.

15. ***На 26.03.2001 година,*** во точно неутврден час, во атарот на с. Визбегово – Скопско, терористи на т.н. “ОНА” (UČK) со употреба на автоматско оружје извршиле напад врз петчлена полициска патрола на МВР, при што тешко телесно го повредиле припадникот на полицијата на МВР - Јордан Утковски од Скопје, со проектил во десната потколеница.

16. ***Во периодот од 14.03.2001 до 26.03.2001 година,*** во точно неутврден час, при вооружените престрелки со терористите на т.н. “ОНА” (UČK), утврдени во месноста “Кале” над Тетово, 14 припадници на МВР беа полесно и потешко повредени и тоа: Дончо Антоски од Тетово, прострелна рана во десната нога, Ивица Тодоровски од с. Брвеница – Тетовско, прострелна рана во левата рака, Марјанчо Милевски од Тетово, прострелна рана во пределот на стомакот, Салиу Резак од с. Добри Дол – Гостивар, прострелна рана во десната нога, Горан Ангелов од с. Оризари – Кочани, прострелна рана во десната нога, Сашо Гиевски од с. Трубарево, прострелна рана од шрапнел во левото рамо, Сашо Петрушевски од Скопје, прострелна рана во слепочницата, преку шлем, Мемети Беким од с.

Долно Палчиште – Тетовско, повредена десната нога, Имери Ердуан од с. Теарце – Тетово, повредено лево колено, Дејан Копчаревски од с. Мирковци – Скопје, гребнатина од камен во десното колено, Марјан Митров од Демир Капија, прострелна рана во десната надлактица и градниот кош, Николче Кузмановски од Крушево, рана од шрапнел во горните екстремитети и аркадата, Дејан Филиповски од Скопје, рана во десната нога од шрапнел, Горан Величковски од Скопје, рана во левата рака од шрапнел.

17. ***На 28.03.2001 година,*** во точно неутврден час, во м.в. "Рамно" – Скопско, од поставена нагазна експлозивна мина, од страна на терористите на т.н. "ОНА" (UČK), животот го загуби припадникот на полицијата на МВР, Љупчо Мирчевски.

18. ***На 31.03.2001 година***, во точно неутврден час, при вршење безбедносни задачи во обиколка на теренот во околината на с. Глажња – Кумановско, од страна на неидентификувани лица – терористи на т.н. "ОНА" (UČK) го нападнале полицаецот Љубиша Каранфиловски од Куманово, кому во нападот му била скршена потколеницата.

19. ***На 28.04.2001 година***, во точно неутврден час, помеѓу с. Вејце и с. Селце – Тетовско, од заседа беше извршен злосторнички вооружен напад од терористи на т.н. "ОНА" (UČK), врз заедничката патрола на МВР и АРМ, кога животот го загубија: Маријан Божиновски, Кире Костадиновски, Илче Стојановски (припадници на полицијата на МВР), Роберт Петковски, Бобан Трајковски, Игор Крстески и Миле Јаневски (војници, припадници на АРМ), а беа тешко

повредени: Златко Јанкуловски од Битола, Горан Калевски од Ресен, Јовица Божиновски од Битола (припадници на полицијата на МВР), Јонче Донев, Тоше Крстески и Бранко Стојкоски (војници, припадници на АРМ). Притоа, беше причинета поголема материјална штета, а со соопштение од 30.04.2001 година, на радио "Дојче – Веле" командата на "ОНА" ја презеде одговорноста за овој терористички напад.

Според наодот на судско-медицинските вештаци утврдено е дека телата на убиените полицајци и војници посмртно се масакрирани. На едниот од убиените му е скршен черепот со употреба на кундак од пушка, кај двајца се забележани убодни рани на рацете и нозете, посмртно нанесувани со нож, а неколку од убиените се со влезни рани во пределот на главата, направени од испукан проектил од автоматско оружје посмртно.

20. ***На 03.05.2001 година,*** во точно неутврден час, по апелот на безбедносните сили на Република Македонија кон терористите за прекин на борбените дејствија и предавање на оружјето извршен е напад со минофрлачки гранати од терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK) во насока кон пунктот "Макпетрол"–Кумановско, каде беа стационирани војници, припадници на АРМ.

21. ***На 15.05.2001 година***, околу 09,30 часот, во атарот на с. Лисец – Тетовско, кај месноста "Сидол", со минофрлачко и автоматско оружје, извршен е злосторнички терористички напад на групи на т.н. "ОНА" (UČK) на две теренски и едно товарно возило што се движеле по патот кон полициската станица "Попова Шапка" при што е погодено едно теренско возило на Полицијата и полесно е

повреден припадникот на резервниот состав на полицијата на МВР, Дончо Спасеноски од Тетово.

22. ***На 22.05.2001 година,*** околу 19,45 часот, кај полицискиот пункт "Лисец" – Тетовско отворен е оган со воено - формациско оружје од терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK) врз две теренски и едно патничко моторно возило на МВР, кои вршеле проверка на околината во м.в. "Дервен". Тој ден планинарската куќа на Јелак е запалена и целосно уништена. При повлекувањето на Посебната единица на полицијата во близина на полицискиот пункт "Лисец", терористичките групи одново нападнале при што е погодено и целосно уништено моторното возило "Чироки", а значително е оштетено другото теренско возило "Хермелин", додека тешко се повредени осум припадници на полицијата на МВР: Мите Јакимов, Зоран Трајков, Јован Мирчевски, Сандре Спиров, од Кочани, Благоја Трајчов и Зоран Голчев од с. Оризаре – Кочани, Влатко и Ѓорѓи Белчевски од с. Русиново – Берово, Дејанчо Донев од Радовиш и Станко Стаменковиќ од Куманово.

23. ***На 24.05.2001 година***, околу 13,00 часот, од реонот на с. Лојане – Кумановско, со три проектили испукани од терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK), погодено е цивилното товарно возило на ветеринарната станица Куманово, паркирано до дезинфекциската бариера на преминот во близина на граничниот премин "Табановце".

24. ***На 24.05.2001 година***, околу 19,00 часот, во с. Ваксинце – Кумановско, терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK) отвориле

оган од автоматско оружје на припадници на полицијата на МВР, при што лесно телесно биле повредени: Горан Ристески од Прилеп, Жарко Милошевски од Скопје, Сашо Гиевски од с. Трубарево – Скопско (со овој напад по втор пат повреден од терористите), Благе Денковски од Скопје; тешко телесно биле повредени: Горан Петрески од Прилеп и Братислав Милевски од Скопје.

25. ***На 25.05.2001 година, околу 09,30 часот***, во атарот на с. Ваксинце, со испукан проектил од огнестрелно оружје од неидентификуван терорист припадник на т.н. “ОНА” (UČK) тешко телесно е повреден припадникот на Посебната единица на полиција (ПЕП) Александар Костов од Велес.

26. ***На 26.05.2001 година,*** во точно неутврден час, од терористички напад на терористите припадници на т.н. “ОНА” (UČK), на полициската станица во с. Матејче, со минофрлачки и снајперски оган лесно телесно е повреден припадникот на ПС “Бит Пазар” од Скопје, Зоран Јакимовски.

27. ***На 26.05.2001 година,*** во точно неутврден час, во атарот на с. Опае – Кумановско, извршен е терористички напад на т.н. “ОНА” (UČK) со минофрлачки оган во кој тешко телесно е повреден во пределот на главата, десната рака и грбот со парчиња од шрапнел заменик на генералот на одделот за полиција на МВР, Зоран Јовановски, од Скопје.

28. ***Во текот на 25.05, 26.05 и 27.05.2001 година,*** во точно неутврден час, во вооружен судир со терористички групи на т.н. “ОНА” (UČK)

во близина на с. Матејче од испукани проектили од огнестрелно оружје, погодени се пет припадници на МВР: Костадин Ѓорѓиевски од Крушево, кој добил лесна телесна повреда во пределот на главата како гребнатина, Сашо Станојковиќ, од Куманово, тешка телесна повреда од шрапнел во левото колено, Ѓорѓи Димитровски од Делчево, кој добил тешка телесна повреда од шрапнел во подлактицата, Виктор Николовски од Штип, кој добил лесна телесна повреда, изгореници на прсти на левата рака од експлозија и Зоран Кимовски од Скопје, кој добил тешка телесна повреда, скинат лигамент на десното колено.

29. ***На 28.05.2001 година,*** околу 12,00 часот, неидентификувани терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK) со автоматско оружје во насока кон полицискиот пункт "Опае 2" испукале проектили, а околу 13,15 часот, дејствувале и со ракети земја-воздух во насока кон хеликоптерот на безбедносните сили, но не го погодиле, а истите експлодирале над железничката станица во Куманово, додека околу 17,30 часот, со четири проектили земја-воздух го нападнале и полицискиот пункт за прифаќање раселени лица "ФЗЦ 2", а дејствувале со огнестрелни оружја и кон полициските сили на МВР стационирани во с. Матејче и с. Никуштак.

30. ***На 30.05.2001 година***, околу 14,30 часот, во близина на с. Опае, припадниците на полицијата на АРМ ги прифатиле цивилните лица: Стојанче Стојчевски, Стојче Тасиќ, Жика Аврамовиќ и Круна Филиповиќ, сите од с. Матејче, кои од терористите биле заробени на 28.05.2001 година, а потоа, во спротивност со меѓународното право, биле физички малтретирани, оставени без храна и вода

повеќе денови, од што им било нарушено здравјето. Поради добиените телесни повреди, нарушеното здравје, лицата се задржани подолго време на болничко лекување.

31. ***На 31.05.2001 година***, околу 12,20 часот, товарно возило на АРМ (цистерна), кое се движело по патот од с. Бањани кон караулата "Биљак" наишло на нагазна мина поставена од неидентификувана група терористи на т.н. "ОНА" (UČK). Од експлозијата загинал војникот, припадникот на АРМ, Бубески Зоран, а возачот на цистерната е потешко повреден.

32. ***На 02, 03. и 04.06.2001 година***, во точно неутврден час, во с. Матејче во вооружените престрелки, терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK) со огнестрелно оружје испукале проектили и тешко телесно повредиле девет припадници на МВР, и тоа: Ивица Биндев, од Скопје, тешка телесна повреда од шрапнел во пределот на главата, Ненад Станојковиќ, резервен полицаец од с. Лопате, Куманово, тешка телесна повреда, од шрапнел во пределот на стомакот и хематом на окото, Драги Наков од с. Спанчево – Кочани, тешка телесна повреда од шрапнел во пределот на десниот колк, Александар Серафимовски од Свети Николе, тешка телесна повреда од шрапнел во главата, вратот, окото, рамото и десната дланка, Дејан Копчаревски од с. Мирковци – Скопје, тешки телесни повреди од шрапнел во пределот на стомакот и левата подлактица, Ристо Цолев од Скопје, тешка телесна повреда од шрапнел во десната нога, Драгче Драгчевски од Скопје, тешка телесна повреда од шрапнел и скинати лигаменти на колено, Ванчо Цветковски од Струмица, тешка телесна повреда од шрапнели во пределот на

екстремитетите, вратот и откинат дел од подлактицата, Стојан Цветанов од Ново Село – Сгрумица, тешка телесна повреда од шрапнел во пределот на дланката.

33. ***На 05.06.2001 година,*** неидентфикувани терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK) ивршиле напад со автоматско оружје и минофрлачи од првите куќи во с. Шипковица, врз безбедносните сили лоцирани на пунктот "Шипковичка кривина" – Тетовско, при што загинале пет војници припадници на резервниот состав на АРМ: Исак Руфати, постар водник од с. Одри – Тетовско, Kољо Китанов, од с. Сарај – Струмичко, Благојче Сиљанов, Влатко Миленковски и Петре Матичевски, од Битола.

34. ***На ден 05.06.2001 година***, околу 19,25 часот, неидентификувани терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK) со огненострелно оружје од заседа извршиле терористички напад од с. Гајре – Тетовско, при што со минофрлачи и автоматско оружје стрелале кон позициите на полициските сили на МВР, лоцирани помеѓу селата Лавце и Селце, кога се повредени Драги Савевски, од с. Сарачино – Тетовско, тешки телесни повреди во пределот на левата рака и десната нога, Сребре Ваневски, од с. Брвеница – Тетово, лесна телесна повреда во пределот на над колeницата, Игор Тодоровски од с. Брвеница – Тетово, лесна телесна повреда со шрапнел над колeницата и Сеат Кицара од с. Горно Оризари – Велес, гребнатини од шрапнел во пределот на ногата.

35. ***На 06.06.2001 година,*** во точно неутврден час, неидентификувани терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK) ги затвориле вентилите за водоводот од Липковското Езеро со кои со вода се снабдувало населението во Куманово и околината (повеќе од 100.000 жители). Повредувајќи ги правилата на меѓународното право, во подолг период не ја пуштале водата и покрај интервенцијата на институциите на системот од Република Македонија, Меѓународниот црвен крст и разни други меѓународни хуманитарни организации, и на тој начин измачувајќи го населението, применувајќи мерки на застрашување и терор и остварувајќи реална опасност за ширење заразни болести со катастрофални последици по здравјето на луѓето.

36. ***На 08.06.2001 година,*** околу 14,30 часот, неидентификувани терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK) го оштетиле далноводот за напојување со електрична енергија локалитетот "Попова Шапка" (зимски туристички центар, со многу викенд куќи и инфраструктура) и околните села Шипковица, Гајре и други, по што овие подрачја останаа без електрична енергија и беше оневозможено емитување на националната телевизија. Како последица од оштетувањето на системот, се исклучија четири помали хидроцентрали преку кои општината Тетово се снабдуваше со вода и за 40 % се намали дотекот на вода во мрежата на оваа општина, а така повредувајќи го меѓународното право и постапувајќи нечовечки, го измачувале месното население и применувајќи мерки на застрашување и терор, предизвикувајќи медиумска блокада, ги загрозиле животите и здравјето на луѓето поради недостиг на струја и вода.

37. ***На 08.06.2001 година***, вооружени терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK) навлегле во с. Арачиново, со употреба на сила и оружје сериозно им се заканувале на селаните да ги напуштат своите домови, при што жителите од албанска националност се упатиле кон граничниот премин спрема Косово–СРЈ, а жителите од македонска националност се преселиле кај пријатели и роднини во Скопје и други градови во Република Македонија. Откако селото останало претежно без нивните жители, ги ограбувале куќите на истераните селани по националност Македонци, зеле во заложништво повеќе лица, го фатиле селанецот Љупчо Јакимовски, кога ја посетил својата куќа за да земе лекарства за своето дете, физички го тепале и му нанеле тешки телесни повреди, тешко му го нарушиле здравјето поради што и денес се наоѓа на лекување, а потоа упатиле и закани, дека ќе ги рекетираат државните институции и другите витални и стратешки објекти во Скопје и околината како и Аеродромот во Петровец. Со овие дејствија, со застрашување и терор, кај голем број граѓани предизвикале чувство на вознемиреност, несигурност, страв за своите животи и имоти и недоверба кон институциите на системот.

38. ***На 10.06.2001 година***, во точно неутврден час, од експлозија на граната испукана од терористите на т.н."ОНА" (UČK), во близина на Куманово, беше повреден припадникот на резервниот состав на полицијата Аце Јаневски од Куманово кој добил тешка телесна повреда во пределот на десното рамо.

39. ***На 11.06.2001 година***, во точно неутврден час откако беше постигнат договор за прекин на огнот помеѓу безбедносните сили на Република Македонија и терористите на т.н. “ОНА” (UČK), со посредувањето на ОБСЕ, за да се реши прашањето на недостигот со храна кај населението во Липково и околината и да се зголеми дотурот на поголеми количини вода за потребите на населението во Куманово, односно заради интервенцијата на Меѓународниот Црвен Крст за евакуација на цивилното население од Липково, терористичките групи на т.н. “ОНА” (UČK) запалиле повеќе куќи на населението од с. Матејче по националност Срби и Македонци, а истовремено и православната црква во ова село.

40. ***На 11.06.2001 година,*** во точно неутврден час, на регионалниот пат Јажинце-Тетово во близина на мостот кај с. Одри, две терористички групи на т.н. “ОНА” (UČK), извршиле вооружен напад врз моторно возило на МВР, кое се движело по патот, отварајќи оган со автоматско оружје од различни позиции, кога се повредени осум припадници на полицијата на МВР и тоа: Мирче Станковски од с. Непроштено – Тетово, резервист, тешка телесна повреда со прострелна рана во десната потколеница, Небојша Петровски, од с. Непроштено - Тетовско резервист, тешка телесна повреда, со прострелна рана во левата потколеница, Дарко Чукарски од с. Русиново – Берово, лесна телесна повреда поради удар на левата нога, Новица Исајловски од Тетово, лесна телесна повреда со расекотини во пределот на лицето и главата, Атанас Кочоски од с. Русиново – Берово, лесна телесна повреда со нагмечување на стопалата и скочните зглобови, Ивица Денковски од Тетово, резервист, лесна телесна повреда со нагмечување на стопалото,

Божин Митев од Радовиш, лесна телесна повреда со нагмечено рамо и Горанчо Филев од Радовиш, лесна телесна повреда поради внесување на барутни честички во око.

41. ***На 14.06.2001 година,*** во точно неутврден час, во близина на с. Брњарци – Скопско на полицискиот пункт со голема брзина налетало моторно возило џип, марка "Нисан" со бугарски национални ознаки, на кое доминирал натписот "УЦК", при што терористот на т.н. "ОНА" (UČK) кој го управувал моторното возило отворил оган со автоматско оружје врз припадниците на полицијата, а откако бил совладан нападот, при претрес на возилото се пронајдени два рачни фрлачи "золји", рачен минофрлач, осум мини за минофрлач, три рамки за автоматска пушка со куршуми и една макара со спорогоречки фитил.

42. ***На 17.06.2001 година,*** во точно неутврден час, на полицискиот пункт наспроти пожарниот дом во Тетово извршен е претрес на патничко возило во кое се превезувале две лица, терористи на т.н. "ОНА" (UČK), од кои едното вперило пиштол кон полицајците заканувајќи се дека ќе ги убие, а другото посегнало по бомбата што му била закачена на појасот, но со брза и навремена интервенција лицата се совладани и против нив е поднесена кривична пријава поради постоење основано сомнение дека сториле кривични дела во убиствово "обид" и "помагање" на тероризам и "недозволено држење оружје или распрскувачки материи".

43. ***На 18.06.2001 година,*** во точно неутврден час, терористи облечени во црни маскирни униформи на т.н. "ОНА" (UČK) отвориле оган со

автоматско оружје врз позициите на полициските сили лоцирани во непосредна близина на граничниот премин "Јажинце"–Тетовско, а истовремено, таков оган бил отворен и од куќата во близина на граничната линија со СРЈ. Во престрелката која траела половина час, немало повредени полицајци.

44. ***На 19.06.2001 година,*** околу 11,45 часот, во близина на полицискиот пункт до фабриката АД, ФШЦ "11 Октомври" – Куманово, паднала и експлодирала артилериска граната испукана од непознат правец од терористичка група на т.н. "ОНА" (UČK) кога е оштетен дел од далноводот.

45. ***На 20.06.2001 година***, околу 15,30 часот, е извршен терористички вооружен напад на групите на т.н. "ОНА" (UČK) врз патрола на полициската станица "Рашче" – Скопско. Во нападот немало повредени припадници на безбедносните сили.

46. ***На 20.06.2001 година***, околу 15,00 часот во близина на с. Радуша – Скопско терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK), дејствувале со огнено автоматско оружје, спрема безбедносните сили на "Попова Шапка", при што седум гранати паднале на овој локалитет.

47. ***На 22.06.2001 година***, во точно неутврден час, во близина на с. Арачиново, во вооружени судири со престрелки, помеѓу терористичките банди на т.н. "ОНА" (UČK) и безбедносните сили на Р Македонија, повредени се лицата: Димитар Агротов од Скопје, Пепи Стојановски, резервист од Скопје, Благоја Блажевски,

резервист од Скопје и Далибор Трајковски, резервист од с. Идризово – Скопје.

48. ***На 23.06.2001 година***, во точно неутврден час, во вооружениот судир и престрелки помеѓу вооружени терористи на т.н. "ОНА" (UČK) и безбедносните сили на МВР, на гробиштата помеѓу селата Брњарци и Арачиново, животот го загубија тројца полицајци од кои еден од активниот состав, а двајца од специјалните единици на полицијата и тоа: Атанас Јанев (25)-припадник на Посебните единици на Полицијата, Скопје; Никола Пехчевски (25) – припадник на Единиците за специјални задачи, Скопје и Александар Стојчев (30) полицаец во ПС "Аеродром", Скопје. Повредени се и седум припадници на полициските сили од кои еден припадник на Специјалната единица кој поради добиени повреди во главата подоцна починал, и тоа: Златко Петров од Виница, лесна телесна повреда, Благоја Стојановски од Скопје, лесна телесна повреда, Горан Ѓорѓиевски од Скопје, лесна телесна повреда, Благоја Николовски од Гостивар, лесна телесна повреда, Драган Прокопиев од с. Ранковци - Крива Паланка, тешка телесна повреда, прострелна рана во градниот кош, Стојанче Ангеловски од Штип, тешка телесна повреда со шрапнел во рамото.

49. ***На 23.06.2001 година***, во точно неутврден час, во близина на с. Арачиново, во вооружените судири со престрелки помеѓу терористичките банди на т.н. "ОНА" (UČK) и безбедносните сили на Република Македонија биле повредени припадниците на МВР и тоа: Игорче Николовски, од Драчево - Скопје тешка телесна повреда од шрапнел, Настов Јордан, од Скопје тешка телесна

повреда од шрапнел, Сашо Талевски, од Скопје, тешка телесна повреда, Борис Сиваков, од Скопје, тешка телесна повреда од шрапнел, Звонко Лутовски од Скопје, лесна телесна повреда во вид на нагмеченици, Зоран Тосев од Свети Николе, тешка телесна повреда, Нове Дојчиновски од Драчево – Скопје, тешка телесна повреда од шрапнел, Димовски Александар с. Зелениково – Скопје, лесна телесна повреда во вид на нагмеченици во рбетниот столб и Станојоски Игор, од Радишани – Скопје, тешка телесна повреда, рана во десното стопало, од проектил испукан од снајпер.

50. ***На 23.06.2001 година***, во точно неутврден час, на патот од с. Дворце кон с. Радуша – Скопско во близина на границата на Република Македонија со Косово-СРЈ, терористички банди на т.н. “ОНА” (UČK), дејствувајќи од заседа извршиле вооружен напад со различни видови автоматски оружја, “золји” и минофрлачи, врз шестчлената полициска патрола од ПС на МВР “Рашче”, и тоа: Васе Пешевски од Скопје тешко телесно повреден, Ацо Стојановски, заменик командир од Скопје, Даниел Киров резервист од Скопје, Златко Јовановски резервист од Скопје и Зоран Трпевски резервист од Скопје се полесно повредени.

51. ***На 23.06.2001 година***, во точно неутврден час во вооружен судир со престрелка помеѓу терористичките банди на т.н. “ОНА” (UČK) и безбедносните сили Р. Македонија во атарот на с. Радуша повредени се припадниците на полицијата на МВР : Звонко Младеновски резервист од Ново Село – Скопско, лесна телесна повреда во пределот на окото и Сашо Мешковски од Скопје, тешка телесна повреда, – скршеница на екстремитетите.

52. ***На 23.06.2001 година***, во точно неутврден час, од месноста "Сидол" – Тетовско со автоматско оружје и снајпери е дејствувано од терористичките групи на т.н. "ОНА" (UČK) кон безбедносните сили стационирани на локалитетот "Попова Шапка" при што со проектил е лесно телесно повреден во десниот образ полицаецот Маријанчо Лазов од СВР Тетово. Истиот ден околу полноќ од правецот на м.в. Голгота и бачилата над с. Шипковица – Тетовско со формациско оружје "золји" и минофрлачи, е дејствувано врз безбедносните сили на "Попова Шапка", но, притоа, не се повредени припадници на МВР и на АРМ.

53. ***На 23.06.2001 година***, во точно неутврден час, но во повеќе наврати, терористичките групи на т.н. "ОНА" (UČK) со формациско автоматско оружје, снајпери и минофрлачи дејствувале од правецот с. Никуштак – Кумановско кон полицискиот пункт кај с. Никуштак, при што со граната е погодено едно теренско полициско возило на МВР и е тешко оштетено.

54. ***На 23.06.2001 година***, околу 10,15 часот, во м.в. "Сува Река" во близина на с. Долно Оращје – Гостиварско, терористичките групи на т.н. "ОНА" (UČK), испукале 10 проектили од огненострелно оружје, спрема патничкиот воз кој што сообраќал на железничката линија Скопје-Кичево и во кој имало цивилни лица. Притоа со проектили се погодени две прозорски стакла на еден од вагоните.

55. ***На 24.06.2001 година***, во точно неутврден час, терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK), дејствувале врз полицискиот пункт

стациониран кај с. Лавце – Тетовско, но, притоа, не биле повредени припадници на МВР.

56. ***На 24.06.2001 година***, во точно неутврден час, во околината на с. Арачиново–Скопско, терористичките групи на т.н. "ОНА" (UČK), дејствувале со снајпери и од автоматско оружје, со светлечки куршуми и минофрлачи, во насока кон полициските пунктови над с. Мојанци и живинарската фарма "Белинбегово". При овој напад терористите запалиле повеќе куќи на населението со православна вероисповест, главно Македонци.

57. ***На 25.06.2001 година***, околу 18,00 часот, терористичките групи на т.н. "ОНА" (UČK), извршиле вооружен напад со минофрлачи кал. 120 мм., спрема безбедносните сили на Република Македонија стационирани на локалитетот "Попова Шапка". При нападот е убиен припадникот на Посебната единица на МВР, Косте Велканоски (40) од ОВР-Неготино, а петмина се потешко повредени и тоа: Драги Крстев од Неготино, со шрапнел погоден во двете нозе, Тони Јовановски од Велес, со шрапнел погоден во вратот, Томче Николовски од Неготино, со шрапнел погоден во пределот на нозете, Нане Ѓорѓиевски од Неготино, со шрапнел погоден во нозете, и Сашо Ивановски од Гевгелија, со шрапнел погоден во пределот на левото рамо.

58. ***На 25.06.2001 година***, околу 16,00 часот, во близина на с. Дворце – Скопско, терористичките групи на т.н. "ОНА" (UČK), отвориле оган со автоматско оружје спрема товарниот воз кој сообраќал на релација Кичево – Скопје, при што со повеќе проектили е оштетен

металниот и стаклен дел од локомотивата, додека ниту едно лице не било повредено.

59. ***На 26.06.2001 година***, околу 18,30 часот, неидентификуван број на терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK), кај селата Никуштак и Вишница – Кумановско, со автоматско оружје и минофрлачи, извршиле напад врз воено-полицискиот пункт на Република Македонија стациониран кај с. Никуштак-Умин Дол. Нападот траел повеќе часови и притоа е предизвикан пожар на поголеми површини засадени со жито.

60. ***На 26.06.2001 година***, околу 23,00 часот, неидентификувани број на терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK), извршиле терористички напад врз полицискиот пункт стациониран помеѓу селата Лавце и Селце – Тетовско, при што, лесно телесно е повреден во увото и лицето Небојша Крстески, резервист од полицијата на МВР, од с. Џепчиште – Тетовско.

61. ***На 26.06.2001 година***, во точно неутврден час, во текот на целиот ден се извршени повеќе терористички напади од неидентификуван број на терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK), врз повеќе полициски пунктови стационирани кај Тетово и околните села. Притоа, немало повредени припадници на безбедносните сили на Република Македонија.

62. ***На 26.06.2001 година***, во вечерните часови, по повлекувањето на терористите на т.н. "ОНА" (UČK) од с. Арачиново, две полициски патроли влегоа во селото, а на 27.07.2001 година, околу 09,00 часот,

полициски сили во придружба на Истражен судија на Основниот суд Скопје II и Јавниот обвинител, како и претставници на ОБСЕ и Европската Унија, влегоа со цел да направат прегледи, претреси и да извршат деминирање на објектите во селото. При ова влегување, во повеќе селски куќи се откриени, поголеми количини оружје, експлозивни направи и борбени средства, главно од кинеско производство, а во неколку куќи и поголеми количини лекови и санитетски материјали. Голем број куќи, особено на православни Македонци, биле целосно ограбени.

63. ***На 30.06.2001 година***, во точно неутврден час, повеќе терористички групи на т.н. “ОНА” (UČK), влегле во тетовските села Једоарце, Отуње, Варвара и Сетоле, населени со православни Македонци. Терористите повредувајќи ги правилата на меѓународното право, ги малтретирале и протерале селаните, заканувајки им се со оружје, не им дозволувале да влегуваат во селото, а при тоа извршиле и оштетувања на повеќе викенд куќи и повеќе тешки кражби.

64. ***На 30.06.2001 година***, во точно неутврден час, неутврден број на терористички групи на т.н. “ОНА” (UČK), извршиле вооружен напад кај с. Дворце – Скопско, врз полициското возило “Хермелин” и врз полициската станица “Рашче”, пукајќи со автоматско оружје. Во овој напад немало повредени лица.

65. ***На 01.07.2001 година***, во попладневните часови, во с. Брезно – Тетовско пристигнала група од 10 униформирани со маскирни одела терористи на т.н. “ОНА” (UČK), кои повредувајќи ги правилата на меѓународното право, со вперено оружје во селаните, им наредиле

да го напуштат селото и да не се враќаат, бидејќи тоа била албанска територија. Кога кон нив се упатил цивилот Борис Магдиновски (58), од Тетово, терористите пукале во него и го убиле, а потоа со нозе го истуркале во ендекот покрај патот.

66. ***На 01.07.2001 година***, околу 20,00 часот, точно неутврден број на терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK), извршиле вооружен напад, од правец на с. Шипковица, врз позициите на безбедносните сили на локалитетот "Кале" – над Тетово, при што тешко го повредиле војникот, припадникот на АРМ, Блашко Толев од Неготино, кој починал на пат кон болницата.

67. ***На 01.07.2001 година***, во точно неутврден час, во с. Боговиње, точно неутврден број на терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK), добро вооружени, во куќата на Рамиз Берзати од с. Боговиње настојувале присилно да го мобилизираат неговиот син како терорист, но, бидејќи синот не бил дома, терористите го повикале лицето Рамиз Берзати да дојде со нив. Кога ова лице одбило да ја изврши наредбата, против него употребиле оружје и отпочнале да пукаат во него и неговата жена, при што настанала престрелка, во која еден од терористите бил убиен, а лицето Берзати и неговата сопруга како цивили биле тешко телесно повредени со проектили во пределот на нозете, по што биле префрлени во Медицинскиот центар – Тетово, каде биле задржани на лекување, а подоцна со рачен фрлач му ја запалиле куќата.

68. ***На 01.07.2001 година***, во периодот од 13,30 до 21,30 часот, точно неутврден број на терористички групи на т.н. "ОНА" (UČK), со

огненострелно оружје дејствувале од правецот на с. Никуштак кон безбедносните сили стационирани во с. Умин Дол, при што од распрснати шрапнели на минофрлачи биле полесно повредени двајца цивили, Аксентије Јакимовиќ род.1928 година и Милорад Атанасовски роден 1954 година и еден припадник на АРМ од резервниот состав, Душко Трајанов роден 1965 год. од с.Рич Струмица.

69. ***На 17.03.2001 година***, во точно неутврден час на Попова Шапка, се урнал хеликоптер на МВР, а по извршеното вештачење е утврдено дека е погоден со ракета, испукана од неидентификувани терористички групи. Притоа се повредени припадниците на МВР: Маријан Митровски, од Кавадарци, Зоран Ласков, од Неготино, Стојан Стојановски, од с. Ногаевце- Велес, Дејан Анастасов, од нас. Чашка – Велес, Митко Митевски, од Кавадарци, Николче Таневски, од нас. Чашка – Велес, Ладе Стојановски од Неготино, Љупчо Мицев од с. Росоман – Кавадаречко, Борче Најдов, од с. Неготино, Борче Јанев, од Неготино, Томе Илиевски, од Кавадарци, Димче Поп Илиев, од Неготино, Зоран Скричиевски, од Кавадарци, Трајче Стојков, од Неготино, Ладо Јанев, од Демир Капија, Ивче Илиевски, од Свети Николе, Трајче Мирчев, од Кавадарци, Јазар Поп Ицев, од с. Сопот, Ален Мечев, од Прилеп, Томче Настов, од Кавадарци, Петар Стојанов, од Кавадарци, Агим Бафтијари, од с. Палатица – Тетовско. При овој напад е убиен пилотот на хеликоптерот Драганчо Илиевски, постар водник од I класа од Петровец Скопје.

70. ***Во периодот од 24.05 до 25.05.2001 година***, во точно неутврден час, од точно неутврден број поединци и терористички групи, припадници на т.н. "ОНА" (UČK), во околината и селото Матејче – Кумановско ***биле заробени цивилните лица, граѓани на Република Македонија***: 1. ***Крунослав Филиповиќ***, роден 15.02.1941 година во с. Матејче каде и живее, моментално без постојано престојувалиште, по националност Србин; 2. ***Божидар Трајановиќ***, роден 28.02.1924 година во с. Матејче, каде и живее, моментално со приверемен (принуден) престој во с. Љубодраг, по националност Србин; 3. ***Филимена Трајановиќ***, на возраст од 75 години, сопруга на Божидар Трајановиќ; 4. ***Живоин Анѓелковиќ***, роден 15.03.1937 година, во с. Матејче, каде и живее, со привремен (принуден) престој во Куманово, по националност Србин; 5. ***Милутин Милковиќ***, роден 14.05.1925 година во с. Матејче, каде и живее, моментално со привремен (принуден) престој во Скопје, на ул. "Железничка" бр. 54-а, по националност Србин; 6. ***Вера Миљковиќ***, на возраст од 75 години, сопруга на Милутин Милковиќ; 7. ***Добривоје Јовановиќ,*** роден 02.06.1935 година, во с. Матејче, каде и живее, моментално без постојано место на престојување, по националност Србин; 8. ***Ѓурѓа Јовановиќ***, роден 1934 година, сопруга на Добривоје Јовановиќ; 9. ***Града Тасиќ***, роден 25.09.1046 година во с. Матејче, каде и живее, со привремен (принуден) престој во Куманово, на ул. "Октомвриска Револуција" бр. 7/10, по националност Србин; 10. ***Босиљка Тасиќ***, родена 1951 година, сопруга на Града Тасиќ; Светозар Геревиќ, роден 1933 година, во с. Отља, а живее во с. Матејче, моментално со принуден престој во Куманово, по националност Србин; 11. ***Боро Тасиќ***, на возраст околу 70 години, од с. Матејче, каде и живее, моментално со привремен (принуден)

престој во Куманово на ул. "Тошо Димковски" бр. 92/12, по националност Србин; 12. ***Ленче Тасиќ*** на возраст од 68 години, сопруга на Боро Тасиќ; 13. ***Стојча Тасиќ***, роден 10.08.1945 година, во с. Матејче, каде и живее, моментално со привремен (принуден) престој во Студена Бара – Куманово, по националност Србин; 14. ***Стојанче Стојчевиќ*** роден 23.01.1948 година во с. Матејче, каде и живее, моментално со привремен (принуден) престој во Куманово, без постојана адреса, по националност Србин; 15. ***Стојадин Стојановиќ***, од с. Матејче, каде и живеел, по народност Србин, починал како последица на извршениот терор, врз него мачење, тепање итн.; 16. ***Вукасава Стојановиќ***, родена 1929 година, во с. Матејче, каде и живее, сопруга на починатиот Стојадин Стојановиќ, со привремен (принуден) престој во Куманово на ул. "Доне Божинов" бр. 7/5; 17. ***Ружа Тасиќ***, родена 30.08.1938 година во Крива Паланка, живее во с. Матејче, моментално со принуден престој во Куманово, без постојана адреса; 18. ***Фецрија Н. (продавач)*** од с. Матејче, моментално со непознато место на принуден престој; во заробеништво биле малтретирани, со најразлични насилнички методи и средства, тепани, носени на стрелање неколку пати, ограбени и воопшто спрема нив се постапувало во спротивност со меѓународното право (Европската Конвенција за човекови права и основни слободи, универзалната декларација за човекови права, Женевската Конвенција за заштита на граѓански лица за време на војна, дополнителниот протокол кон Женевската Конвенција од 12.08.1949 година, за заштита на жртвите на немеѓународните вооружени судири и други).

71. неидентификувани поединци-терористи на т.н. “ОНА” (UČK) во ***На 20.07.2001 годин***, на точно неутврден час, точно близина на Ново Село-Тетовско, поставиле нагазна мина , која била активирана кога поминувало моторното возило на мониторинг мисијата на Европската Унија, марка “Ландровер-Девендер” со рег.бр.ЕУР 2483, а од експолозојата возилото било уништено, додека пак членовите на мисијата Љубомир Орсах, роден 22.09.1952 година, државјанин на Република Словачка и Боарте Гундерсен роден 23.09.1958 година, државјанин на Кралство Норвешка, и нивниот преведувач Валон Садику роден 16.03.1976 година, државјанин на Република Македонија, загинале.

## *5.2 ПРАВЕН ТРЕТМАН НА СТОРЕНИТЕ ДЕЈСТВИЈА И ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИВНОСТИ*

***Со овие дејствија*** , раководните структури, припадници на терористичката а веќе во меѓународната јавност наметната како ослободителна организација, “ОНА” (UČK), дејствувајќи со намера делумно да уништат граѓани на Република Македонија главно по националност Македонци, а по вера православни, наредиле да се вршат убиства врз припадниците на безбедносните сили и врз цивили граѓани на Република Македонија, да им се нанесуваат тешки и лесни телесни повреди, тешко да се нарушува нивното физичко и душевно здравје, и присилно да се раселува населението по националност Македонци, а по вероисповест православни, придонеле во одредени подрачја целосно или делумно да се истребат граѓани, со што успеале да раселат од нивните вековни огништа, во разни градови и села на територијата на Република Македонија 30.960 македонски државјани, додека во

колективните центри се згрижени 1.298 македонски граѓани. Првите денови по терористичките напади од кризните региони од месец март државната граница преку надлежните гранични премини "Блаце" и "Табановце" ја преминале и во СР Југославија, во Косово се упатиле 3.247 државјани на Р Македонија, додека според неофицијалната проценка на Меѓународната организација за миграции (ІОМ), во Косово, СР Југославија, како последица од вооружените судири престојувале вкупно 9.000 македонски државјани, што укажува на фактот дека македонско-југословенската државна граница илегално ја преминале околу 5.753 граѓани од Р Македонија. Од истите причини државната граница спрема Р Албанија, преку граничните премини "Блато" и "Ќафасан" ја преминале вкупно 4.646 државјани на Република Македонија , а од истите и се претпоставува дека бројот на македонските граѓани од албанско етничко потекло кои на недозволен начин ја преминале македонско-албанската гранична линија е значително поголем. Преку граничниот премин "Деве Баир" – Делчево и "Ново Село" на македонско-бугарската државна граница, околу 8.000 граѓани од кризните подрачја ја напуштале територијата на Р Македонија и отпатувале во Р. Турција, а се претпоставува дека и оваа бројка е значително поголема. Со овие активности, сториле кривично дело ***"геноцид"*** од член 403 од глава XXXIV, ***кривични дела против човечноста и меѓународното право*** од Кривичниот законик на Република Македонија[28].

***Со сите погоре наведени дејствија,*** односните како творци, идејни водачи и лица активно вклучени во формирањето, организирањето, и дејствувањето на т.н. "ОНА" (UČK) во Република Македонија, во периодот од 11.02.2001 година, заклучно со 01.07.2001

[28] Сл. весник на Република Македонија" бр. 37/96-15/21 од 23.07.1996 година

година но и потоа, со умисла, кршејќи го меѓународното право, со од нив оформените и организирани терористички групи и банди на територијата на Република Македонија, предизвикале повеќе вооружени судири со припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и притоа, окупирале територии населени со етничко чисто, православно македонско население, територии населени со албанско население и територии населени со мешано македонско и албанско население; вршеле вооружени напади врз цивилното население, врз населбите во селата и градовите, што имало за последица лесни и тешки телесни повреди, смрт на повеќе лица од безбедносните структури и цивили, на Република Македонија, нарушување на здравјето на службени лица од АРМ и МВР и на голем број цивили, вршеле напади со огнено оружје без избор на целта со кои се погодувало цивилното население, вршеле убиства врз цивилното население, мачење, нечовечно постапување, преку земање во заложништво и мерки на застрашување или терор, раселувале и преселувале цивилно население, па така, од загрозените подрачја кај свои роднини и пријатели се преселиле или на друг начин биле згрижени од хуманитарни организации 30.960 Македонци, а од Република Македонија во странство (Косово СРЈ, Република Турција и Република Албанија) привремено ја напуштиле повеќе илјади граѓани од Република Македонија, земале во заложништво цивилни и воени лица, колективно го казнувале населението од православна вероисповест со иселување од нивните вековни огништа и со прекинување на доводот на вода (Куманово), доводот на вода и на струја (Тетово), под закана со оружје и физичко малтретирање, мачење, нечовечко постапување на присилен пат земале граѓани-цивили на Република Македонија да копаат ровови за групи и банди на

т.н.“ОНА” (UČK), вршеле конфискација на имотот од куќите на православните селани по националност Македонци и по вера православни, а и на другите граѓани од другите националности и вери, самоволно и против уставно поставиле контролни пунктови во Тетовско и Кумановско и со закана на оружје ги користеле да ги легитимираат и ограбуваат граѓаните на Република Македонија кои мирно си поминувале по патот, со што сториле кривично дело:

***“воено злосторство против цивилно население”*** според член 404 став 1 од глава XXXIV, ***кривични дела против човечноста и меѓународното право*** на Кривичниот законик на Република Македонија.

***-Со наведените дејствија од точка 4.1.2 заклучно со точка 72,*** со умисла, употребувајќи сила и сериозни закани спрема граѓаните на Република Македонија и институциите на системот (со најразлично софистицирано огненострелно оружје и експлозивни направи, давајќи повеќе изјави во смисла дека “ќе ја запалат и уништат државата Република Македонија”) извршиле сериозен обид, да го изменат уставниот поредок на Република Македонија, според Кривичниот законик на Република Македонија сториле кривично дело ***”велепредавство”*** [29].

***-Со наведените дејствија од точка 4.1.2. заклучно со точка 72***, со умисла, употребувајќи сила и сериозни закани, со најразлично софистицирано огненострелно оружје и експлозивни тела, истерувајќи

[29] Сл. весник на Република Македонија” бр. 37/96-15/21 од 23.07.1996 година, член 305, глава XXVIII

ги жителите од селата по националност Македонци, а по вероисповест православни, запоседнувајќи ја потоа територијата и воспоставувајќи своевласт, се обиделе да отцепат дел од територијата на Република Македонија, со крајна цел да ја спојат кон Косово – СРЈ или Република Албанија, според Кривичниот законик на Република Македонија сториле кривично дело ***"загрозување на територијалната целина"*** [30].

-***Со наведените дејствија***, со умисла, како организатори, поттикнувачи и учесници во вооружен бунт, насочен кон загрозување на уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија, според Кривичниот законик на Република Македонија сториле кривично дело ***"вооружен бунт"*** [31].

-***Со наведените дејствија*** дејствувајќи со намера да биде загрозен уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија, бидејќи предизвикале експлозии, пожари и разни други дејства или акти на насилство, создавајќи притоа чувство на несигурност или страв кај граѓаните, според Кривичниот законик на Република Македонија сториле кривично дело ***"тероризам"*** [32].

***Со наведените дејствија опишани од точка 4.1.2 заклучно со точка 72***, со умисла, дејствувајќи да го загрозат уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија, бидејќи уништиле повеќе сообраќајни средства, сопственост на безбедносните структури на РМакедонија, уништиле или оштетиле системи за снабдување со вода и

---

[30] Сл. весник на Република Македонија" бр. 37/96-15/21 од 23.07.1996 година, член 307, глава XXVIII
[31] Сл. весник на Република Македонија" бр. 37/96-15/21 од 23.07.1996 година,член 312 став 1 и 2,глава XXVIII
[32] Сл. весник на Република Македонија" бр. 37/96-15/21 од 23.07.1996 година,член 313 став 1,глава XXVIII

друг вид енергија, според Кривичниот законик на Република Македонија сториле кривично дело ***"диверзија"*** [33].

***Со наведените дејствија од точка 4.1.2 заклучно со точка 72,*** со умисла, со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, со заземање повеќе православни цркви, кои ги приспособиле во воени упоришта, со оштетување на сообраќајни средства на безбедносните структури и на државата Република Македонија, како и со вооружените судири предизвикале и разгориле национална и верска омраза, раздор и нетрпеливост во Република Македонија, при што дошло до безредие и насилство спрема луѓето во многу делови на Републиката со што е причинета имотна штета од големи размери, со што според Кривичниот законик на Република Македонија сториле кривично дело ***"предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост"*** [34].

***Со опишаните дејствија од точка 4.1.2 заклучно со точка 72*** пријавените осомничени, со умисла дејствувајќи и бидејќи сториле кривични дела од член 305, 307, 312, 313, 314, лишувајќи од живот повеќе лица и имотна штета од големи размери, со што според Кривичниот законик на Република Македонија сториле кривично дело ***"казнување за најтешките форми на кривични дела"*** [35].

[33] Сл. весник на Република Македонија" бр. 37/96-15/21 од 23.07.1996 година,член 314 став 1,глава XXVIII
[34] Сл. весник на Република Македонија" бр. 37/96-15/21 од 23.07.1996 година,член 319 став 1,глава XXVIII
[35] Сл. весник на Република Македонија" бр. 37/96-15/21 од 23.07.1996 година,член 327 став 1и 2,глава XXVIII

***-Со опишаните дејствија од точка 4.1.2 заклучно со точка 72*** пријавените осомничени бидејки со умисла лишиле од живот поголем број службени и воени лица при вршење на работите на јавна или државна безбедност или на должноста чување на јавниот ред, со што според Кривичниот законик на Република Македонија сториле кривично дело ***"убиство"*** од групата ***кривични дела против животот и телото***[36].

*Како доказен материјал за ваквиот правен третман може да се наведе:*

1. Распитот на припадниците на МВР и АРМ кои се повредени лесно или тешко телесно од нападите на терористичките групи и банди,
2. Записници од извршени увиди на МВР, АРМ, истражнии судии и јавни обвинители
3. Искази на цивилни граѓани, по националност, Македонци и Албанци
4. Секциони протоколи на погинати припадници на АРМ, МВР и цивили, убиени од терористичките напади на т.н. "ОНА" (UČK).
5. Лекарски уверенија за нанесени лесни и тешки повреди, на цивили и припадници на МВР и АРМ,
6. Албуми со фотографии за направени штети на посеви, куќи и села од нападите на терористичките групи на т.н. "ОНА" (UČK)
7. Албуми со фотографии за оштетени моторни возила, марка "Чироки" и "Хермелин" и загинати и масакрирани припадници на безбедносните сили на МВР.

---

[36] Сл. весник на Република Македонија" бр. 37/96-15/21 од 23.07.1996 година, член 123 став 2, точка 1, 2, 3 и 6 глава XIV

8. Запленети компјутери со дискови и дискети, во село Селце-Тетовско, населени со жители од албанска националност, подарок од Министерството за образование со испишани податоци во врска со внатрешната организација и дејствувањето на терористичките групи на т.н. "ОНА" (UČK).
9. Проценки на штети на територијата на Република Македонија нанесени со противправното дејствување на терористичките групи на т.н. "ОНА" (UČK), од надлежни институции на Република Македонија.
10. Проценки на штети од противправните напади на терористичките групи на т.н. "ОНА" (UČK), од соодветните служби на МВР и Министерството за одбрана, за причинетите штети во овие две министерства на Република Македонија.
11. Проценки на штети од почетокот на кризата во Република Македонија од Министерството за финансии.
12. Показатели за движењата во репродукцијата и штетите од актуелната политичко–безбедносна состојба, од Стопанската комора на Република Македонија, (со податоци до јули 2001 година).
13. Соопштенија на т.н. "ОНА" (UČK), во врска со терористичките напади и преземањето одговорност за дел од сторените терористички дејствија на бандата т.н. "ОНА" (UČK), за последиците кои настанале од тие напади.
14. Пронајдени и одземени предмети и оружја од терористичките групи и банди во состав на т.н. "ОНА" (UČK).
15. Изјавата од Призрен, од средбата помеѓу Али Ахмети, Арбен Џафери – претседател на Демократскиот просперитет на Албанците и Имер Имери, претседател на Партијата за демократски просперитет, од јуни 2001 година.

16. Збирка на интервјуа и изјави од дневниот печат на Република Македонија на претставниците на т.н."ОНА" (UČK).
17. Информација од МВР за македонските државјани кои се раселуваат и ја напуштаат Р Македонија поради вооружените дејствија што се одвиваат на делот на нејзината територија, од 20.07.2001 година.

Според сознанијата и доказите како идејни водачи и организатори на злосторничка терористичка банда позната под името »Ослободителна национална армија« т.н. "ОНА" (UČK), која по пат на организирано насилство во спротивност со меѓународното право (Европската Конвенција за човекови права и основни слободи, Универзалната декларација за човекови права и други), се обидува да доведе до насилно уривање на уставниот поредок и загрозување на безбедноста на Република Македонија и да оствари определени нелегитимни цели за албанскиот етникум во Р Македонија. Крајна цел на инкриминираната терористичка активност е отцепување на дел од територијата на Р Македонија, во која како поголем дел на населението се јавува албанското малцинство и нејзино приклучување или спојување кон територија на однапред замислената "Голема Албанија" или "Големо Косово", според платформата на Албанската академија на науките и уметностите од 1998 година, во кој контекст влегува и призренската изјава на Али Ахмети, Арбен Џафери, лидер на Демократската партијата на Албанците и Имер Имери, лидер на Партијата за демократски просперитет, во Република Македонија, од јуни 2001 година.

Од анализата на севкупната активност на т.н. "ОНА" (UČK), може да се заклучи дека во спротивност со меѓународното право (Европската Конвенција за човекови права и основни слободи,

Универзалната декларација за човекови права, и многу други), Уставот и другите закони во Република Македонија, се работи за илегално здружување со намера, уривање на државната власт и темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, заземање територии од Република Македонија и нивно спојување или приклучување кон замислените територии на големо Косово и голема Албанија. Со преземање на терористичките активности на припадниците на ова злосторничко здружение во името на некаква измислена непостоечка наводна »заштита на човековите права на Албанците во Република Македонија« односно на определен етникум, тие всушност најгрубо, со повредување на меѓународното право, Уставот и законите на Република Македонија, ги кршат основните слободи и права на сите граѓани на Република Македонија (Македонци, Албанци, Срби, Власи, Роми и други), како основа за остварување на правната држава и демократските институции во неа, човековите права прокламирани во Европската конвенција за човекови права и основни слободи, Универзалната декларација за човекови права, и сите други меѓународни документи, реализирање на хуманизмот воопшто и конечно реализирање на правдата.

Злосторничката терористичка банда, (здружение), која се нарекува »Ослободителна национална армија«, својата генеза ја води од неколку илегални организации на Албанците во регионот, како што се »Народното движење за Косово« (НДК) и »Движењето за национално ослободување на Косово« (ДНОК), во чии програми и статут е декларирано дека се работи за илегални организации, кои системски работат кон организирање вооружено востание на сите територии каде што живеат Албанците и нивно обединување во една заедничка држава.

Раководните структури на илегалната организација НДК, од каде потекнуваат сегашните идејни водачи на т.н. "ОНА" (UČK), со почетокот на вооружените судири на Косово отпочнаа со конкретни дејствија за формирање организиран систем на илегални тројки (ќелии), кои по претходно утврден механизам на функционирање, се инструирани да извршуваат терористички акции на територијата на Р Македонија.

Операционализацијата на тој механизам се одвиваше преку селектирање, регрутирање, финансирање и организирано упатување на лица – државјани на Р Македонија на диверзантско – терористичка обука во Р Албанија и во Косово – СР Југославија.

Злосторничката терористичка банда - т.н. "ОНА" (UČK), има релативно добро организирана структура на чие чело стои Главен штаб на т.н. "ОНА" (UČK) (*Шема бр. 4.1.*), што се наоѓа во Призрен, а ги раководи и координира и штабовите во Витина, Урошевац, Генерал Јанковиќ, Гњилане, Приштина, с. Атанчиќ, с. Руште, Станевце, во Косово, на СР Југославија, како и штабовите, на т.н. "ОНА" (UČK) во Република Македонија.

Во периодот од декември 1997 до јули 1998 година, членовите на илегалните ќелии, по нарачка од членови на потесното раководство на НДК за Македонија организирале подметнувања на експлозивни направи во Скопје, Куманово, Прилеп, Гостивар и Тетово. Оттогаш започнува организираната терористичка активност на вооружените групи - Албанци во Р Македонија. Против Али Ахмети, Фазли Велиу и Демири Муса, како организатори на овие терористички напади беше издадена меѓународна потерница.

По потпишувањето на договорот за трансформација на ОВК во Приштина во 1999 година, поединци и групи, незадоволни од

постигнатиот меѓународно гарантиран статус за Косово, кое останало и понатаму во рамките на СР Југославија, и од политиката на албанските политички фактори во регионот, како и поединци и групи кои не успеале да профитираат од илегални активности на Косово (криумчарења со бензин, цигари, коцкарници, проституција, недозволена трговија со дрога, оружје, бело робје и сл.) почнуваат да се групираат и организираат на овие простори. Кон нивните активности се приклучиле и екстремно определени поединици од Јужна Србија и Р Македонија, како и поединци и групи од други познати албански емигрантски политички и воени групи и организации во Западна Европа.

Поврзувајќи се со радикални поединици и групи од подрачјето на Република Македонија, кон крајот на 1999 година и почетокот на 2000 година, во Швајцарија и Германија, пристапуваат кон формирање на илегална организација »Национален фронт на Албанците за Илирида« – (НФАИ), во рамките на која било предвидено и формирање на »Национална армија на Албанците« (АКШ). Според статутот и програмските определби на »НФАИ«, оваа организација ќе се залага за формирање автономија на т.н. »Илирида« во западниот дел на Р Македонија. Организацијата пристапува кон формирање ограноци и во други западно-европски држави, како и кон формирање илегални тројки – вооружени групи во Косово, СР Југославија и Република Македонија. Седиштето на т.н. »Воен штаб« на овие вооружени терористички групи било планирано да биде во Косово, СР Југославија, од каде би се координирале и командувале нивните активности во Р Македонија. Основен метод на делување на организацијата требало да биде изведување на герилски, диверзантско – терористички акции, спрема објекти и припадници на АРМ и МВР на Република

Македонија, со намера да предизвикаат страв и загриженост кај граѓаните, хаотични состојби во Република Македонија, чувство на недоверба кон институциите на системот на Република Македонија, граѓанска војна, да ги срушат легално избраните органи на државната власт, со употреба на насилни средства, да предизвикаат насилна промена на Уставот на Република Македонија и на другите закони во Република Македонија, да остварат раселување на граѓани по род Македонци и по вероисповест православни, од одредени територии на Република Македонија, и да ги приклучат кон големо Косово или голема Албанија.

Реализацијата на програмските цели од правилникот на НФАИ се врши преку формирањето на т.н. »ОНА« за Република Македонија како ново име под кое се јавува Националната армија на Албанците (АКШ).

Со издавањето на првото соопштение и преземањето на одговорноста за чудовишното убиство на тројцата полицајци во с. Арачиново и терористичкиот напад врз полициската станица »Осломеј«, на сцена стапува т.н. »Ослободителна национална војска« – »ОНА«, злосторничка непријателска група, која по пат на организирано насилство се обидува во Р Македонија да го промени уставниот поредок на Р Македонија и да ја загрози нејзината безбедност, а со тоа да ја оствари својата цел - освојување територии од северо –западниот дел на Р Македонија – каде претежно живеат припадници од албанската националност, иселување или раселување на неалбанското население од овој простор и нивно приклучување кон »Големо Косово« или »Голема Албанија« .

Т.н. "ОНА" се јавува како трансформација и продолжение на целите на ОВК, овој пат на просторот на Р Македонија, а нејзините

членови се поранешни припадници на ОВК, кои веќе учествуваа во борбите на Косово, а со распуштањето на ОВПМБ поголем дел од нив преминаа на територијата на Република Македонија во редовите на т.н. »ОНА.«

Водачите на т.н. "ОНА" (UČK), се обидоа да се наметнат како водачи на радикалните Албанци во регионот. Остварувањето на своите цели го гледаат во проширувањето на вооружените дејствија во Македонија.

Нивната крајна цел е Косово на СР Југославија да добие статус на суверена држава, што би претставувало »основно територијално јадро«, кон кое треба да се приклучат делови од Јужна Србија, делови од Санџак и северо-западна Македонија, како прва етапа од создавањето на »Големо Косово« а подоцна »Голема Албанија«.

Методите на злосторничката непријателска група т.н. »ОНА« се терористички. Со предизвикување експлозии, пожари и други општи опасни воени дејствија и акти на организирано насилство, со сеење неспокој и страв на граѓаните во Република Македонија настојуваат да ја постигнат својата цел, а тоа е промена на уставниот поредок на Р Македонија и загрозување на нејзината стабилност, безбедност, суверенитет и територијален интегритет, што во првата етапа ќе доведе до федерализација на Р Македонија, а потоа и до отцепување и приклучување на нејзиниот северо-западен дел кон големо Косово, подоцна и кон голема Албанија.

Според податоците со кои располага Министерството за внатрешни работи, за финансирање на т.н. »ОНА« се применуваат најразлични начини: самофинансирање, изнуда на средства по пат на притисок од локалното население, бизнисмени во Косово и Р Македонија, како и во албанската дијаспора, доброволни прилози на

локалното население и од бизнисмените, прилози од албанската дијаспора, користење на фондовите на поранешната »ОВК«, профити остварени од криминални активности преку криумчарење на стоки, недозволена трговија со дрога, оружје, бело робје и др. и прилози од албанската мафија во Западна Европа.

На таков начин, се собираат огромни финансиски средства што служат за обезбедување на финансирањето на воената обука на терористите во камповите во Република Албанија и во Косово – СР Југославија, за набавка на муниција и на лично и формациско оружје (вклучувајќи го и најсофтифицираното) – пушки, полу автоматски и автоматски пушки, митралези, против тенковски митралези, зољи, IRPG рачни минофрлачи, нагазни пешадиски и противтенковски мини, минофрлачи од 60, 80, 82 и 120 мм и ракети земја-воздух »стрингери«, како и за плати на професионалниот дел на терористите и на мобилизираните терористи.

Има сознанија за користење на повеќе фондови во западно-европските земји, за прибирање финансиски средства за потребите на вооружената активност на ОНА. Поранешниот фонд »Татковината повикува« на »Народното движење на Косово« во СР Германија – DVAD V Sparkasse Vonn, BLZ 38050000 Konto - NR 85431, кој со решение на соодветен надлежен орган имал статус на »доброволна организација«, е преименуван во »Фонд за национално ослободување«, со претседател за дијаспората. Само во САД средствата за »Фондот за национално ослободување« се уплаќаат на жиро сметка 5400525920300010 20264 во FIRSTUNION BANK Њу, Церси Њујорк.

Водачите, прифаќајќи ги програмата и статутот на илегалните организации на Албанците (НДК, НФАИ), од кои води потекло злосторничката непријателска банда - т.н. »ОНА« се директни

организатори и поттикнувачи на сите активности на т.н. »ОНА« на територијата на Р Македонија, која од почетокот на 2000 година досега изврши низа терористички акции, вооружени напади врз припадниците на безбедносните сили на Р Македонија, масакрирање на убиените припадници на МВР и АРМ, окупирање на дел од нејзината територија која од нив е »прогласена« за »своја слободна територија«, а на која масовно вршат принудно иселување на етничките Македонци, терор и насилство врз невиното цивилно население од различна националност, мачење, убиства, принуда, земање заложници, принудно регрутирајќи месно население, предизвикувајќи експлозии, пожари, тешки кражби и уништување на имотите на недолжното цивилно население, принудно земање лица во своите редови, уцени, грабежи и т.н., предизвикувајќи хуманитарни катастрофи од големи размери, со затворање на вентилите на Липковското Езеро, од каде Куманово и неговите жители добиваат вода, со што без основни услови за живот оставија повеќе од 100.000 граѓани, уништувајќи го далноводот за струја и дел од водоводната мрежа за Тетово итн.

Како последица од преземените вооружени дејствија на припадниците на т.н. »ОНА« е предизвикана смрт на 36[37] припадника на АРМ и МВР, бројни телесни повреди на голем број припадници на АРМ и МВР со што беа унесреќени нивните семејства и смрт на повеќе цивилни лица од Република Македонија, беа усмртени двајца претставници од Мониторинг мисијата на ОБСЕ како и едно лице вработено во мисијата како нивен толкувач, нанесена е директна и индиректна штета на стопанството во Република Македонија во износ од преку 600.000 000 ДМ, а со рушењето на куќите во населените места

[37] податокот е превземен од архивата на МВР на Р. Македонија ( работната верзија на кривичната пријава) а според податоците во Белата Книга, стр 145-147 се работи за бројка од 58 жртви.

каде се водени вооружените дејствија е нанесена штета поголема од 200.000 000 ДМ, голем број на граѓани се истерани и раселени од нивните вековни огништа, главно по род Македонци и Срби а по вероисповед православни, а од нив голем број бескруполозно се ограбени.

Со сите вооружени дејствија на т.н. »ОНА« од почетокот на 2001 година дојде до загрозување на безбедноста, сувереноста и територијалниот интегритет на Република Македонија, што наиде на силна и енергична осуда од Меѓународна заедница, а пред се од Советот на Европа, Обединетите Нации и од бројни држави од целиот свет, а што посебно дојде до израз и во заклучоците на групата Г-8, усвоени во Ценова, Република Италија, на 22.07.2001 година, при што се побара, енергично да се пристапи кон разоружување на т.н. »ОНА«, што пак значи, поддршка на праведната борба на Република Македонија против злосторничката банда, т.н. »ОНА«, а за зачувување на нејзината самостојност, сувренитет и територијалниот интегритет.

Со бројни изјави и соопштенија дадени во јавноста преку јавните гласила, преку домашните и странските медиуми, преку ВЕБ страници на Интернет и на други начини, раководството на ОНА ја презеде одговорноста за дејствувањето на злосторничката непријателска банда т.н. »ОНА« и се декларираа како членови и идејни водачи на оваа терористичка група.

Во своите изјави тие повикуваат на насилна промена на уставниот поредок и рушење на институциите на системот и се декларираат како учесници во вооружените дејствија, односно како непосредни извршители на кривичните дела против државата и против човечноста и меѓународното право.

За својата активност и дејствија што ги преземаат на територијата на Р Македонија, од страна на Меѓународната заедница се означени како терористи и лица кои наспроти настојувањата на целата меѓународна заедница да го стабилизира мирот, внесоа насилство во регионот, го поддржуваат тоа насилство, сеат немир и загриженост помеѓу граѓаните во Република Македонија, заговараат етничка, граѓанска војна, преку раселување на лица, убиства и разни други насилства, терор, се стремат кон добивање на чисти етнички територии населени само со Албанци, отцепување на тие територии, рушење на институциите на системот и на правната држава, рушење на уставниот поредок на Република Македонија, односно како лица кои се борат против човечноста и правдата, а сето тоа прикриено со превезот на некаква измислена борба на Албанците за нереализирани човечки права итн.

Повеќе автори активностите на ОВК (UČK) во регионот ги поврзуваат со случувањата на Средниот Исток, особено со активностите на ал-Каида[38,39,40]. Следствено на веќе докажаните врски на најопасната терористичка организација во современиот свет ал-Каида, лоцирани се и врските на организацијата на ОВК на просторите на Република Македонија со односната ал-Каида но и со екстремните муслаимански фундаменталисти[41,42]. Присуството на групите на муџахедини, припадници на ал-Каида, на просторите на Балканот и

[38] Види пошироко:Ranstorp,M.,Xhudo,G.:A treat to Europe? *Midle East ties with the Balkans and their Impact upon terrorist activity throughout the region*, b-info.com/news/

[39] The Centre for Peace in the Balkans: Bin Laden's Balkan connections, www.balkanpeace.org, September, 2001

[40] Trifkovic,S: *Osama Bin Laden: the Balkan connection*, Chronicles Magazine,,No.928, September, 2001, Rockford

[41] Christopher,D., *Mujahedin in Macedonia ,or, an ormous embarrassment for the west*, antiwar.com/orig/deliso36.html, March 12, 2002

[42] Jennings,C.: *Fear over Islamic terror groups using Macedonia as base*, The Scotsman, March o4, 2002

нивното директно учество во војните водени изминатата декада е непобитно и потврдено при што некои автори подвлекуваат дека истите во тој период а од времето на авганистанската војна добивале соодветна поткрепа и од САД [43]. Но, можеби поврзаноста на терористичка организација ал-Каида со наркомафијата и нејзините врски со ОВК[44] ја поттикнаа администрацијата на САД да ги прекинат овие врски.

Имено, ***со наредба на Претседателот на САД Џорџ Буш, од 27.06.2001 година*** составена е листа, список на лица на кои се однесуваат забраните наложени од американскиот претседател, а тоа се:

1. Џеват Адеми од Тетово, член на т.н. »ОНА«;
2. Али Ахмети од Кичево, член на т.н. »ОНА«;
3. Нури Бецети од Тетово, член на т.н. »ОНА«;
4. Тахир Далипи од Илинце- Прешево, Косово СРЈ, член на »Политичкиот Совет на Прешево, Медвеѓе и Бујановац«;
5. Гафур Еолшани од Сува Река, Косово СРЈ, член на »НДК« (»Национолно движење за ослободување на Косово«);
6. Скендер Хабиби од Ќубиште, Косово, СРЈ, член на »Партијата за демократски прогрес на Косово«;
7. Даут Харадинај од Голдање, Косово, СР Југославија, началник на генералштабот на »Косовскиот заштитен корпус«;
8. Џавит Хасани од с. Танушевци, Република Македонија, член на т.н. "ОНА";

---

[43] Vincent, I., *US supported al-Qaeda cells during Balkan Wars*, Centre for research on globalisation, National Post, March, 15, 2002, www: globalresearch.ca.

[44] Pascali,U.: *KLA and drugs: The "New Colombia of Europe" grows in Balkans*, Executive intelligence Review, June 22, 2001

9. Рамиз Ладровиќи, заменик – командант на гардата и групата за брза реакција при »Косовскиот заштитен корпус«, СР Југославија;
10. Сами Луштаку од с. Србица, командант на »Косовскиот заштитен корпус«;
11. Јонуз Муслиу од Кончук, СР Југославија, член на политичкиот »Совет на Прешево, Медвеѓе и Бујановац«;
12. Шефкет Муслиу од Кончук, СР Југославија, член на »Ослободителна армија на Прешево, Медвеѓе и Бујановац«;
13. Рустем Мустафа, од Подујево, СР Југославија, командант на »Косовскиот заштитен корпус«;
14. Г'зим Остреми од Дебар, Република Македонија, член на т.н. »ОНА«;
15. Реџеп Селими, од Игларево, СР Југославија, командант на гардата и групата за брза реакција на »Косовскиот заштитен корпус«;
16. Хисни Шаќири од Отља, Република Македонија, член на т.н. »ОНА«;
17. Шаќир Шаќири, од СР Југославија, член на »Ослободителна армија на Прешево, Медвеџе и Бујановац«;
18. Емруш Сила од СР Југославија, член на »Партијата за демократски просперитет на Косово«;
19. Фазли Велиу од Кичево, Република Македонија, член на т.н. »ОНА«;
20. Емруш Џемаили од Урошевац, СР Југославија, член на »Народното движење на Косово« и
21. Мухамед Џемаили од Муховац, СР Југославија, член на »Ослободителна армија на Прешево, Медвеѓе и Бујановац.

При што збараната подразбира:

- *Забрана на сите американски државјани да изведуваат било какви финансиски трансакции со пријавените лица на листата и*

- *Забрана за влез на овие лица на територијата на САД.*

***На списокот објавен од Белата куќа*** се објавени и организацииите односно групите за кои ќе важат санкциите и кои се сметаат за одговорни за насилство, односно за терористичко дејствување. На овој список се наоѓаат:

*1. Ослободителна војска на Прешево, Медвеѓе и Бујановац*
*2. Национално движење за ослободување на Косово,*
*3. Ослободителна национална армија (Ослободителна национална војска),*
*4. Народно движење на Косово,*
*5. Политички совет на Прешево, Медвеѓе и Бујановац.*

***Во исто време Владата на Швајцарија*** ја забрани политичката активност на веќе посочените водачи на ОНА: Али Ахмети, Фазли Велиу и Муса Џафери на својата територија поради нивното директно учество во терористичките активности на т.н. “ОНА”[45].

[45] Извештај кој се однесува на антитерористичката борба презентиран од Швајцарија на Комитетот на Советот за безбедност создаден со Резолуцијата 1373 (2001г.), Берн, 19.12. 2001 г., стр18.

***Вакви санкции на 16.07.2001 година определи и Европската Унија*** со објавување црна листа на 38 албански екстремисти, во кои се вклучени освен наведените лица во листата на претседателот Џорџ Буш, покрај други лица, и лицата: Муса Џафери и Демири Муса со што им се забранува влегување во земјите на Европската Унија[46].

[46] Предлог на Комисијата при Советот за безбедност на Европската Унија за донесување Рамковна одлука на советот за борба против тероризмот, документ 501PC0521 стр.16.

## *5.3. ИСКУСТВА ОД АНТИТЕРОРИСТИЧКИТЕ ДЕЈСТВА НА БЕЗБЕНОСНИТЕ И ОДБРАНБЕНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Како што е познато, а во предходните содржини потенцирано, начинот , формите и методите кои албанскиот фактор ги применуваше во подговителната фаза, во текот и после кризата, од оваа временска дистанца несомнено може да се констатира дека истата не преставува нешто непознато ни за нас ни за меѓународната заедница особено кога меѓународната заедница е присутна со толкав потенцијал на овие простори добро организирана, кадровски екипирана и со софистицирана опрема.

Имајќи ги предвид сопствените, воено полициските разузнавачки потенцијали, благовременоста на информации и присутноста на состојбите во соседството, особено во Репунлика Албанија и СРЈ - Косово не постојат оправдани индикатори да констатираме дека во оваа криза сме затекнати, дека истата е наметната само ако ги имаме предвид првенствено големоалбанските апетити, нивното однесување во пост периодот на бивша Југославија, однесувањето на населението во Косово со години наназад и на крајот, се ова што се случува со ваков вид на поддршка од страна на меѓународниот фактор, за што ценам дека многу анализи би биле предмет на дискусија во некое догледно време.

Со официјалната најава на некој од медиумите во врска со состојбите во државата на северната граница во реонот на село Танушевци Скопско, некои од надлежните институции се обидоа со јавен демант да ја минимизираат таа состојба до фаза на инцидент. Меѓутоа кога се обидоа сето тоа што го тврдеа практично да го потврдат се соочија со проблем, "*анектиран дел*"

од територијата на сопствената држава за што мораше да се даде конкретен одговор при што не се либеа да превземат и воено полициски мерки.

Времетраењето на првичните чекори од оперативно тактички воено-полициски аспект до моментот на првата акција оставаше простор за заклучок дека станува збор за локален проблем кој ќе се решава со активности на полициските патроли.

Но бидејќи проблемот се однесуваше на простор на самата гранична линија со тенденција да се прошири во длабина на државата настана полемика околу тоа кој ќе го решава настанатиот проблемот со изразена воено-полициска конотација што резултираше со повеќе дневни вооружени престрелки, паѓање во заробеништво на високи полициски старешини, проширување на наводната слободна територија во правец на Куманово, за да на крај се примени артерелиски напад врз селото Танушевци и донесе привиден мир[47].

Ваквите борбени активности донесоа привиден мир бидејќи беше присутна политичка неодлучност, недефиниран правен третман на состојбата, многу слаби разузнавачките активности , поделеноста на одговорноста помеѓу полицискиот и армискиот состав и недефинирани односи, лошо испланирани тактичките дејства, апсолутната конфигурациска предност на терористите, присутна минимална психофизичка и морална подготвеност во редовите на безбедносните сили , нарушени односи во раководењето и командувањето поготово командување од страна на нестручни и

[47] Интервју на Премиерот на владата на Република Македонија во медиумите дека во решавањето на проблемот во село Танушевци се истрелани 92 минофрлачки гранати и е постигнат мир, а терористите се поразени.

несоодветни полициски кадри и други слабости за кои се неминовни детални анализи.

Потоа конфликтот се прошири на територијата на Скопска Црна Гора према селат Брест, Гошинце во продолжение по северната граница до село Лојане кое првично беше прогласено за т.н. *слободна територија* опфаќајќи ги кумановските села кои гравитираат на планинскиот простор према северната граница.

Непосредно за неколку денови албанскиот фактор организираше митинзи во Тетово настојувајќи да го скрене вниманието на безбедносните структури во градот што во текот на настаните се покажа како дел од нивната стратегија за да ја префрлат кризата на други простори во републиката и отпочнаа со вооружени активности на тетовското кале.

Во овие вооружени активности на терористите дојде до израз нивната борбена подготвеност која резултираше со повеќе ранувања на припадници на полицискиот состав и конечно ограничен пристап на безбедносните структури на просторот Тетовско кале.

Обидите на полициските единици да навлезат на просторот по патот Тетово-Попова шапка за да остварат некаква просторна конфигурациска предност исто така беше спречен со вооружени активности на терористите што во конечна смисла значеше нова слободна територија опфаќајќи ги селата на падините на Шара. Ваквиот развој на настаните го принуди државниот и воениот врв да планира и презема вооружени активности во соработка со полициските структури но по старите навики и искуства како во село Танушевци со други зборови вооружени активности од дистанца гаѓајќи ги терористичките цели претежно со минофрлачки оган.

Бидејќи ваквиот пристап не вложуваше плод односно проблемот временски се одолговлекуваше, а и борбено исцрпуваше се пристапи кон планирање на планирана активност позната под името офанзива "*Тетовско кале*" во која неофицијално учествуваа 20.000 припадници на безбедносните структури употребувајќи оклопни , механизирани, артелериски и пешадиски (само полициски) единици со соодветна хилихоптерска подршка.

По завршените подготовки под наводно строга тајност после долго размислување, Врховниот командант на оружените сили на Република Македонија, под определен политички притисок, донесе одлука за преземање на борбени активности со потпишувањето на наредбата за напад на Тетовското кале.

Согласно Наредбата офанзивата отпочна во конкретниот момент со што после одредени огнено-подготвителни активности тетовското кале беше освоено но од увидот на стручните полициски служби не беше констатирана загуба на терористите ниту во жива сила ниту во материјални добра, освен рушење на куќи и други јавни објекти. Од ваквиот пристап кон решавање на проблемот терористите најверојатно се одлучија да ги ибегнуваат сите директни конфронтации и се определија да делуваат исклучиво со организирање на заседи , протерување на месното население со примена на разни терористички методи на поширок простор на територијата на западна Македонија, со намера да го прошират простотот на делување и воспостават фронт на делување.

Од овој период па се до постигнувањето и потпишувањето на т.н. Охридски договор, не можеме веќе да зборуваме за било какво антитерористички дејства бидејќи веќе беше случена посочената конверзија на терористичките активности во оружена побуна што се

наметна и низ изменетиот пристап на меѓународната заедница, НАТО, ОБСЕ и другите институции, што резултираше со постоечката ситуација да безбедносните сили на Република Македонија не контролираат респективен дел од територијата на Република Македонија и наметнување на т.н. постконфликтна атмосфера на привиден мир.

# *6. ДИСКУСИЈА И ЗАКЉУЧЦИ*

## *6. ДИСКУСИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ*

Согледувајќи ја состојбата во текот на изведувањето на терористичките активности на т.н. ОНА како и "постконфликатниот" период, неодминливо се наметнува констатацијата дека одговорот на силите на одбранбено-безбедносниот систем на Република Македонија не соодветсвуваше што непобитно ја немтнува потребата од целосно менување на пристапот во организациско формацискoто поставување на антитерористичките и контратерористичките сили на Република Македонија.

Од анализата на дејствувањето на силите на одбранбено-безбедносниот систем на Република Македонија согласно постигнатите резултати и постоечката состојба на релативна "релаксираност" на односите изразена низ секојдневните тензии, провокации и нарушувања на јавниот ред и мир од страна на припадниците на веќе расформираната ОНА се чини дека во дејствувањето на силите на одбранбено-безбедносниот систем на Република Македонија од самиот почеток се направени суштински грешки.

Имено, како што веќе подвлековме терористичките активности во Република Македонија отпочнаа претпазливо, најнапред инцидентно, наизглед несинхронизирано и неповрзано, оставајќи впечаток на активности на неорганизирани и независни поединци и групи. Несомнено ваквиот пристап ја изразуваше првичната фаза на делувањето на терористичката организација како иницијално дијагностицирање на подгответноста и способноста на безбедностните сили на Република Македонија да одговорат на планираните активности за остварување на предвидените цели.

Очигледно е дека силите на одбранбено-безбедносниот систем на Република Македонија во оваа иницијална фаза не реагираа и не дејствуваа соодветно. Од оваа временска дистанца, но и заради конспиративноста на достапните податоци не може да се оцени од кои причини одговорот не соодвествуваше. Причините можат да бидат од сосема различен карактер:

- политички
- отсуство на соодветна разузнавачка активност
- несоодветствување на разузнавачките податоци
- неподготвеност на силите на одбранбено-безбедносниот систем на Република Македонија за антитерористичка активност и секако
- несоодветната структуираност и оспособеност на анти-терористичките, поточно *контратерористичките* сили на Република Македонија.

Но без оглед на причините, според наша оценка несоодветниот одговаор на одбранбено-безбедносните сили на Република Македонија овозможи конвергирање на првичните, инцидентни терористички акти кон "*организирана оружена побуна*", цел што недвојбено, терористичките сили на албанските екстремисти во регионот а со тоа и во Република Македонија ја постигнаа што на крај резултираше со потпишувањето на т.н. "Охридски договор", чин што без оглед на тоа што се случи во главниот град на Република Македонија, Скопје, непрестано во сите натамошни разговори, преговори а и информации во средствата за јавно информирање се посочува како "Охридски договор", што според наша оценка ќе има фрутуристичко-историски импликации.

Респектирајќи ги досегашните активности и резултати на МВР во соработка со АРМ во борбата против албанските терористички и паравоени формации, а со цел зголемување на квалитетот и ефикасноста во делувањето на полицијата, сметам дека е неопходно да се изгради и воспостави нова организација и дејствување на полицијата на МВР во сложени безбедносни услови.

Во отсуство на официјални информации, а со желба за продуцирање на идеи, мерки и задачи за постигнување на подобри резултати во борбените дејствија, имајќи ги предвид досегашната организација, делување, резултати, човечки загуби и уништените МТС на полицијата во борбата против вооружените терористички и паравоени групации ценам дека секој индивидуален пристап кон проблемот би бил соодветен придонес за надминување на несоодветноста во ефикасноста на одбранбено-безбедносниот систем на Република Македонија. Бидејќи решавањето на проблемот е на повеќе нивоа (дипломатски, политички, стратегиски, оперативен, тактички), обидот за соодветен придонес се лоцира во сферата на функционалноста на организациско-формациската поставеност на полициските сили. При тоа, респектирајќи ги светските искуства во оваа област. антитерористичките и контратерористичките дејства се терирани како сегмент на т.н. ***OOTW*** -дејства ( ***OOTW- Operations Other Than War***- Други Операции Покрај Војната)[47].

Ваквиот пристап, секако е оптоварен со множество хипотетички прашања и анализи, со цел да се дојде до што пореална оценка на состојбите во сите сегменти на делување на полицијата на МВР во соработка со АРМ. Во анализата се третирани прашања што ја

[47] TACTICAL HANDBOOK FOR OPERATIONS OTHER THAN WAR, Ministri of defence, London, 1998, p iii

карактеризираат функцијата на полицијата во сложени безбедносни прилики со активности од борбен карактер, во услови на непрогласени вонредни околности, односно воена состојба (***OOTW***).

Во врска со горното, произлегува потребата од одговор на следните прашања:

- Кои и какви оперативно - тактички мерки на дејстување се применуваат во превентивна (антитерористичка) и репресивна (контратерористичка) насока во зоната на дејства и простор каде што постои реална можност за отворање нови жаришта со појава на терористички активности

- Дали тактиката на дејстување која се применува во борбените дејствија, во однос на онаа која ја применуваат терористите е соодветна за да се извојува победа ?

- Какво е раководењето и командувањето со полициските сили и неговата адекватност во новонастанатите состојби (борбени) или слични на нив кај нас, во светот, во моментот и низ историјата?

- Каква е компатибилноста на полицискиот систем на раководење и командување со оној кој го применуваат армиските структури со кои се изведуваат заеднички акции на теренот?

- Едуцираност на полициските старешини и полицајци во однос на армиските за воспоставување на заедничка (разбирлива) стручна терминологија во функционирањето, особено во текот на операциите.

- Средствата за врски, нивната употреба и користење во системот на раководењето и командувањето со максимална дискреција и примена на елементи од криптозаштита.

- Во колкава мерка е обезбедена присутност на научните ставови и мислења од областа на одбраната од институциите во земјата (продуценти на кадар професионализиран за одбрана).

- Кое е нивото на логистичката поддршка: во подготвителната фаза, во текот и по борбените дејства, нејзината организација и ефикасност во сите сегменти на делување (тактичко-техничка, интендантска, едукативна, здравствена, морална и др.)

Од прагматични побуди одговорите на овие еснцијални пра{ање се посочени како куси и концизни работни тези според истата хронологија:

- Во доменот на *превентивното* и *репресивното* делување и покрај редовните и моментално наметнатите досега преземени мерки и активности од страна на МВР недвојвбено се покажа дека тие се недоволни за подобрување на состојбата поради што како неодминливи се наметнуваат следниве постапки:

а) во кризните и евентуално можни кризни жаришта неопходно е да се формираат оперативни штабови со конкретни задачи согласно приложената шема, *Шема бр. 5.1.* ;

б) прекинување на логистичката поддршка на терористите со организирање на заседи, извидувања и други оперативно-тактички мерки на просторот и непосредната околина;

в) воспоставување на контрола на теренот со мали борбени извидувачки групи во формација до засилено стрелачко одделение;

г) организирање на резервни формации исклучиво ставени во функција и непосредна контрола на полициските сили, ловции, планинарски друштва, извидници и др. лојални граѓани од месното население во непосреден контакт и соработка со борбените извидувачки единици по претходно изготвен план.

➢ Релативноста на досегашни резултати од водењето на заедничките борбени дејствија (МВР-МНО), имајќи ја предвид и окупираната територија, наметнува заклучок дека тактиката која ја применуваме е ***наметната*** од страна на терористичките и паравоените формации на ОНА. многу е класична, во дејствата не се применуваат тактиката на изненадување и инженерски мерки, значи посоодветна би била комбинирана тактика на контрадиверзантски и контрагерилски дејства со соодветна огнена поддршка.

Раководењето и командувањето се покажа как неадекватно на приликите, од следните причини:

а) Во процесот на нашето дејствување неопходно е просторот зафатен со вооружени дејства, од страна на терористите прогласен за *»слободна територија«*, правно да се дефинира, односно да биде прогласен како зона на *борбени дејства* согласно позитивните правни акти, и со пропишани права и обврски на дејствување (колективно и индивидуално), согласно борбените правила.

б) Функцијата на полицијата, во дадените услови само формално се промени, односно функционира во неподигнат степен на мобилност според мирновременскиот систем на функционирање што само формално се измени со ставање шлем на глава, панцир и формациско оружје на себе, со што полицајците станаа воини. Во оваа смисла во вакви ситуации неопходно е донесување на писмена наредба за подигнување на степенот на мобилност на единиците и органите на МВР која ќе придонесе за дефинирање на односите и конкретни резултати во функционирањето.

- Системот на раководење и командување во заедничките акции на припадниците на МВР и АРМ се покажа како целосно некомпатибилен, бидејќи функционираат во различни структури:

АРМ во текот на борбените дејства организирани во единици (оклопни-механизирани) со релации на сопствено водење, раководење и командување, а МВР во мирновременските структури

(импровизирани борбени единици, пунктови, положаји и сл.) првенствено пешадиски во мал дел механизирани со свои релации на водење, раководење и командување, поради што неодминливо се наметнуваат измени и реорганизирање на раководно-командниот пристап согласно приложената шема.

- Се покажа дека едуцираноста и оспособеноста на армискиот во однос на полицискиот состав меѓусебно се разликуваат, бидејќи старешинскиот и основниот состав потекнуваат од различна сфера на образование. Во составот на АРМ - со воени академии и други воени школи, а во составот на полицијата - со претежно полициско и најразлично друго образование, поради што предлагам централизирана команда и семинарска обработка на задачите пред преземената ацкија.

- Системот на врските кој се применува во раководењето и командувањето не гарантира тајност, имајќи предвид дека се употребува мобилна телефонија, без примена на планови и мерки од криптозаштитата, кодни знаци, тајни содржини и др. Во текот на комуницирањето со радиоврски не се применуваат мерки на приоритети во командувањето.

- Недоволно беше обезбедено влијание на научната мисла од страна на научни работници во сферата на одбраната, кои професионално го следат техничко-технолошкиот развој на вооружувањето, технологијата на електронските дејства, системот на раководење и командување, примена на разни тактики низ различни војни низ светот, примената на картографски топографски елементи и сл. Во

овaa смисла првенствено е потребно организирање на семинари, научни трибини, блиц-предавања пред избран состав, првенствено раководен кој ќе пренесе према основните единици.

- Евидентни се пропустите во логистичката поддршка на единиците изразени преку непосредни анкети со директни учесници во борбените дејствија, личното опсервирање на развојот на настаните, последиците од борбените дејствија и целосната т.н. "постфестум" состојба.

Од севкупната анализа на појавата на тероризмот и неопходноста од подготвеност на одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија за антитерористички дејства како пропусти во изминатиот период евидентно се наметнуваат и можат да се насочат следниве:

- неградење и непочитување на воспоставената хиерархија што создава чувство на дезорганизираност;
- споро прилагодување на новонастанатите прилики;
- индолетност во однос на изнаоѓање на оперативно-тактички решенија за надминување на кризата;
- чекањето – или оставање проблемот да ни го реши некој друг;
- недоволното анализирање на причините за погинувањето на припадниците на безбедносните сили и донесување заклучоци, не заради утврдување на вина, туку за истата или слична грешка да не се повтори;
- недоволно преземање превентини мерки за спречување на ширење на *»слободната територија»* на терористите;

- недоволното присуство на повисок старешниски состав на теренот (пунктови и положаи);
- неприменувањето на други тактики на дејство против тероризмот, респект на релјефот на теренот, соодветноста на тактичките дејства во смисла на употреба на техника и човечки фактори;
- непочитување на континуитетот во борбените дејства до утврдување и нивна смена на положаите;
- функционирање и опстојчивост на една унитарна (класична) тактика на дејствување, која не продуцира потребен и можен успех;
- неприфаќањето да се спречи неконтролирано дејство (режим на оган);
- постојаното присуство на тезата дека припадниците на полицијата (редовниот и резервниот состав) не се стручни и оспособени за вакви акции;
- неизготвувањето на евиденција што би претставувала план за дејство, борбени надградби, водење на работни топографски карти, што ќе претставува историја на македонската полиција;
- гломазност во ангажирањата на единици на одредени места без проценка и примена на познатите воени стандарди;
- избегнувањето да се спроведе тактичка обука, за ангажираност првенствено до фаза на применливост;
- непреземање мерки за водење психолошко-пропагандна (медиумска) војна против терористите.

За надминување на спорното и неуспешното и надминување на фактичката состојба како неодминлив се наметнува потребата за специфичен приод во организацијата и дејствувањето на полицијата на МВР во сложени безбедносни услови што би требало да озможи:

- јакнење на системот на безбедност;
- брзо прилагодување на полицијата во новонастанатите прилики;
- рационалност во користење на сопствените сили;
- економичност во борбените дејства;
- градење на адекватен систем на раководење и командување со елементи на тајност, дисциплина во функционирањето, почитување на хиерархијата;
- подигање на борбениот морал во полицијата и сигурност кај граѓаните;
- минимизирање на можностите за "воено профитерство";
- адекватност на системот во раководењето и командувањето со структурите, функционирањето на АРМ, бидејќи АРМ фактички и го користи системот на раководење и командување {то го предлагаме;
- примена на сите тактички варијанти кои се применливи при водење на борбени дејствија на вакви простори и согласно односот на силите;
- гарантирање голема професионалност со минимална можност за загуби во сопствените резерви;
- градење на македонската полициска историја.

Секако, предлогот е изработен таксативно и конципиран врз основа на изучената литература, лична анализа но и анализи на наши и странски воени аналитичари. Секако дека предлог-анализтаа остава простор за надоградување бидејќи на секоја аналитичка теза или прашање има можност за стручна вербална елаборација, како предизвик за практична реализација.

За имплементација на предлогот неопходна е системска интервенција од аспект на делумна реорганизација на полицијата на МВР за дејствување во сложена безбедносна состојба, организирана во оперативни-тактички формации.

Следствено, согласно искуствата и постигнатите резултати но и согласно последиците се чини дека како неопходен чекор се наметнува потребата во организациско-формацикста структура на МВР во сферата на раководењето и командувањето да се воспостави генерал-штаб , имајќи ја предвид бројноста на ангажираност и операциите за дејствување.

Севкупната анализа на достапната научна и стручна литература што на соодветен начин го третира тероризмот а особено антитерористичките и контратерористичките дејства неодминливо се наметнува зклучокот дека тероризмот сам по себе како појава носи висок степен на конспиративност. Конспиративноста на тероризмот како битна негова одлика во многу ги усложнува како организациско-формациските но и егезекутивните пристапи од спект на попречување и евентуално елиминирање на терористичките активности. Согласно веќе посочената терминолошко категоријална конфузија во достапната литература во пристапот неопходно е да се прави дистинкција меѓу *антитероризмот* и *контратероризмот*. Токму антитерористичката активност е таа сфера на безбедносното делување што резултантно треба да ги превенира и евентуално попречи сите терористички акти и дејства. Оттаму, антитерористичките активности се тој аспект на безбедносното ангажирање што треба да ја надмината конспиративноста на терористичките дејства од организациски, подготвителен и извршен аспект. Несомнено дека функционална антитерористичка активност на одбранбено-безбедносниот систем на

Република Македонија мора исто така да биде заштитена со висок ниво на конспиративност како од организациаки така и од функционален аспект. Оттаму, како неодминлива се наметнува потребата, организациски а пред се антитерористичките сили да се во тесна врска и на висок ниво на кооперативност со соодветните разузнавачки и контраразузнавачки структури во рамките на одбранбено-безбедносниот систем на Република Македонија. Можеби најсоодветно би било, разузнавачкиот сегмент организациски, субсистемски да се инкорпорира во антитерористичките сили. Се чини дека разузнавачката активност во рамките на севкупната антитерористичка активност на сите одбранбено-безбедносни системи е основа и појдовна точка во обезбедувањето на висок ниво на превентивност но и заштитеност од секаков вид на терористички атаци[48].

Оттаму, согласно приложената организациска шема, *Шема 4.1.*, неопходно е предвидениот сектор за антитероризам во рамките на МВР кадровски и технички да се развива токму во оваа насока. Неопходноста од висок ниво на соработка со сите разузнавачки и контраразузнавачки структури во земјата и надвор се наметнува како битен сегмент за успешна антитерористичка борба. Искуствено, овој сегмент се чини есенцијален во услови на Република Македонија

[48] Искуствено, настаните во САД од 11 Септемри 2001 година покажаа дека примарно, од превентивен аспект, неопходно е да се поседуваат соодветни разузнавачки податоци за намерите на терористичките организации. Отсуството на соодветни разузнавачки податоци може да биде фатално. Оттаму и контратерористичките дејства мора да носат висок ниво на коспиративност и да ја оневозможат терористичката акција пред се во подготвителната фаза или на самиот почеток. Очигледно дека и најмоќниот одбранбено-безбедносен систем (системот на САД) не можеше соодветно да одговори и да ја сопречи терористичката акција во периодот на нејзиното изведување. Севкупниот натаможен ангажман, во смисла на откривање и изведување пред лицето на правдата на сторителите, не може изворно да се третира како антитероризам (сем превентивно во смисла на превенирање на следните акти на односната терористичка организација) бидејќи "класично" навлегува во безбедносната сфера на делување.

бидејќи како што веќе неколкупати подвлековме токму заради отсуството на делување во оваа сфера во Република Македонија се случи конверзија на терористичките акти во отворена оружена побуна. Можеби, овој процес се одигра токму заради постоењето на менталната бариера со која антитерористичката борба се синонимизира со поимот и појавата ***"борба"***, пред се оружена, во нејзината изворна и експлицитна смисла. Антитерористичките а пред се контратерористичките дејства мораат да бидат крајно конспиративни а јавноста и експлицитноста во нивното извршување може да се наметне како неодминлива евентуално само во фазата на извршување на конкретни задачи при што како крајна временска точка може да се третира *"почетокот на терористичката акција"*.

Покрај посочената потреба за организацико насочување на Секторот за антитероризам во сферата на разузнавачко-контраразузнавачките активности ценам дека е неопходно Министерството за внатрешни работи, да се реорганизира според начелната шема презентирана на *Шема бр. 6.1.* која предвидува една локација во која }е се спроведуваат сите форми на обука и подготовка на силите: собирен центар, *Шема бр. 6.2.* Организациско формациската структуираност пак на единиците - во чија надлежност би било изведувањето на дејствата, предвидени со шемата, *Шема бр.6.1.*, се претставени на шемата *Шема бр. 6.3* . Раководењето и командувањето како есенцијална претпоставка на функционалноста на предвидените организациско-формациски структури е претставено на шемите *Шема бр. 6.4.* и *Шема бр. 6.5.* Секако дека ваквата организациско формациска поставеност на антитерористичките сили претпоставува соодветна материјално-техничка опременост а согласно нивната погоре посочена

примарна намена, материјално-техничко опременост мора да им обезбедува висок степен на мобилност.

*Шема бр.6.1. Предлог-концепт на организациона поставеност на Полицијата на МВР*



*Шема БР. 6.2. Структура на собирниот центар*



*Шема бр.6.4. Начелна предлог-шема на раководењето со полициските сили во сложени безбедносни услови*



*Шема бр.6.5. Начелна предлог-шема на оперативниот штаб*



# 7. ЛИТЕРАТУРА

## 7. ЛИТЕРАТУРА


| | | |
|---|---|---|
| 1. | Ataov Tirkaja | Osuda terorizma na međunarodnoj konferenciji u Nju Delhiju, Međunarodna politika, 1048/1996, s. 31-32 |
| 2. | Amazaegar Jahangir | The truth and illusions of islamic fundamentalism, Sais Review, Fall, 1993, p.129 |
| 3. | Avineri Shlomo | The return to Islam, Dissent, Fall.1993, p.412 |
| 4. | Becker, John B. | The News Media, Terrorism and Democracy: The Symbiotic Relationship between Freedom of the Press and Acts of Terror, Los Angeles County Sheriff Department, Emergency Operation Bureau, 1996 |
| 5. | Beres L.R. | Terrorism and Global Security: The Nuclear Threat; Westview Press Boulder, Colorado, 1979. |
| 6. | Biden J. Sen | No more dark Pages in history, Reiew quaterly, No7/31, Spring 1993, Istanbul. p.18 |
| 7. | Binyon Michael | Iran calls talks to rally support for bosnian muslims, The Times, 6. Aug. 1992 |
| 8. | Borden Tony | The Mujahedin Arrive, Midle East International, 25. Sept.1992 |
| 9. | Brzezinski Zbigniew | Out of control: Global Turmoil on the Eve of the 21st century, NewYork, Scribner's, 1993, p.159 |
| 10. | Brzezinski Zbigniew | Civilization at odds, national Times, Jan. 1994, p.9 |
| 11. | Ванковска,Б., Цветковски,Ц., | Правото и одбраната, РОБЗ, Скопје (1996) |

| | |
|---|---|
| 12. Ванковска,Б., Цветковски,Ц., | Војската и демократијата (1995) Детска радост, Скопје |
| 13. Vukadinović,V. | Chalenges to Security in Sautheast Europe, Croatian political Review, Vol. 36, No.5, Zagreb, (1999) |
| 14. Cable Vincent | The World's new fissures, Demos, London, 1994 |
| 15. Chailard Gerard | Mythes revolutionnaires du Tiers-Monde, Sevil, Paris,1976 |
| 16. Clarke L. Douglas | Eastern Europe's troubled arms industries: Part 11, RFE/RI3/21, 27 May 1994 |
| 17. Cole David | The Government's Proposal Attacks Everyone's Fundamental Rights Terrorizing The Constitution, The Nation Company, L.P., 1996. |
| 18. Coll Steve and LeVine Steve | A global Militant Network, Washington Post Weekly, 16. Aug.1993 |
| 19. Deliso Christopher | Mujahedin in Macedonia, or, an Eneormours embarrassment for the west, http://antiwar.com/orig/deliso36.html |
| 20. Devost Mathew G., Houghton Brian K., Pollard Neal A. | Information Terrorism: Can you trust your Toaster? The Strategic Assessment Center, Science Applications International Corporation (Internet, 10.2.1997). |
| 21. Dimitrijević Vojin | Pojam terorizma, Anali Pravnog fakulteta u Beogradu, 1988. |
| 22. Duygu Bezoglu Sezar | Prospects for sauthern European Security: a Turkish perspective, Sauthern Europian Security in the 1990s, NewYork St. Martin's Press, 1992.p.132 |

| | |
|---|---|
| 23. Engelkrekt Kjell | Sharp rise in drug trafficking and abuse in former East block, RFE/RL 3/9, March 1994, pp.48-51 |
| 24. Esposito L. John | The islamic threat: Myth or Reality, Oxford, OUP, 1992 |
| 25. Farago Stanislas | Spymasters, New York, 1972 |
| 26. Fuller E. Graham | The center of the Universe: The geopolitics of Iran, Boulder,CO: Westview,1991 |
| 27. Fuller E. Graham | A Bosnian "Palestine"? Iran Muddies the waters, International Herald Tribune, 16 May 1994 |
| 28. Георгиевски,П., | Методологија на истражувањата на општествените појави, Балкански центар за проучување на мирот, Скопје, (1998) |
| 29. Glenny Misha | The fall of Yugoslavia: The third Balkan war, London:Penguin, 1992 |
| 30. Гоцевски,Т., | Основи на системот на националната одбрана, Македонска Ризница, Куманово (1998) |
| 31. Гоцевски,Т., | Современи тенденции во одбраната, Македонска Ризница, Куманово (1997) |
| 32. Griffiths Stephen | Nationalisam and ethnic conflict: Threats to European security, Oxford, SIPRI, 1993, p.53 |
| 33. Hamzeh A. Nizar | Lebanon's Hizbollah: from islamic revolution to parliamentary accomodation, Third World Quartely 1412, !993, pp.321-37 |
| 34. Hiro Dilip | From Marx to Muhammed: The Changing face of Central Asia, Harper-Colins, London, 1994 |
| 35. Hofman Brus | Unutrašnji terorizam, превод од англиски, Narodna knjiga: ALFA, Beograd,2000. |

| | |
|---|---|
| 36. Huntington Samuel | If not civilizations,What?, Forign affairs 7215, Washington, 1993, p.192 |
| 37. INA Industrija nafte, Petrokemija Kutina | Izvješće o ekološkom terorizmu u Republici Hrvatskoj na primjeru tvornice INA Petrokemija, Kutina,Okoliš 54/1995., s. 10-11. |
| 38. Jennings Christian | Fear over Islamic terror groups using Macedonia as base, The Scotsman, March 04, 2002 |
| 39. Jenkins Brian | International Terrorism: A New Mode of Conflict, p. 7 |
| 40. Kamp Karl-Heinz | Nuclear Terrorism - Hysterical Concern or Real Risk?, German Foreign Affairs Review: Vol. 46, No. 3; Center for Security Studies and Conflict Research, ETH Zürich, 1995. |
| 41. Karakashian John | International Terrorism: Conventions |
| 42. Lilich R.B. | and Commentary, University of Virginia Scholl of Law, 1982. |
| 43. Londr Alber | КОМИТАЏИИ, Тероризмот на Балканот, превод од англиски: Култура, библиотека: Минато, Скопје, 1996 |
| 44. Коневска Габриела | АНТИТЕРОРИЗАМ, Мултиресорен концепт, Меѓународно-правни аспекти, Јуни, 2001, Архива на МВР Скопје, Република Македонија |
| 45. Котовчевски,М., | Национална безбедност на Република Македонија-трет дел, Македонска цивилизација, Скопје, (2000) |
| 46. Krauthammer Charles | Iran as a source of militant spread of fundamentalism, International herald tribune, January 04, 1993 |
| 47. Magas Branka | The destruction of Yugoslavia: Tracking the breackup 1980-1992, London: Verso,1993 |

48. Malcolm Noel — Bosnia: A Short History, London: Macmillan 1994
49. Marković Ivan — Terorizam na raskršću, Međunarodna politika 1046-47/1996, s. 38-40
50. Marty E. Martin and Aplleby R. Scott — Fundamentalisms observed, Chicago, Univ. of. Chicago Press, 1992
51. Menashri David — The Iranian revolution and the muslim world, Boulder,CO:Westview,1990.p.106
52. Митревска,М., — Цивилна одбрана, Европа, Кочани (1998)
53. Министерство за внатрешни работи на Република Накедонија — БЕЛА КНИГА: Тероризмот на т.н. Ослободителна национална армија
54. Мултидисцлипинарна група за меѓународно дејствување против тероризмот (GMT) — ПРЕДЛОГ за донесување *Правилник на советот за специфичните рестриктивни мерки насочени против одредени лица и ентитети со цел сузбивање на меѓународниот тероризам*, претставен од комисијата на 02 Октомври 2001 (COM 2001 Финална верзија)
55. Нацев,З., — Доктрина и стратегија на националната одбрана-теоретски основи, НИП Ѓурѓа, Скопје (1998)
56. Нацев,З., Начевски,Р., — Војна,мир, безбедност Македонска ризница, Куманово (2000)
57. Нацев,З.,Начевси, Р., — Безбедност и национална одбрана, Македонска ризница, Куманово (2001)
58. Naidu, MVA — Extradition as effective Measure for Combattina International Terrorism: Seul Conference on the Law of the World, September 6-11, 1987, (Work Paper)
59. Norriss T.H. — Islam in the Balkans, London:Hurst, 1993

| | |
|---|---|
| 60. Papp Daniel S. | Contemporary International Relations, Macmillan Publishing Company, New York & Collier Macmillan Publishing, London, 1988. |
| 61. Paskali Umberto | KLA and Drugs: The "New Colombia of Europe growes in Balkans, Executive Intelligence Review, June 22, 2001, p.28 |
| 62. Pašanski R. Milan | Globalizacija terorizma, Međunarodna politika, 980/1991, s. 3-6 |
| 63. Paust J.J. | A Definitional Focus: Terrorism Interdisciplinary Perspectives, The John Jay Press New York and Mc Graw-Hill Book Company |
| 64. Phillips James | The Changing Face of Middle Eastern Terrorism, The Heritage Foundation Backgrounder #1005, October 6, 1994 |
| 65. Perry Duncan | The republic of Macedonia and the odds for survival, International herald tribune, 20. Nov. 1992 |
| 66. Perry D., Engelbrekt K. and Austin R. | Arms for drugs in the Balkans, International herald tribune, 6 June 1994, p.2. |
| 67. Petković V. Milan | Albanian Terrorists, Defense and diplomacy, No 8. October, 2001, Washington |
| 68. Petković V. Milan | La guerre revolutionnaire, Revue de l'ESG No.2, !980. Paris |
| 69. Petković V. Milan | Current stage of evolution of the "Eastern Question", Serbia in tyhe World No.78, March 78, Belgrade |
| 70. Pope Hugh | Istanbul and Ankara set to fall to Islamists, The Times, 30. March 1994 |

| | |
|---|---|
| 71. Poulton Hugh | The balkans: Minorities and states in conflict, London: Minority Rigts Group, 1993, p.214 |
| 72. Ramet P. Sabrina | War in the balkans, Forign affairs 7114, Fall !992 |
| 73. Ranstorp Magnus and Xhudo Gus | A threat to Europe? Midle east ties with the Balkans and their impact upon terrorist activiti throughaut the region, http://b-info.com/news/ |
| 74. Robbins Philip | Turkey and the Midle East, Printer Press, London, 1991 |
| 75. Rosenberger Chandler | The next Balkan war, National Review, Washington, September,1993 pp.22-66 |
| 76. Roth Hugo | Kosovo Origins, IKP "Nikola Pašić", Belgrade, 1996 |
| 77. Rubin A.P. | International Terrorism and International Law;Terrorism: Interdisciplinary Perspectives: The John Jay Press New York and Mc Graw-Hill Book Company |
| 78. Russell A., Banker I., Miller B. | Ant-inventing Terrorist; Terrorism: Theory and Practice; Y. Alexander, D. Carlton, P. Wilkinson: Westview Press Boulder, Colorado, 1979. |
| 79. Sharp M.O. Jane | Intervention in Bosnia-the casefor', World today, 4W2, February 1993, p.31 |
| 80. Sloan Stephen | Terrorism: How vulnerable is the United States?, from Terrorism: National Security Policy and the Home Front, The Strategic Studies Institute of the U.S. Army War College, May 1995. |

| | |
|---|---|
| 81. Srđanović Branislav | Terorizam kao pozorište, Međunarodna politika, 1043/1996, s. 10-12 |
| 82. Sudetic Chuck | Muslims from abroad join in war against Serbs, New York Times, 14. Nov. 1992 |
| 83. Šoštarić Eduard | Hrvatski tajni rat s Bin Ladenom, Sigurnost No. 307, 4. October 2001 |
| 84. The Centre for peace in the Balkans | Balkan wars and terrorist ties, The Centre for peace in the Balkans, www.balkanpeace.org, March, 2002 |
| 85. The Centre for peace in the Balkans | Bin Laden Balkan connections, The Centre for peace in the Balkans, www.balkanpeace.org, September 2001 |
| 86. Trifković Srđa | Osama Bin Laden: The Balkan Connection, www.ChroniclesMagazine.org 928 N. |
| 87. UN SecretaryGeneral's Report | Human Rigts Questions: Human rigts situations and reports to special rapporteurs and representativies: The situation of Human rigts in the territory of the Former Yugoslavia, Document s/25341, 26. feb. 1993, p.7 |
| 88. Vincent Isabel | US supported al-Qaeda cells during Balkan wars, National Post, 15 March 2002 |
| 89. Wallen David | Adoptive brothers in arms, Scotsman,16, 1993 |
| 90. Wilkinson Paul | Terrorism: Motivations and Causes, Commentary No. 53, Canadian Security Intelligence Service, 1996. |
| 91. Xhudo Gus | Macedonia: The trouble from within, terorisam and Political Violence 514, 1993, p.324 |

| | |
|---|---|
| 92. Yonah Alexander | The terorist network, Defense and diplomacy, No.9, September 1986, Washington |
| 93. Zametica John | The Yugoslav conflict, Adelphi Peper No.270, London: Brassey's for IISS,1992 |
| 94. Zanga Louis | Albania and Turkey forge closer ties, RFE/RL 2111, 12. March 1993 |
| 95. | Patterns of Global Terrorism 1994, US Department of State, 1995. |
| 96. | ***Извештај*** што се однесува на *Антитерористичката-борба*, презентиран од Швајцарија на Комитетот на Советот за безбедност, формиран со резолуцијата 1373, Берн, 19. Декември 2001 година |
| 97. | Кривичен Законик на Република Македонија, *Сл. весник на Република Македонија" бр. 37/96-15/21 од 23.07.1996 година* |
| 98. | Хашка конвенција за спречување на незаконски отмици на авиони од 16.12.1970. |
| 99. | Монтреалска конвенција за спречување на незаконски акти насочени против безбедноста во цивилното воздухопловство од 23.9.1971. |
| 100. | Њујоршка конвенција за спречување на злочините против меѓународно заштитените лица од 14.12.1973. |
| 101. | ПЛАТФОРМА на Националниот Комитет за ослободување и одбрана на албанските територии (KKČMTSH) донесена и објавена на интернет на 10. 07. 2001. г,Скопје-Трирана-Приштина |

102. Предлог на Комисијата за борба против тероризмот при Советот за безбедност на Европската Унија: *Предлог за Рамковна одлука на советот за борба против тероризмот*, Документ: 501PC0521

103. Парламентарно Собрание на Советот на Европа: Препорака 1550 (2002) за Борба против тероризмот и почитување на човековите права, http ://stars.coe.fr/ta/ta02/EREC1550.htm

104. Резолуција на генералното собрание на ОН за спречување на меѓународниот тероризам од 18.12.1972.

105. Reality Macedonia: Milosevic cites FBI on al-Qaeda presence in Kosovo, http://realitymacedonia.org.mk/web/news 3/25/2002

106. TACTICAL HANDBOOK FOR OPERATIONS OTHER THAN WAR, Ministri of defence, London, 1998

107. Terrorism, Los Angeles County Sheriff Department, Emergency Operation Bureau, 1996

108. What is Terrorism?, The Economist, The Economist Newspaper Limited, 1996.